Изградениот крак Жидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија-Македонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во Македонија и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во Македонија но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година. Постојниот магистралниот гасовод како и планираниот гасовод кон Косово немаат конфликт со локацијата за бензиска станица.

Нафтовод АМБО - Трасата на планираниот нафтовод АМБО (првичната како и изменетата) минува источно од локацијата и немаат конфликт. Изменетата траса на нафтовод АМБО е усвоена на седница на влада на РМ на 24.05.2004год. а е внесен со годишниот извештај за спроведување на Просторниот план на Република Македонија во 2005год.

Население

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на **населението**.

Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно-временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач - креатор.

Тргнувајќи од определбата дека **популацискатa политика преку систем на мерки и активности** треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се

наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне **оптималзација во користењето на просторот и ресурсите,** хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2002 год. вкупниот број на жители во општината Куманово на чиј простор се наоѓа предметната локација, изнесува 105.484 жители, од кои 37.3% претставува расположива работна сила значаен потенцијал за идниот развој на овој крај.

Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

Урбанизација и систем на населби

Урбанизацијата како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република Македонија.

Услови за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичка планска докукентација за изградба на стовариште за нафтени деривати со придружни објекти на локалитетот кој ги опфаќа КП: 383, 384, 385, 386, 387, 388, 382/1, 382/2; м.в. Шумјак, КО Речица, општина Куманово, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

Ваквите и слични иницијативи на соодветен начин се вградени во основните цели на урбанизацијата и развој и уредување на селските населби, дефинирани во Просторниот план на Република Македонија:

- Сеопфатен, рамномерно територијално распределен развој на целата територија;
- Интензивирање на функционалните врски во доменот на стопанството и услугите помеѓу соседните центри со координирано, заедничко организирање на активностите;
- Создавање услови за непречено вршење на основните човекови активности (функции), обезбедување висок степен на заштита на животната средина и запазување на принципите на одржлив развој.

Просторниот план во делот на населби и систем на населби се залага за премин од квантитативна во квалитативна фаза на урбанизација во која ќе бидат интензивирани позитивните промени во просторно-физичкиот и функционален развој на неселените места и инфраструктурната екипираност на просторот.

Еден од главните индикатори за проекција на идните сообраќајни потреби, како и за утврдувањето на капацитативните можности и димензионирање на патната мрежа е и порастот на парцијалниот степен на моторизацијата.

Ефикасната инфраструктурна опременост на градовите и околните места, **треба да биде фактор за гравитациско влијание и поврзаност со поширокото окружување**.

Домување

Домувањето општо а станбената изградба посебно представува важна компонента на социјалниот и општо-стопанскиот развој, организација и уредување на просторот и подигнување на животниот стандард на населението. Утврдените глобални правци во долгорочниот стопански развој и идната просторна организација треба да влијаат во прв ред на просторно физички диспропорции во областа на домувањето и станбената изградба.

Во тој контекст оваа иницијатива за изработка на ЛУПД за изградба на стовариште за нафтени деривати со придружни објекти на локалитетот кој ги опфаќа КП: 383, 384, 385, 386, 387, 388, 382/1, 382/2; м.в. Шумјак, КО Речица, општина Куманово, е во функција на концептот кој нуди **понуда на квалитетни услуги во функција на стопанскиот развој која се базира на популацијата и станбениот фонд во населбите во непосредна близина.**

Во поглед на заштита треба да се почитува се она што значи стандард кој е зацртан генерално за населбите во најблиска околина

Јавни функции

Организацијата на **јавните функции** е директно поврзана со планирањето и уредувањето на населбите и зависи од типот на населбата, нејзиното место и улога во хиерархијата на населбите и соодветното ниво на централитет. Концепцијата на организација на јавните функции се надополнува и усогласува со промените во политичко-институционалниот систем на државата, како и со новите тенденции на организирање и финансирање на овие дејности. Мотивите , интересите и инвестиционите критериуми на приватните инвеститори, различните фондации ќе бидат значајни за организирање на јавните функции во одделни подрачја.

Локацијата наменета за изградба на стовариште за нафтени деривати со придружни објекти на локалитетот кој ги опфаќа КП: 383, 384, 385, 386, 387, 388, 382/1, 382/2; м.в. Шумјак, КО Речица, општина Куманово, е во функција на развој на стопанските активности и е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции на истата, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Сообраќајна мрежа и комуникациски врски

Комуникациската мрежа на Република Македонија, сочинета од повеќе комуникациски потсистеми, е етаблирана преку системот за сообраќај и врски врз чија основа, помеѓу другото, се темели и организацијата на просторот на државата. Комуникациските системи во Република Македонија, кои се од особено значење за развојот на стопанските активности, се очекува да се подобруваат, унапредуваат и да се развиваат во две насоки на развој на комуникациите:

- екстерното поврзување на државата (стратешки коридори);
- интерното поврзување во државата (регионални и локални потреби).

Основа за *екстерното поврзување* на државата се дефинираните комуникациски коридори согласно меѓународните конвенции и препораки, што воедно се и основа за ориентација кон европските и балканските определби за економски и технолошки комуникации, што е од особено значење за извозот.

Основата за *интерното поврзување* во државата односно планирање и развој на патната мрежа на Р. Македонија се базира на категоризација на патиштата, на стратешки дефинирани меѓународни коридори за патен сообраќај, на досега изградената европска патна мрежа-ТЕМ со " Е" ознака на патиштата , на досега изградената магистрална и регионална патна мрежа, како и на определбите од долгорочната стратегија за развој .

Мрежата на патишта "Е" ознака што ги дефинира меѓународните коридори за патен сообраќај низ Републиката се: Е-65, Е,-75, Е-850, Е-871.

Мрежата на патишта со "Е"ознака што ги дефинира меѓународните коридори, за патен сообрќај низ Република Македонија релевантен за предметниот простор е:

- **Е-75** кој се поклопува со магистралниот пат М-1 : (СР-Табановце-**Куманово**-Велес-Богородица-ГР) - Коридор за патен сообраќај во насока север-југ.

Автопатската и магистрална патна мрежа во Републиката релевантна за предметниот простор е:

- **М-1** (СР-Табановце-**Куманово**-Велес-Богородица-ГР).

Во идната патна мрежа на Р. Македонија, основните патни коридори ќе ги следат веќе традиционалните правци во насока север-југ (коридор 10), односно исток-запад (коридор 8), што се вкрстосуваат во просторот помеѓу градовите: Скопје, Куманово и Велес. На тој начин дел од магистралните патишта во Република Македонија ќе формираат три основни патни коридори, што треба да се изградат со технички и експлоатациони карактеристики компатибилни со системот на европските автопатишта (ТЕМ):

- север-југ: М-1 (Србија - **Куманово** - Велес - Гевгелија - ГР);
- исток-запад: М-2 и М-4 (БГ-Крива Паланка-**Куманово**-Скопје-Тетово-Струга-АЛ и крак Скопје- Србија);
- исток-запад: М-5 (БГ-Делчево-Кочани-Штип-Велес-Прилеп-Битола-Ресен-Охрид-Требеништа-М4 (крак Битола-граница со ГР).

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат регионалните патишта, што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Република Македонија.

Динамиката за реализација на мрежата, што ќе овозможи целосно опслужување на Република Македонија, ќе биде во функција на сообраќајните потреби (очекуваниот обем на сообраќајот), потребите за интеграција во европскиот патен систем, како и економската моќ на државата, а трасите на меѓународните и магистралните патишта, задолжително ќе поминуваат надвор од населените места и се предлага да се решаваат со денивелирано вкрстосување со останатата патна мрежа.

При планирање на локацијата да се почитува заштитна зона на патот, согласно Законот за јавни патишта (Сл.в. на РМ, бр. 84/08, бр. 52/09 и бр. 114/09).

Железнички сообраќај: Концепцијата за развој на **железничкиот систем** базира на потребата за модернизација и проширување на железницата во целина,

како и поврзување на железничката мрежа на Република Македонија со соодветните мрежи на Република Бугарија и Република Албанија.

Железничката мрежа на Република Македонија, во планскиот период, треба да ја сочинуваат: магистрални железнички линии од меѓународен карактер, регионални линии и локални линии.

1. Магистрални железнички линии од меѓународен карактер:

- СР- Табановце-Скопје-Гевгелија-ГР ..... 213,5 км
- СР - Блаце-Скопје ..... 31,7 км
- СР -Кременица-Битола-Велес ..... 145,6 км
- БГ -Крива Паланка-**Куманово** ..... 84,7 км
- АЛ-Струга-Кичево-Скопје ..... 143,0 км

Покрај постојните врски Табановце и Блаце на север, односно Гевгелија и Кременица на југ, ќе се изврши и соодветно поврзување на исток кон Република Бугарија, односно на запад кон Република Албанија, со што ќе се овозможи целосно интегрирање на македонскиот железнички систем со соодветните системи на соседните држави.

Во планскиот период до 2020 год. меѓудругото се очекува развој на интегралниот транспорт, односно техничко-технолошкото доопремување на Македонските железници за извршување на задачите и за вклучување во меѓународниот сообраќај, што е во согласност со стратегијата на развојот на железничкиот сообраќај и со реалните можности на Република Македонија.

Воздушен сообраќај: Воздушните патишта во Република Македонија се интегрален дел од европската мрежа на воздушни коридори со ширина од 10 наутички милји во кои контролирано се одвиваат прелетите над територијата на државата.

Примарната аеродромска мрежа во Република Македонија треба да ја сочинуваат вкупно 4 аеродроми за јавен воздушен сообраќај, и тоа во **Скопје**, Охрид, Струмица и Битола. Аеродромот во Скопје да се оспособи за прием и отпрема на интерконтинен-тални авиони (со продолжување на постојната полетно-слетна патека, или со изградба на нов аеродром на друга локација), аеродромот во Охрид да се реконструира во повисока-II категори-ја, а новите аеродроми што се предвидуваат во Струмица и Битола да бидат со доминантна намена за карго транспорт на стоки.

Реконструкција на скопскиот аеродром, или активирање на локација за изградба на нов аеродром, кој ќе може без ограничување целосно да ги опслужува сите видови на патнички авиони, е определба која ќе произлезе по изработката на Студијата за аеродроми.

Секундарната аеродромска мрежа се предлага да ја сочинуваат сегашните 5 реконструирани и технички доопремени спортски аеродроми и вкупно 15 аеродроми за стопанска авијација, од кои 7 нови. Покрај тоа треба да се уредат и околу 20 терени за дополнителен развој на воздухопловниот спорт и туризам во согласност со меѓународните прописи за ваков вид на аеродроми.

Комуникациски врски

Телефонска мрежа - АД "Македонски Телекомуникации" за своите корисници обезбедува широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни телекомуникациони услуги, јавни говорници.

Телекомуникационите услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената телекомуникациона мрежа со примена на најсовремени технологии.

Телефонските корисници во ова подрачје во телекомуникацискиот сообраќај се приклучени преку телефонската централа во Куманово.

Мобилна телефонија - Кориснички компании за мобилна телефонија во Македонија се Т- Мобиле, ВИП и Оне. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:
  - региони, општини, населени места,
  - подрачја од јавен интерес (културно-историски, спортски, стопански, индустриски, погранични зони и др.)
  - сообраќајна и транспортна инфраструктура
- Изготвување на проекти за развој на ГСМ мрежата согласно постоечката инфраструктура на теренот
- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Локацијата како и целиот овој регион, покриена е со сигнал на тритте компании за мобилна телефонија.

Заштита на животната средина

Од аспект на заштита на животната средина, урбанистичката планска документација се усогласува со Просторниот план на Република Македонија. Врз основа на режимот за заштита, предвиден со Просторниот план, се организира распоред на активности и изградба на објекти, кои ги исполнуваат барањата поставени со одржливиот стопански развој и современиот третман на заштита.

Нарушувањето на природните процеси во животната средина се јавува како последица на нерационалното искористување на природните ресурси и животниот простор, преку: деградирање на почвените површини под дејство на природниот или антропогениот фактор; пренамена на земјоделско земјиште со висока бонитетна класа за непродуктивни или помалку продуктивни цели; примена на застарени производствени технологии во индустријата итн.

Мерките и активностите кои се превземаат во насока на рационално искористување на просторот и заштитата на животната средина, при што се земени во предвид и посебните интереси на просторното уредување и развој се:

- Спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство,
- Организирање и уредување на просторот со цел да се постигне севкупен развој, посебно во однос на:
  - стопанисувањето на земјоделското земјиште, шумите, водите и др.
  - заштитата на природното и создаденото богатство.
- Утврдување на насоката и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја со помош на стручни упатства од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина. Неопходно е да се посвети поголемо внимание на планирањето на инфраструктурните коридори и објекти со приоритетно користење на постојните траси и помалку вредни простори.

Законската регулатива, врз основа на која се уредува областа, од аспект на заштита на животната средина и која е потребно да се примени при изработка на Локалната урбанистичка планска документација е следната:

- Законот за животна средина (Сл.в. на РМ бр.53/05, бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08, бр.83/09 и бр.48/10);
- Закон за заштита на природата (Сл. в. на РМ бр.67/04, бр.14/06, бр.84/07 и бр.35/10);
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Сл.в. на РМ, бр.67/04, бр.92/07 и бр.35/10);
- Закон за управување со отпадот (Сл.в. на РМ бр.68/04, бр.107/07, бр.102/08 и бр.143/08);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл.в. на РМ бр.79/07);
- Закон за водите (Сл.в. на РМ, бр.4/98, и Сл.в. на РМ, бр.87/08, бр.06/09 и бр.161/09);
- Уредба за класификација на водите (Сл.в. на РМ бр.18/99);
- Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води (Сл.в. на РМ бр.18/99);
- Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанијата врз животната средина (Сл.в. на РМ, бр.74/05 и бр.109/09);
- Правилник за стандарди и нормативи за Урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ бр. 78/06, бр.140/07 и бр.12/09) и други законски и подзаконски акти.

Со цел да се обезбеди заштита на животната средина и запазување на поставените стандарди, при изработката на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стовариште за нафтени деривати со придружни објекти, м.в. Шумјак, КО Речица, Општина Куманово потребно е да се има во предвид следното:

- Согласно Законот за животна средина (Сл.в. на РМ бр.53/05, бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08, бр.83/09 и бр.48/10) и Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанијата врз животната средина (Сл.в. на РМ, бр.74/05 и бр.109/09), **треба да се утврди потреба од спроведување на постапка за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.** Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина, ја утврдува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина;
- Согласно Законот за животна средина (Сл.в. на РМ бр.53/05, бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08, бр.83/09 и бр.48/10) и Законот за заштита на природата (Сл. в. на РМ бр.67/04, бр.14/06, бр.84/07 и бр.35/10), правните или физичките лица кои вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват **Елаборат за заштита на животната средина** со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведувањето на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот;

  Надлежноста за одобрување на елаборатот се утврдува согласно Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат,

а за чие одобрување е надлежен градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалникот на општините во градот Скопје (Сл.в. на РМ бр.80/09) и Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборатот а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина (Сл.в. на РМ бр.80/09).

- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот, количината и режимот на површинските и подземните води;
- Да се предвидат соодветни технички зафати за **пречистување на отпадните води** и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена;
- Задолжително **испитување на пречистените отпадни води** пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со граничните вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот, дадени во Уредбата за класификација на водите (Сл.в. на РМ, бр.18/99);
- Имплементација на уреди за **редукција или целосна елиминација на емисиите во атмосферата**, со цел да се зачува квалитетот на амбиентниот воздух;
- Согласно со член 7 од Законот за управување со отпад (Сл.в. на РМ бр.68/04, бр.107/07, бр.102/08 и бр.143/08), создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При **управување со отпадот** по претходно извршената **селекција**, отпадот треба да биде преработен по пат на **рециклирање**, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија;
- После соодветниот третман се препорачува **депонирање на инертните отпадни материи** во постојната депонија;
- Планирање на **современа инфраструктура.**

Концептот на заштита на животната средина се базира на општите и посебни цели и насоки за заштита на посебните природни вредности, меѓу кои при планирање на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стовариште за нафтени деривати со придружни објекти, м.в. Шумјак, КО Речица, Општина Куманово посебно треба да се внимава на следното:

- Заштита, унапредување и адекватно користење на природните предели, амбиентите и пејзажите во просторот во насока на зачувување на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот;
- При изработката на Локалната урбанистичка планска документација да се имплементираат мерки за **заштита на биодиверзитетот**;
- Одржување на крајбрежната вегетација на водотеците во околина на предметната локација со цел заштита од ерозивен нанос.

Потребно е да се потенцира дека создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Заштита на природното наследство

Од областа на **заштита на природата** *(природното наследство и биолошката и пределската разновидност)*, урбанистичката планска документација треба да се усогласи со Просторниот план на Република Македонија на тој начин што, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата.

Особено внимание при заштитата на природата, треба да се обрне на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатабилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
- оптимална заштита на производните природни потенцијали и унапредување на природните блага;
- зачувување на доминантните карактристики на постојната состојба;
- рационална изградба на инфраструктурата;
- концентрација и ограничување на изградбата;
- оптимална изградба на рекреативната инфраструктура;
- правилен избор на соодветна локација.

Според Законот за заштита на природата (Сл. в. на РМ бр.67/04, бр.14/06, бр.84/07 и бр.35/10) и Законот за животна средина (Сл.в. на РМ бр.53/05, бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08, бр.83/09 и бр.48/10) потребно е внесување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот кои треба строго да се почитуваат.

Од Студијата за заштита на природното наследство изработена за потребите на Просторниот План на Република Македонија, во *Општина Куманово* има предложено за заштита природно наследство, но истото е далеку од предметната локација.

Може да констатираме дека во близина на просторот предвиден за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стовариште за нафтени деривати со придружни објекти, м.в. Шумјак, КО Речица, Општина Куманово, нема евидентирано природно наследство.

Доколку при изработката на Локалната урбанистичка планска документација или при уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кои можат да бидат загрозени со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат следните мерки за заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување природното добро или просторниот план за подрачје со специјална намена;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природно вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;

- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;
- Почитување на начелата за заштита на природата е согласно Законот за заштита на природата (Сл. весник на РМ, бр.67/04, бр.14/06, бр.84/07 и бр.35/10).

Заштита на културно-историското наследство

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територија на Р. Македонија, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности, кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.

Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија за економски, општествен и просторен развој, односно стратегијата за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготви **Експертен елаборат за заштита на недвижното културно наследство** во кој е даден Инвентар на недвижно културно наследство од посебно значење.

Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра, што подразбира список на недвижните предмети со утврдено својство споменик на културата, односно на недвижните предмети за кои основано се претпоставува дека имаат споменично својство. Тоа се: археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, безистени, кули, саат кули, турбиња, мавзолеи, конаци, мостови, згради, куќи, стари чаршии, стари градски јадра и други споменици со нивните имиња, локации, блиските населени места, период на настанување и општините во кои се наоѓаат спомениците.

Согласно Законот за заштита културното наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, бр. 115/07), видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменички целини и културни предели.

Значаен дел од недвижното културно наследство (околу 45%), се наоѓа во **руралните населби** и ридско-планинските подрачја, кои се целосно или делумно напуштени, што значително ја усложнува нивната заштита и користење.

На подрачјето кое е предмет на анализа **нема** регистрирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат).

Во **Археолошката карта на Република Македонија,** која ги проучува предисториските и историските слоеви на човечката егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје, КО Речица нема евидентирани арх. локалитети.

Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со чл. 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, бр. 115/07), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести

надлежната институција за заштита на културното наследство во смисла на чл. 129 од Законот.

Со оглед на тоа што процесот на истражување, идентификација и инвентаризација на недвижното културно наследство во својата суштина е континуиран процес, доколку во иднина на анализираното подрачје се утврдат *локалитети со културно наследство*, потребно е во просторните и урбанистичките планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 24/08 - пречистен текст и 91/09 - измена и дополна), задолжително да се утврдат плански мерки за заштита.

Развој на туризмот и организација на туристички простори

Туризмот и угостителството со својата основна функција-прифаќање, сместување и истовремено задоволување на голем број разновидни барања и желби на туристите, влијае како врз вкупната економија и развојот на одредена средина, а исто така има изразено влијание и врз просторот во кој ја обавува дејноста. Туризмот со своето мултиплицирано влијание во процесот на стопанисување, посредно и непосредно, ги вклучува и другите гранки и дејности во вкупната понуда на туристичкиот пазар. Ова, пред сé, се однесува на угостителството, трговијата, сообраќајот, занаетчиството, здравството и на разни други видови услуги. Исто така, преку туризмот се нудат и се продаваат и нематеријални вредности, како што се: разни информации, обичаи, фолклор, забава, спортско-рекреативни активности и слично.

Врз основа на комплексно согледаните природни и создадени услови и ресурси по обем, квалитет, распространетост или уникатност, функционалност, атрактивност и степен на активираност, на територијата на Р. Македонија како посебни целини може да се издвојат следните видови на туристички потенцијали: водените површини, планините, бањите, целините и добрата со природно и културно наследство, транзитните туристички правци, градските населби, ловните подрачја и селата.

Согласно со основните долгорочни цели, концептот и критериумите за развој и организација на туристичката понуда, во Републиката се дефинирани вкупно 10 туристички региони со 54 туристички зони.

Предметната локација припаѓа на Скопско-Кумановски туристички регион со 8 туристички зони и 17 туристички локалитети.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

Заштита од воени разурнувања

Согласно Просторниот план на Република Македонија и согласно Законот за одбрана (Сл.весник на РМ, бр.42/01, бр.05/03, бр.58/06, бр.110/08), Законот за заштита и спасување (Сл.в.на РМ бр.36/04, бр.49/04 и бр. 86/08) и Законот за управување со кризи (Сл.в.на РМ бр.29/05), анализираниот простор за кој што се наменети Условите за планирање се наоѓа во регион на **индиректно загрозени простори од воени дејства.** Тоа се простори ридско- планински и субпланински простори, кои се наоѓаат во непосредна близина на просторите со висок степен на загрозеност (самите не се директно изложени на борбени дејства) или во близина на просторите за формирање слободна територија, поради што се погодни за

принуден и повремен престој на борбените единици, евакуираното население и др. Според тоа во согласност со член 53 од Законот заштита и спасување (Сл.в.на РМ бр.36/04, бр.49/04 и бр.86/08) **задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.** Тоа опфаќа пред се изградба на објекти отпорни на сеизмички дејствија, регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти и заштита и изградба на потребната инфраструктура. За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, задолжително треба да се обезбедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување, обука за примена на средствата за заштита и спасување во за тоа предвидените центри.

Обврската на планирање и изградбата на засолништа заради заштита на населението од воени разурнувања во станбените, стопанските, деловните, јавните и другите видови на градежни објекти е уредено со повеќе закони и подзаконски акти, и тоа:

- Законот за одбрана (Сл.в. на РМ, бр.42/01, бр.05/03, бр.58/06, бр.110/08);
- Законот за заштита и спасување (Сл.в. на РМ бр.36/04, бр.49/04 и бр.86/08);
- Законот за управување со кризи (Сл.в. на РМ, бр. 29/05);
- Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ, бр.24/08);
- Уредба за начинот на изградбата, одржувањето и користењето на засолништата и другите заштитни објекти и определувањето на потребниот број засолнишни места (Сл.в. на РМ, бр.80/05);
- Уредба за спроведување на засолнувањето (Сл.в. на РМ, бр.93/05);
- Уредба за начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот преглед (Сл.в. на РМ, бр.105/05);
- Одлука за утврдување на загрозени зони (Сл.в. на РМ, бр.105/05);
- Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови (Сл.в. на РМ, бр. 78/06) и
- Правилник за стандарди и нормативи за Урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ бр. 78/06, бр.140/07 и бр.12/09).

Заштита од природни катастрофи

Сеизмичките појави-земјотресите се доминантни природни непогоди во Република Македонија, кои можат да имаат катастрофални последици врз човекот и природата.

Присутни се низ вековите, на десет сеизмички жаришта во земјата или во нејзината поблиска и поширока околина. Земјотресите со умерени магнитуди (M<6,0) можат да предизвикаат сериозни разурнувања, бидејќи традиционално градежните објекти, особено во руралните средини, не можат да ги издржат овие земјотреси без значителни оштетувања.

Локацијата за која се наменети Условите за планирање на просторот се наоѓа во **зона од VIII степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.**

Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со примена на соодветни мерки за заштита на создадените вредности (градежна интервенција на носивата конструкција на постојните објекти, заради доведување на отпорност против најсилните земјотреси), односно задолжителна примена на нормативно-

правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Од останатите природни катастофи се и **метеоролошки појави** со карактеристики на елементарни непогоди кои се манифестираат појавата на **град, луњени ветрови и магли**.

Во инвестиционите проекти треба да се разработат мерките за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природните катастрофи.

За успешно функционирање на **заштитата од природни и елементарни катастрофи** во процесот на урбанистичко планирање потребно е да се превземат соодветни мерки за **заштита од пожари**, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случај на пожар.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, локацијата во случај на пожар ќе ја опслужува **противпожарната единица од градот Куманово.**

Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурација на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари.

Заради поуспешна заштита од ваквите појави во урбанистички планови и проекти се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари, кои се однесуваат на:

- изворите за снабдување со вода, капацитетите на водоводна мрежа и водоводните објекти кои обезбедуваат доволно количество вода за гаснење на пожари;
- оддалеченоста меѓу објектите со различна намена и отпорност на пожари на конструкциите внатре во комплексот;
- широчината, носивоста и проточноста на патиштата со кои ќе се овозможи пристап на противпожарни возила до секој објект и нивно маневрирање за време на гаснење на пожарите.

Заштитата од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативен, оперативен, организационен, технички, образовно-воспитен и пропаганден карактер, кои се уредени со Законот за заштита и спасување (Сл.в. на РМ бр.36/04) кој е во согласност со директивите на Европска Унија, како и Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари.

Во идниот развој за **заштита на просторот од поплави и големи води** треба да се почитуваат препораките опишани во делот за водостопанството.

Со цел за поефикасна заштита задолжително е предвидување на современа громобранска инсталација и нејзино континуирано одржување.

Заштита од техничко-технолошки катастрофи

Едно од можните и неопходно потребни превентивни мерки за заштита од **техничко-технолошки катастрофи** е планирањето, кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина. Притоа основните методолошки постапки за планирање и уредување на просторот се:

- оценка на состојбите на природните компоненти на животната средина и степенот на загрозеност од појава на технички катастрофи;
- оценка на оптовареноста на просторот со технолошки системи со одредено ниво на ризик;
- анализа на меѓусебната зависност на природните услови и постојните технолошки системи;
- дефинирање на нивото на постојниот ризик при редовна секојдневна работа на технолошките системи и при појавата на инцидентни случаи;
- процена на загрозеноста на луѓето и материјалните добра;
- утврдување на критериумите за избор на оптимална варијанта на заштита врз основа на проценетиот степен на загрозеност.

Со примена на оваа методолошка постапка може де се очекува остварување на следните основни цели за заштита од техничко-технолошки катастрофи:

- максимално усогласување и користење на просторот од аспект на заштита во рамките на просторните можности;
- вградување на мерките на кои се засновува организацијата на заштита и спасување на човечките животи и материјалните добра од техничко-технолошки катастрофи во определувањето на намената на просторот;
- интегрирање на елементите на загрозеноста во рамките на комплексот на прашањата врзани со заштитата на животната средина.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и поширокаата животна средина постојат три нивоа на преземање на сигурносни, превентивни мерки:

Прво ниво: ги вклучува сите мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси и одбегнување на технолошки катастрофи.

Второ ниво: се однесува на сите мерки кои треба да обезбедат ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии.

Трето ниво: вклучува мерки кои се преземаат за заштита на животната средина во смисол на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи, или последици од пожар и експлозии.

При изработката на плановите од пониско ниво треба да се има предвид следното:

- потребата од оформување на системот на евиденција и анализа на технолошките акциденти, компактибилен на системот MAPC на Европската унија, како база за евиденција на опасни материјали, присутни во технолошките постројки и можни причини на катастрофи;
- потребата од предвидување на превентивни мерки за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки;
- изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

Усогласување на планската документација со Просторниот план

Сите активности во просторот треба **да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата**, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- градежните објекти важни за Државата;
- капацитетите на туристичката понуда;
- стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- капацитетите за користење на природните ресурси.

Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови и проекти се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

- намената и користењето на површините;
- мрежата на инфраструктура;
- мрежата на населби;
- заштитата на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови проекти, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија);

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој;
- Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација;
- Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина;
- Создавање на услови за лоцирање на мали стопански единици.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Економски основи на просторниот развој

- Изградбата на стовариште за нафтени деривати со придружни објекти на локалитетот кој ги опфаќа КП: 383, 384, 385, 386, 387, 388, 382/1, 382/2; м.в. Шумјак, КО Речица во општина Куманово, ќе биде во функција на развој на локалната економија. Според определбите на Просторниот план на Републиката, идниот развој и разместеност на стопанските дејности треба да базира на примена на принципите и стандардите за заштита на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија врз животната и работна средина.

Заштита на шуми и шумско земјиште

- Користењето на шумите има јасно диференцирано место и опис на дејноста во рамките на шумарството, треба да се истакне неговата поврзаност со останатите подсистеми и надсистеми, вон него (законодавство, техника, природа и др.). При користењето на шумите мора да се задоволат глобалните интереси и барања од страна на биолошки (природниот), економски и општествен аспект. Бидејќи користењето и изведувањето на активности во шума и на шумско земјиште е пропишано со закон „ **Закон за шумите**„ Сл.весник на РМ, бр.64 од 22.05.2009 потребно е усогласување и прибавување на соодветна документација од надлежните органи.За изградба на објекти во шума и на шумско земјиште детално е пропишано во законот за шуми член 14 и 16

Водостопанска инфраструктура

- Во функционирањето на стоваришето за нафтени деривати во употреба ќе бидат група на опасни супстанци: петрохемиски течности - сурова нафта, бензин, дизел гориво, гориво за греење и др. токсични супстанци кои можат да предизвикаат загадување на површинските и подземните води. За да се избегне емисија што би можела да влезе директно или индиректно во површинските и подземните води или канализациониот систем, мора да се превземат сите пропишани мерки за спречување и намалување на негативните последици по животната средина.
- При депонирање или отстранување на некоја супстанца или вршење на некоја друга активност кое што би предизвикало испуштање на загадувачки материи во подземните води, претходно мора да се изврши испитување на хидрогеолошките услови на соодветната област и да се предвидат и спроведат сите неопходни технички мерки на претпазливост.
- За зачувувањето на квалитетот на водите, во стоваришето за нафтени деривати потребна е изградба на систем за прифаќање на отпадните води, нивно третирање во пречистителна станица и по доведување на квалитетот на водата до потребниот степен према "Уредба за класификацијана водите" да се испуштат во најблискиот реципиент.

Енергетика и комуникациска инфраструктура

- Предложената локација нема конфликтни точки со постојните и планирани енергетски и комуникациски инфраструктурни водови.

Урбанизација и мрежа на населби

- Изградбата **стовариште за нафтени деривати со придружни објекти** ќе предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на **повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување,** базирано врз принципите на одржлив развој со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

Домување

- ЛУПД за изградба на стовариште за нафтени деривати со придружни објекти на локалитетот кој ги опфаќа КП: 383, 384, 385, 386, 387, 388, 382/1, 382/2; м.в. Шумјак, КО Речица, општина Куманово, е во функција на концептот кој **нуди можност за понуда на квалитетни услуги во функција на стопанскиот развој која се базира на популацијата и станбениот фонд во населбите во непосредна близина ;**
- Во поглед на заштита треба да се почитува се она што значи стандард кој е зацртан генерално за населбите во најблиска околина

Јавни функции

- Локацијата наменета за изградба на стовариште за нафтени деривати со придружни објекти на локалитетот кој ги опфаќа КП: 383, 384, 385, 386, 387, 388, 382/1, 382/2; м.в. Шумјак, КО Речица, општина Куманово, е во функција на развој на стопанските активности и е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции на истата, што значи дека се **исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.**

Сообраќај

- **Наведените показатели ја потврдуваат добрата поставеност на локацијата во однос на сообраќајните правци и текови во Р. Македонија.**
- **При планирање на локацијата да се почитува заштитна зона на патот, согласно Законот за јавни патишта (Сл.в. на РМ, бр. 84/08, бр. 52/09 и бр. 114/09).**

Заштита на животната средина

- Согласно Законот за животна средина (Сл.в. на РМ бр.53/05, бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08, бр.83/09 и бр.48/10) и Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанијата врз животната средина (Сл.в. на РМ, бр.74/05 и бр.109/09), **треба да се утврди потреба од спроведување на постапка за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.** Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина, ја утврдува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
- Согласно Законот за животна средина (Сл.в. на РМ бр.53/05, бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08, бр.83/09 и бр.48/10) и Законот за заштита на природата (Сл. в. на РМ бр.67/04, бр.14/06, бр.84/07 и бр.35/10), правните или

физичките лица кои вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват **Елаборат за заштита на животната средина** со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведувањето на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

Надлежноста за одобрување на елаборатот се утврдува согласно Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалникот на општините во градот Скопје (Сл.в. на РМ бр.80/09) и Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборатот а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина (Сл.в. на РМ бр.80/09).

- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот, количината и режимот на површинските и подземните води.
- Да се предвидат соодветни технички зафати за **пречистување на отпадните води** и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена.
- Задолжително **испитување на пречистените отпадни води** пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со граничните вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот, дадени во Уредбата за класификација на водите (Сл.в. на РМ, бр.18/99).
- Имплементација на уреди за **редукција или целосна елиминација на емисиите во атмосферата**, со цел да се зачува квалитетот на амбиентниот воздух.
- Согласно со член 7 од Законот за управување со отпад (Сл.в. на РМ бр.68/04, бр.107/07, бр.102/08 и бр.143/08), создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При **управување со отпадот** по претходно извршената **селекција**, отпадот треба да биде преработен по пат на **рециклирање**, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија.
Доколку во опфатот се планира изградба на објект/и со елевација над претходно наведената, или изградба/поставување на:

1. Издвоени антенски столбови или столбови поставени на објект со височина поголема од 15м.
2. Оџаци со височина поголема од 30м.
3. Ветерници.

потребно е до Агенцијата за цивилно воздухопловство да доставите проектната документација (пред нејзино усвојување) со барање за издавање на согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, согласно *член 68 став (1) и (2) од Законот за воздухопловство. ("Службен весник на РМ" бр. 48/2020 – пречистен текст).*

За дополнителни информации може да не контактирате на телефон 02/3181-609, секој работен ден од 7.30-15.30 часот.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

Билјана Јованова
(по овластување од Директорот
бр.02-537/1 од 18.05.2022 година)

Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности
НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост

бул. Климент Охридски бр.58 б, Скопје
тел. 02 6090-137
факс 02 6090-437
contact@mer.com.mk
www.mer.com.mk
ЕМБС: 6664903

Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности
НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје
во државна сопственост
Shoqëria Aksionare për veprimtari të ndërmarrjeve energjetike
RESURSET ENERGJETIKE NACIONALE Shkup
në pronësi shtetërore

До:
ВЕКТОР ТТ ДООЕЛ Куманово

Бр.-Nr. 15-2490/2
29.08.2022 год.viti
Скопје-Shkup

Предмет: Одговор на барање

Врска: Барање на податоци и инфомрации, од 23.08.2022 год.

Согласно вашето Барање на податоци и инфомрации, за УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА КЛАСА НА НАМЕНА Г4.5 СКЛАДИШТА , РЕЗЕРВОАРИ И ЦИСТЕРНИ ЗА НАФТА, ТЕЧЕН ГАС И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ , НА КП 382, КП 383, КП 384, КП 385 КО РЕЧИЦА ОПШТИНА КУМАНОВО, од 23.08.2022 година,

НЕР АД Скопје, Ве известува дека на наведениот плански опфат, нема изградено и не е планирано изградба на гасоводна мрежа.

Со почит,

Изработил:
Александар Апостолоски
2143

НЕР АД Скопје
По овластување на директорот,
Раководител на Сектор
за изградба на гасоводен систем

Оливера Костанчева

Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр: 45338
Дата: 26.08.2022

До
Друштво за трговија, градежништво, проектирање и услуги
ВЕКТОР ТТ ДООЕЛ Куманово
Плоштад Маршал Тито 39-1/9 Куманово

Ваше упатување Барање на податоци и информации

Наше контакт лице Перо Ѓорѓески, Елизабета Манева

Телефон +389 70 200 736; +389 70 200 571

Во врска со Известување за планирани и постојни тк инсталации

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци и мислења за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА КЛАСА НА НАМЕНА Г4.5 СКЛАДИШТА , РЕЗЕРВОАРИ И ЦИСТЕРНИ ЗА НАФТА, ТЕЧЕН ГАС И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ , НА КП 382, КП 383, КП 384, КП 385 КО РЕЧИЦА ОПШТИНА КУМАНОВО, Ве известуваме дека во близина на границите на планскиот опфат има постојна МКТ инфраструктура аплицирана на графичкиот прилог.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.

Со почит,

Македонски Телеком АД Скопје

По овластување на

Директор на сектор за пристапни мрежи

Васко Најков



УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА КЛАСА НА НАМЕНИ Г4.5 СКЛАДИШТА, РЕЗЕРВОАРИ И ЦИСТЕРНИ ЗА НАФТА , ТЕЧЕН ГАС И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ НА КП 382 ,КП 383, КП 384, КП 385, КО РЕЧИЦА ОШТИНА КУМАНОВО

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО ГРАНИЦА Н ПРОЕКТЕН ОПФАТ

ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
  Вкупна површина на плански опфат 1.93ха

ЛЕГЕНДА	
	граници на парцели
662.06	кота на терен
	помошни линии
1, 2, 3 . .	снимени детални точки
	Шахти и сливници
	бандери
	плански опфат
	електрична кутија
	хидрант

КООРДИНАТИ НА ПЛАНСКИ ОПФАТ:

	X	Y
T1	7558725.0500	4670243.7100
T2	7558776.0300	4670270.4200
T3	7558856.86	4670044.31
T4	7558893.28	4670042.81
T5	7558876.39	4669983.29
T6	7558845.3600	4669979.7600
T7	7558855.2400	4669929.4900
T8	7558815.9500	4669940.6800
T9	7558805.8000	4669975.2300
T10	7558818.5800	4669975.7600

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

ВЕКТОР ТТ
КУМАНОВО
e-mail: vektor_tt@yahoo.com

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА КЛАСА НА НАМЕНА Г4.5 СКЛАДИШТА , РЕЗЕРВОАРИ И ЦИСТЕРНИ НА НАФТА , ТЕЧЕН ГАС И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ НА КП 382, КП 383, КП 384, КП 385 , КО РЕЧИЦА , ОШТИНА КУМАНОВО

управител дипл. инж. Тришиќ Татјана
планер
дипл. инж. Тришиќ Татјана овластување бр:0.0370
соработници
дипл. инж. Оливера Симовска Нака овластување бр:0.0402
дипл. инж. Тришиќ Наташа

одобрувач: Општина КУМАНОВО

нарачател: ДГТ КВАЛИТЕТ ПРОМ увоз извоз Куманово
ДЕТСИП доо Куманово

прилог :
АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

У

М=1:1000

ТЕХ.БР. 2208-07

ДАТА август 2022

лист бр:3

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-23/5-252 од 31.08.2022
Скопје

Одговорно лице: Цветомир Јованоски

Контакт телефон: 072/ 932-596

Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА КЛАСА НА НАМЕНА Г4.5 СКЛАДИШТА, РЕЗЕРВОАРИ И ЦИСТЕРНИ ЗА НАФТА, ТЕЧЕН ГАС И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ, НА КП 382, КП 383, КП 384, КП 385 КО РЕЧИЦА ОПШТИНА КУМАНОВО,** Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа

☐ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☐ 10(20)kV Подземна мрежа
☐ 10(20)kV Надземна мрежа

☐ 0.4kV Подземна мрежа
☐ 0.4kV Надземна мрежа

☒ Друго Во бараниот опфат, ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ – Скопје, НЕМА електроенергетски објекти и инфраструктура. Во опфатот има електроенергетски објекти и инфраструктура, но тие се приватна сопственост, односно со нив не стопанисува ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ – Скопје.

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

НАПОМЕНА: Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

EVN Group

Датум: 29.08.2022



Република Северна Македонија

Министерство за култура

УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Бр. 08-2299/2
07.09.2022 година
Скопје

ДО
ВЕКТОР ТТ
Плоштад „Маршал Тито“ бр. 39-1/9
1300 Куманово

ПРЕДМЕТ: Доставување податоци и информации
ВРСКА: Ваш бр. од 23.08.2022.

Во врска со вашето барање за добивање на податоци за постоење на културно наследство за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урпанистички план за класа на намена Г4.5 Складишта, резервоари и цистерни за нафта, течен гас и нафтени деривати на КП 382, КП 383, КП 384, КП 385, КО Речица, општина Куманово., Управата за заштита на културното наследство врз основа на доставената и постојната документација констатира дека на подрачјето на предметниот проектен опфат нема заштитени добра, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Доколку во процесот на реализација на проектот бидат откриени објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагменти) од материјалната култура на Р. Македонија, изведувачот е должен веднаш да ги прекине работите и да ја извести Управата за заштита на културното наследство, во смисла на член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија” бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18).

Со почит,

в.д. Директор,
Арјан Асланај

Изработил: И. Ширтовски
Проверил/Одобрил: м-р Б. Јовановска

Управа за заштита на културното наследство
Directorate for Protection of Cultural Heritage

ул. „Павел Шатев “ бр. 3, Скопје; П.Фах 220
contact@uzkn.gov.mk
+389 2 5517 700
www.uzkn.gov.mk

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕЛС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

До

ВЕКТОР ТТ ДООЕЛ

ул. Плоштад Маршал Тито 39-1/9

Куманово

Бр.11-4609/1

30.08.2022

Предмет: Податоци за постојни и планирани електроенергетски објекти

Врз основа на Вашето барање од 23.08.2022 год., предмет креиран на Е-урбанизам на 23.08.2022 година со број на постапка 45338 (наш број 11-4609 од 26.08.2022 година) за податоци и информации потребни за изработка на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за класа на намена Г4.5 складишта, резервоари и цистерни за нафта, течен гас и нафтени деривати на КП 382, КП 383, КП 384, КП 385, КО Речица во Општина Куманово, Ве известуваме дека предметниот плански опфат **НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Изработил: Александар Костевски

Проверил: Јасмина Ставрова

по овластување од Генерален директор
бр.02-10/112 од 06.03.2019 год.
Раководител на Служба за ГИС
и геодетски работи

24 август, 2022 година

Архивски број: 09-313/2
Врска: Акт без број од 23.08.2022 год.

До: ДТГПУ „ВЕКТОР-ТТ" ДООЕЛ увоз-извоз Куманово

Врз основа на член 47 став (1) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20), **Подрачното одделение за заштита и спасување Куманово** издава

Податоци и информации

За: **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за класа на намена Г4.5 складишта, резервоари и цистерни за нафта, течен гас и нафтени деривати, на КП 382, КП 383, КП 384, КП 385 КО Речица, Општина Куманово**

1.На опфатот нема постоечки и/или планирани објекти и инсталации во сопственост и/или користење на Дирекцијата за заштита и спасување. Немаме сознанија за присуство на неексплодирани убојни и други експлозивни средства.

Развојни проекции, предлози и мислења што се неопходни за изработување на урбанистичките планови, согласно член 47 ст. 1 од Закон за урбанистичко планирање:

2.Заштита и спасување од пожари

Опфатот е во селско подрачје, граничи со стопански објекти на исток и запад, а од север и југ со земјен пат. Заштитата на градбите, помеѓу другото, поволно и прописно е да биде и преку:

а) Правилен избор на вградените материјали и применети конструкции

б) Вградување противпожарни пречки (член 54 ст. 1 ал. 4 од Закон за заштита и спасување -Сл.весник на РМ бр. 93/12-Пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18, РСМ 215/21).

в) Вградување соодветна хидрантска мрежа

3.Заштита и спасување од поплави

На околу 400 м источно од опфатот, кон југ, тече Којнарска Река. Теренот е релативно рамен.

4. Заштита и спасување од урнатини

Опфатот се наоѓа во сеизмоген извор-подрачје од **втор ред** (случени земјотреси со М=4,5°-5,7°, односно очекувани земјотреси со јачина од 5,5° до 6,0° по Рихтер, односно 8° по Меркалиј-Канцани-Зиберг), па во склад со овие бројки треба да се предвидат и конкретните мерки за отпорноста на градбите и инсталациите.

Изработил/одобрил: Слаѓан Антевски

РАКОВОДИТЕЛ/UDHËHEQËS
Sokol Asllani

Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение Куманово
Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim
Njësia rajonale Kumanovë

ул. „11-ти Октомври" б.б.1300 Куманово
Република Северна Македонија
Rr. "11 Tetori " pn 1300 Kumanovë
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 31 495 269
www.dzs.gov.mk
kumanovo@dzs.gov.mk

Република Северна Македонија
Општина Куманово
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ

Република Северна Македо
Republika e Maqedonisë së V
Општина Куманово
Komuna e Kumanovës
Бр/Nr: 21-8294/2
Дата/Data: 12.09.2022г.

Улица.11 Октомври бб,
1300, Куманово
Rruga: 11 Tetori, p.n,
1300, Kumanovë
Република Северна Македони
Republika e Maqedonisë së Ver
Контакт/Kontakt
Тел/Tel: +389 31 475 830
e-mail: info@kumanovo.gov.mk
www.kumanovo.gov.mk

До:
ВЕКТОР – ТТ дооел
ул. Плоштад Маршал Тито, бр.39-1/9
1000 Скопје

Предмет: Одговор на барање податоци и информации

Почитувани,
Во врска со Вашето барање бр. 21-8294/1 за доставување на податоци и информации за легализирани објекти по основ на правен статус на бесправно изградени објекти на просторот на плански опфат за изработка на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за класа на намена Г4.5 складишта, резервоари и цистернини за нафта, течен гас и нафтени деривати на КП 382, КП 383, КП 384, КП 385 КО Речица, Општина Куманово .
Ве известуваме дека на дадениот опфат нема легализирани објекти по основ на правен статус на бесправно изгадени објекти.

Со почит,

Подготвил: Ивана Величковска д.г.и. _____

М. П.

Раководител на
Сектор за урбанизам

_____
Емилија Сларидис Јаневска, д.и.а.

Детали за постапка за податоци, информации и мислења

Број на постапката:
45338

Статус:
Кај општини/институции

Наслов

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА КЛАСА НА НАМЕНА Г4.5 СКЛАДИШТА , РЕЗЕРВОАРИ И ЦИСТЕРНИ ЗА НАФТА, ТЕЧЕН ГАС И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ , НА КП 382, КП 383, КП 384, КП 385 КО РЕЧИЦА ОПШТИНА КУМАНОВО

Датум на креирање

23.08.2022

Иницијатор

Друштво за трговија, градежништво, проектирање и услуги ВЕКТОР ТТ ДООЕЛ Куманово

Надлежен орган

/

Документи за барањето

Име на документот	Тип на документ	Креирано од	Креирано на	Опис	Дигитален Потпис	
Odgovor	Податоци и информации	ivana.velichkovska@kumanovo.gov.mk	17.10.2022 09:17:25		Да	
GIS skica_252	Податоци и информации	cvetomir.jovanoski@evn.mk	31.08.2022 13:48:30		Да	
Potvrda_izdavanje_podatoci_252	Податоци и информации	cvetomir.jovanoski@evn.mk	31.08.2022 13:48:25		Да	
АД МЕПСО	Податоци и информации	aleksandark@mepso.com.mk	30.08.2022 13:18:11	податоци. АД МЕПСО	Не	
AEK 1404-2414	Податоци и информации	Haki.Selimi@aec.mk	30.08.2022 11:59:29		Да	
1404-2414-2	Податоци и информации	Haki.Selimi@aec.mk	30.08.2022 11:59:09		Да	
2022.08.29 15-2490-2 VEKTOR odg na baranje br.2143	Податоци и информации	contact@mer.com.mk	29.08.2022 14:34:11	NER AD Skopje	Не	
Odgovor-Telekom	Податоци и информации	Nikolce.Tasevski@telekom.mk	29.08.2022 10:30:29	Допис Македонски Телеком А Д Скопје	Да	
2, Ажурирана геодетска подлога_G4.5 -Telekom postojni	Податоци и информации	Nikolce.Tasevski@telekom.mk	29.08.2022 10:30:20	Податоци Македонски Телеком АД Скопје	Да	
Odgovor -Vektor - G4-5; KP 382; KP 383; i dr	Податоци и информации	Snezhana@vodovod-kumanovo.com.mk	26.08.2022 12:48:24		Да	

← Претходни 1 2 Следни →

Документи за барањето

Име на документот	Тип на документ	Креирано од	Креирано на	Опис	Дигитален Потпис	
ДЗС постапка 45338	Податоци и информации	kumanovo@dzs.gov.mk	26.08.2022 11:27:20		Да	
JP Kumanovo Gas - Odgovor - KO Recica	Податоци и информации	mdavidovska@hotmail.com	25.08.2022 14:05:57		Да	
885 - ПИ 45338 - УПВОУП складишта и цистерни за нафта КП 382... КО Речица, О Куманово - ВЕКТОР	Податоци и информации	bijovanova@caa.gov.mk	23.08.2022 15:25:08	АЦВ	Да	
2, Ажурирана геодетска подлога_G4.5 (2)	Ажурирани геодетски подлоги	vektor_tt@yahoo.com	23.08.2022 14:11:33		Да	
3, Ажурирана геодетска подлога_G4.5 (2)-Model	Ажурирани геодетски подлоги	vektor_tt@yahoo.com	23.08.2022 14:11:26		Да	
1-Baranje na informacii ЈП Водовод	Друг тип на документ	vektor_tt@yahoo.com	23.08.2022 14:11:15		Да	
1-Baranje na informacii UZKN	Друг тип на документ	vektor_tt@yahoo.com	23.08.2022 14:11:05		Да	
1-Baranje na informacii NER, MEPSO , AC V, AEK , EVN, TELEKOM I DR.	Друг тип на документ	vektor_tt@yahoo.com	23.08.2022 14:10:55		Да	
1-Baranje na informacii _ JPDP	Друг тип на документ	vektor_tt@yahoo.com	23.08.2022 14:10:46		Да	
1-Baranje na informacii Opsttina Kumanovo	Друг тип на документ	vektor_tt@yahoo.com	23.08.2022 14:10:38		Да	

Листа на поднесени барања

Поднесување на ново барање:

Одбери тип на барање

Креирај барање

Филтрирање на податоците според:

Број во уписна книга

Период на поднесување:

Тип на Барање: **Детален урбанистички план**, Моментален статус: **Затворено**



Број во уписна книга **21-10086/1**

Тип на категорија **Втора Категорија**

Назив на план **Извод од АУП за Стовариште за нафтени деривати на кп 382, 383, 384, 385 ко Речица Куманово**

Датум на креирање: **13.12.2022** Датум на последна измена: **23.12.2022**

Општина:	**КУМАНОВО,**

Детали | Промени | Потпиши и Поднеси | Печати

Тип на Барање: **Детален урбанистички план**, Моментален статус: **Затворено**



Број во уписна книга **21-10086/1**
Тип на категорија **Втора Категорија**
Назив на план **Извод од АУП за Стовариште за нафтени деривати на кп 382, 383, 384, 385 ко Речица Куманово**
Датум на креирање: **13.12.2022** Датум на последна измена: **23.12.2022**

Општина:	**КУМАНОВО,**

Инвеститор/и

#	Име и презиме / Фирма	Адреса
1.	Квалитет пром Куманово	ул. Никола Тесла бр.160 Куманово

Документи

Поднесени документи | Постапка

+ Извод од ДУП

Документи

#	Документ	Коментар	Датум на прикачување
1.	ЛУПД за градба 382, 383, 384, 385 Речица.pdf	ЛУПД за градба 382, 383, 384, 385 Речица	22.12.2022

Врз основа на член 205 став 1 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/05), а во врска со член 4 став 3 од Законот за спроведување на Просторниот План на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/2004), Министерот за животна средина и просторно планирање, постапувајќи по барањето на Општина Куманово, го донесе следното:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 15-5152/4
16.06. 20 10 год.
СКОПЈЕ

Р Е Ш Е Н И Е
за Услови за планирање на просторот

1.Со ова Решение на Општина Куманово ,се издаваат Услови за планирање на просторот за изработка на **Локална урбанистичка планска документација за за изградба на стовариште за нафтени деривати и придружни објекти на КП 383,384,385,386,387,388,382/1,382/2, м. в. Шумјак, КО Речица, Општина Куманово.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 од ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. Бр.18610** се составен дел на Решението

3 Услови за планирање на просторот за изработка **Локална урбанистичка планска документација за за изградба на стовариште за нафтени деривати и придружни објекти на КП 383,384,385,386,387,388,382/1,382/2, м. в. Шумјак, КО Речица, Општина Куманово**, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат извод од Просторниот план на Република Македонија.

Образложение

Врз основа на член 4 став 3 од Законот за спроведување на Просторниот План на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/2004), Општина Куманово поднесе барање бр 15-5152/1 од 10.05.2010 г. за издавање услови за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичка планска документација за за изградба на стовариште за нафтени деривати и придружни објекти на КП 383,384,385,386,387,388,382/1,382/2, м. в. Шумјак, КО Речица, Општина Куманово.

За изготвување и донесување на овие планови, Министерството за животна средина и просторно планирање во рамките на своите надлежности издава Решение за услови за планирање на просторот.

Согласно член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр.51/05 ,137/07 и 91/09), Агенцијата за планирање на просторот, ги изработи Услови за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичка планска документација за за изградба на стовариште за нафтени деривати и придружни објекти на КП 383,384,385,386,387,388,382/1,382/2, м. в. Шумјак, КО Речица, Општина Куманово,како составен дел на Решението за услови за планирање на просторот.

Услови за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичка планска документација за за изградба на стовариште за нафтени деривати и придружни објекти на КП 383,384,385,386,387,388,382/1,382/2, м. в. Шумјак, КО

Речица, Општина Куманово, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирање на просторот.

Заклучните согледувања дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот План на Република Македонија преставуваат обврзувачки активности во понатамошно планирање на просторот.

Министерството постапувајќи по член 4 став 3 од Законот за спроведување на Просторниот План на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/2004), **оцени да издаде Решение** за услови за планирање на просторот за изработка на **Локална урбанистичка планска документација за за изградба на стовариште за нафтени деривати и придружни објекти на КП 383,384,385,386,387,388,382/1,382/2, м. в. Шумјак, КО Речица, Општина Куманово.**

Врз основа на горе наведеното, а согласно член 205 став 1 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/05), Министерството одлучи како во диспозитивот на Решението.

ПОУКА: Против ова Решение барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото до Комисијата на Влада на Република Македонија, за решавање во управна постапка во втор степен од областа на транспортот и врските и животната средина.

Изработил: Драган Павлоски

Одобрил: Виолета Дракуловска

МИНИСТЕР
Dr. Nexhati Jakupi

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

за изградба на стовариште за нафтени деривати и придружни објекти на КП 383, 384, 385, 386, 387, 388, 382/1, 382/2, м.в. Шумјак, КО Речица, Општина Куманово

На седницата одржана на 11.06.2004 година, Собранието на Република Македонија, го донесе Просторниот план на Р.Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Имајќи ја предвид важноста на Просторниот план, со донесувањето на Планот се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија (Сл. весник бр. 39/04).

Со Законот се уредуваат условите начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот.

Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- **координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот**, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.

Спроведувањето на планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи како и другите развојни програми и сите видови на планови, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, како и со урбанистички планови за населените места и друга документација за планирање и уредување на просторот, предвидена со закон. За изготвување и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава **Решение за Услови за планирање на просторот.**

Условите за планирање на просторот, според овој Закон, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилог или прилози кои ги прикажуваат решенијата на Планот.

Во конкретниот случај Условите за планирање на просторот се изработуваат за **Локална урбанистичка планска документација за изградба на стовариште за нафтени деривати со придружни објекти на локалитетот кој ги опфаќа КП: 383, 384, 385, 386, 387, 388, 382/1, 382/2; м.в. Шумјак, КО Речица, општина Куманово. Локалитетот има површина од 1,9 ха и се наоѓа на земјиште 5 класа.**

Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето во соодветниот плански документ, обработени во Просторниот план на Р. Македонија, а во согласност со истиот.

Основни определби на Просторниот план

Основната стратешка определба на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата, како и **обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји.**

Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира **намалување на регионалните диспропорции**, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура.

Во инвестиционите одлуки, стриктно се почитуваат локационите, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво.

Една од основните цели на Просторниот план се однесува на штедење, рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство и **лоцирање на активности на простори врзани со местото на одгледување или искористување.**

Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Во напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на **унапредувањето и заштитата на животната средина.** Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

Местоположба на локацијата и ружа на ветрови



Природни и климатски карактеристики

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата а без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, рељефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

Услови за планирање на просторот за изработка на ЛУПД за изградба на стовариште за нафтени деривати со придружни објекти на локалитетот кој се наоѓа источно од населено место Речица место викано Шумјак, КО Речица, општина Куманово на надморска височина од 367м.

Клима - Подрачјето на регионот се карактеризира со умерено континентална клима, со модифицирани летни температури условени од северните континентални влијанија и со распоред на поголеми врнежи преку зимскиот период, како резултат од медитеранскиот плувиометриски режим.

Просечната годишна температура на воздухот е 11.7^{0}C. Годишната амплитуда на температурата изнесува 22,2^{0}C. Максималната просечна годишна температура е 17.6^{0}C, а минималната е 6.1^{0}C. Разликата помеѓу апсолутно максималната (39,5^{0}C) и апсолутно минималната (-23,1^0 C) изнесува 62,6^{0}C. Во овој простор има интензивна инсолација со времетраење од 2204 часа сончев сјај годишно или 6.3 часа дневно. Бројот на ведри денови е 102 дена, облачни има 161 ден и тмурни 101 ден.

Релативната влажност на воздухот просечно годишно изнесува 72%. Најголема влажност има во декември и јануари од 85%, февруари 83%, а најмала влажност во јули и август по 60%. Како резултат на ниските темературни во регионот должината на мразниот период изнесува 166 дена просечно годишно и има 20 дена со снег и 38 дена со град, а доста се чести појави на магла особено во зимските месеци. Просечно годишно се магловити 30 дена. Поројните дождови се појавуваат просечно 6,7 дена во годината. Според врнежите (дожд, снег и град) подрачјето е со релативно мали временски нееднакво распределени врнежи. Тие вариратат како по годишните сезони, така и од година во година. Просечно годишно врнежите изнесуваат 506,8 мм., со максимум во мај (68,9мм.) ноември (53,6мм.) и јуни (52,3 мм.) и минимум во август (26,6мм.), јануари (32,6мм.) и февруари (32,9мм.).

Според воздушните струења овој простор припаѓа во релативно ветровити подрачја, бидејќи просечно годишниот број на тишините изнесува 306‰ (најмали во Р.Македонија). Доминантен е северниот ветер кој дува преку цела година со просечна честина од 331‰ и просечна брзина од 3.2 м/сек. Најголема честина има во јуни, јули и јануари. Изразити по честина се северозападниот 105‰, југозападниот 69‰, јужниот ветер 68‰, североисточниот 58‰, југоисточниот 43‰, западниот со честина од 13‰ и источниот ветар со честина од 7‰.

Економски основи на просторниот развој

Концептот на планиран стопански развој утврден со Просторниот план на Република Македонија ќе се реализира со изработка на просторни и урбанистички планови од регионално и локално ниво кои ќе се темелат на основните услови и претпоставки за остварување на целите и определбите поставени во областа на развојот и разместеноста на стопанските дејности.

Стопанството на Републиката, а следователно и стопанството на поодделните општини, со оглед на ограничената сопствена акумулација, потребата за поинтензивен стопански развој и менување на неповолната стопанска структура и натаму ќе биде упатено на користење на дополнителна акумулација од странство.

Во инвестиционите одлуки за **материјалното производство, стриктно треба да се почитуваат локационите**, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво.

Основната стратегија во организацијата и користењето на просторот, во смисла на поддршка на развојот на стопанството, ја сочинуваат такви решенија во просторот кои овозможуваат: поголема атрактивност на просторот; заштита на природните и создадените ресурси и богатства; сообраќајно, информатичко и управувачко поврзување; развој на информационен систем за просторот и животната средина и локациона флексибилност во донесување на инвестиционите одлуки.

Основа на идниот развој и разместеност на стопанските активности во просторот на Република Македонија се дефинираните цели на економскиот развој во "Националната стратегија на економскиот развој", определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот и поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на стопанството.

Со развојот на стопанството и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-**полови на развојот**, како што е градот Скопје со силно гравитационо влијание врз просторот каде што припаѓа локацијата за која се наменети Условите за планирање за изградба на станица за снабдување со течни горива и течен нафтен гас со пропратни објекти.

Половите на развој ги формираат оските на развојот кои во минатото се формирале во зависност од географските карактеристики на просторите, т.е. според релјефот, теченијата на реките и слично. Во денешно време позначајни станаа деловните односи, меѓучовечките комуникации, географските белези, како и изградените инфраструктурни системи и стопански капацитети.

Со Просторниот план на Р. Македонија дефинирани се пет оски на развој од кои релевантни за општината Куманово на чиј простор се наоѓа локацијата за која се наменети Условите за планирање се три: "Источната", "Северата" и оската"Север-Југ".

Развојна оска "Север-Југ" минува по средината на територијата на земјата. Таа го следи од Скопје на југ течението на реката Вардар. Формирана е историски во текот на целиот XX век, па и порано, а на југ, преку границата стигнува до Солун. По Првата светска војна таа продолжи и на север, па се спои со оската по течението на реката Морава. Денес, на територијата на земјата ги поврзува градовите: **Куманово** - Скопје - Велес - Неготино (и Кавадарци) - Демир Капија - Валандово - Гевгелија. На север од Скопје има и еден крак до Приштина. Какви промени и да се случат, во наредните децении оваа оска ќе остане главна.

"Северната оска" се формирала по Втората светска војна до денес, во северниот и западниот дел на државата ги поврзува градовите: Струга - Охрид - Кичево- Гостивар- Тетово- Скопје- **Куманово**- Крива Паланка. Оваа оска продолжува на исток кон Ќустендил-Р. Бугарија и на запад кон Елбасан-Р. Албанија.

"Источната развојна оска" има добри изгледи да се оформи во источниот дел од Р. Македонија поврзувајќи ги градовите: **Куманово**-Свети Николе-Штип-Радовиш и Струмица. На север еден крак оди кон Р. Србија и Црна Гора, а од Струмица, еден крак води до Петрич во Р. Бугарија. **Во сегашно време оваа оска е со слаб интензитет, но развојот ќе го зголемува нејзиното значење.**

Изградбата на стовариште за нафтени деривати со придружни објекти на локалитетот кој ги опфаќа КП: 383, 384, 385, 386, 387, 388, 382/1, 382/2; м.в. Шумјак, КО Речица во општина Куманово, ќе биде во функција на развој на локалната економија. Според определбите на Просторниот план на Републиката, идниот развој и разместеност на стопанските дејности треба да базира на примена на принципите и стандардите за заштита на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија врз животната и работна средина.

Шуми и шумско земјиште

За успешен развој и унапредување на шумите и шумското земјиште како и за подобрување на стопанско-производните, економските, општо корисните и заштитни функции на шумата потребно е усогласување со планскиот концепт на просторниот план на **Р.Македонија** кој е насочен кон задоволување и остварување на целите:

- За трајно сочувување и унапредување на површините под шума како и зголемување на квалитетот на шумите, преведување на нискостеблените во високостеблени, реконструкција на деградираните шуми со што ќе се обезбеди зголемен прираст, подобрување на животната средина, за туристичко-рекреативни цели и др.
- Пошумување на терените каде постои и друга економска оправданост и итност (регулирање на водниот режим, ерозивни подрачја, заштита на населби, патишта, војни, комунални и други објекти, хигиенски и санитарни функции и сл.);
- Почитување на правната регулатива и нејзиното доследно спроведување за да се спречат бесправните сечи и други штетни активности во шумарството;

Иако користењето на шумите има јасно диференцирано место и опис на дејноста во рамките на шумарството, треба да се истакне неговата поврзаност со останатите подсистеми и надсистеми, вон него (законодавство, техника, природа и др.). При користењето на шумите мора да се задоволат глобалните интереси и барања од страна на биолошки (природниот), економски и општествен аспект. Со оглед на големото значење на интересите и целите за унапредување и заштита на шумите,а во интерес на економските, еколошките и социјалните функции на шумата, неминовно е активна и перманентна заштита на шумите, кои како приоритетни мерки ќе ги наброиме:

- ригорозно спроведување на законските прописи од областа на заштита на шумите од пожари
- подигање на зелени појаси со пирофитни растенија во склоп на четинарските монокултури
- одржување на просеките во шума, покрај железничките пруги, банкините покрај патишта, далноводи;
- пополнување на минимална противпожарна опрема;

Водни ресурси и водостопанска инфраструктура

Со цел да се согледаат **расположивите водни ресурси** согласно Просторниот план на Република Македонија, територијата на Републиката во трите основни сливови на реките Вардар, Струмица и Црн Дрим е поделена на 15 водостопански подрачја. (ВП): ВП "Полог", "Скопје", "Треска", "Пчиња", "Среден Вардар", "Горна Брегалница", "Средна и Долна Брегалница", "Пелагонија", "Средна и Долна Црна", "Долен Вардар", "Дојран", "Струмичко Радовишки", "Преспа", "Охридско - Струшко"и "Дебар".

Просторот на кој се предвидува изградба на стовариште за нафтени деривати со придружни објекти на м.в. Шумјак, КО Речица, општина Куманово, припаѓа на водостопанското подрачје "Пчиња" кое го опфаќа сливот на реката Пчиња од влезот од Р.Србија во Р. Македонија до вливот во река Вардар.

За подмирување на потребите од вода најзначајни се површинските води како најраспостранети, најблиски до местата на човековата активност и незаменлив ресурс кој обезбедува живот и развој на екосистемот.

Друг значаен ресурс на води се подземните води - аквифери формирани главно во котлините и нивната издашност зависи од климатските, морфолошките и хидрогеолошките карактеристики на просторот. Овие води поради високиот квалитет, со кој најчесто се одликуваат, може да имаат големо значење за покривање на потребите од вода, но потребни се дополнителни истражувања за нивниот квантитет и квалитет. Како посебен вид на подземни води се издвоени наоѓалиштата со термални, термоминерални и минерални води од кои во регионот на В.П "Пчиња" со значаен квалитет и капацитет се забележани на просторот Куманово - Кратово.

Во Републиката се регистрирани вкупно 4.414 извори од кои со издашност над 100 л/сек регистрирани се 58. Во ВП "Пчиња" регистрирани се 614 извори, но ни еден не е регистриран како извор со значајна издашност.

Согласно Просторниот план на Република Македонија и долгорочните планирања, основна цел во развојот на водостопанството е обезбедување на доволна количина на квалитетна вода, првенствено за водоснабдување на населението и прехранбената индустрија, а потоа за сите други дејности кои произлегуваат од сегашниот и планираниот развој на просторот.

Бидејќи изворниците на вода и водостопанските системи во однос на другите системи имаат построги барања во поглед на развојот и заштитата, при изградбата на стоваришето за нафтени деривати со цел да се заштити и задржи квалитетот на водите треба да се запазат основните принципи за користење на водите и нивна заштита:

- Оформување и одржување на заштитни зони околу сегашните и идните изворници за водоснабдување според стандардите за ваков вид на ресурси (доколку се користи самостоен изворник за водоснабдување);
- Синхронизирана изградба на водостопанските објекти со кои се овозможува повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода;

Долгорочното решавање на обезбеденост со вода и користењето на водите и заштита на водите, треба да се одвива во насока на:

- Намалување на загубите на вода со рационално користење на водата и модернизација на системот за водоснабдување;

- Спречување одделни парцијални решенија кои ќе го отежнуваат или оневозможуваат идниот развој на комплексни позитивни водостопански решенија;
- Доколку при обезбедувањето на потребните количини на вода за водоснабдување на стоваришето се користат подземни води динамиката на користењето мора да биде усогласена со барањето на долгорочна експлоатација, без влошување на квалитетот. Не се дозволува прекумерна експлоатација на подземните води поради кое би дошло до пореметување на нивниот режим.

Еден од основните приоритети во заштитата на животната средина е заштитата на површинските и подземните води. За таа цел потребна е изградба на **канализациони системи** за прифаќање на отпадните води, нивно доведување до пречистителна станица и испуштање во најблискиот реципиент по доведување на квалитетот на вода до потребниот степен. При изградбата на стоваришето треба да се почитува:

- Проектирањето и изведувањето на канализационата мрежа да се врши по важечки прописи и стандарди;
- Принципот на заштита на квалитетот на водите на самите извориште на загадување. Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот треба да бидат подложени на третман на пречистување, односно да бидат доведени до квалитет према "Уредба за класификација на водите"

Во функционирањето на стоваришето за нафтени деривати во употреба ќе бидат група на опасни супстанци: петрохемиски течности - сурова нафта, бензин, дизел гориво, гориво за греење и др. токсични супстанци кои можат да предизвикаат загадување на површинските и подземните води. За да се избегне емисија што би можела да влезе директно или индиректно во површински води, подземни води или канализациониот систем, мора да се превземат сите пропишани мерки за спречување и намалување на негативните последици по животната средина.

При депонирање или отстранување на некоја супстанца или вршење на некоја друга активност кое што би предизвикало испуштање на загадувачки материи во подземните води, претходно мора да се изврши испитување на хидрогеолошките услови на соодветната област и да се предвидат и спроведат сите неопходни технички мерки на претпазливост.

Енергетски извори и енергетска инфраструктура

Од аспект на **енергетиката и енергетската инфраструктура** со Просторниот план на Р.Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Македонија. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство. За урамнотежување на потрошувачката и преносот на електричната енергија во сите делови на Македонија се планира подобрување на квалитетот и доверливоста на работата на електропреносната мрежа.

Размената на електрична енергија помеѓу балканските електроенергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значајен фактор за натамошниот развој. Ел.енергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективните водови кои што нема да преставуваат тесно грло

во трансмисијата на потребните количини на електрична моќност. Македонија досега има 400kV конективни врски, кои што се најсоодветни за размена на големи количини на електрична енергија, со Грција (кон Солун и Лерин), Косово (Косово-Б) и Бугарија (кон Црвена Могила) а во план е градбата на водови кон Србија и Албанија. Коридорот на планираниот вод кон Србија (Ниш) минува на исток од локацијата за бензиска станица.

Трафостаницата Куманово-2 110/20kV и припадните водови се на растојание 4км на југ и нема конфликт со предложената локација. Со Просторниот план на РМакедонија се планира градба на нова 110kV трафостаница во овој регион ТСКуманово-3, која нема да има конфликт со локацијата за бензиоска станица.

Гасоводен систем - Природниот гас, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во Македонија. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, представува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, заради што аерозагадувањето е сведено на минумум.

Изградениот крак Жидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија-Македонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во Македонија и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во Македонија но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година. Постојниот магистралниот гасовод како и планираниот гасовод кон Косово немаат конфликт со локацијата за бензиска станица.

Нафтовод АМБО - Трасата на планираниот нафтовод АМБО (првичната како и изменетата) минува источно од локацијата и немаат конфликт. Изменетата траса на нафтовод АМБО е усвоена на седница на влада на РМ на 24.05.2004год. а е внесен со годишниот извештај за спроведување на Просторниот план на Република Македонија во 2005год.

Население

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на **населението**.

Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно-временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач - креатор.

Тргнувајќи од определбата дека **популацискатa политика преку систем на мерки и активности** треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се

наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне **оптималзација во користењето на просторот и ресурсите,** хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2002 год. вкупниот број на жители во општината Куманово на чиј простор се наоѓа предметната локација, изнесува 105.484 жители, од кои 37.3% претставува расположива работна сила значаен потенцијал за идниот развој на овој крај.

Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

Урбанизација и систем на населби

Урбанизацијата како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република Македонија.

Услови за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичка планска докукентација за изградба на стовариште за нафтени деривати со придружни објекти на локалитетот кој ги опфаќа КП: 383, 384, 385, 386, 387, 388, 382/1, 382/2; м.в. Шумјак, КО Речица, општина Куманово, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

Ваквите и слични иницијативи на соодветен начин се вградени во основните цели на урбанизацијата и развој и уредување на селските населби, дефинирани во Просторниот план на Република Македонија:

- Сеопфатен, рамномерно територијално распределен развој на целата територија;
- Интензивирање на функционалните врски во доменот на стопанството и услугите помеѓу соседните центри со координирано, заедничко организирање на активностите;
- Создавање услови за непречено вршење на основните човекови активности (функции), обезбедување висок степен на заштита на животната средина и запазување на принципите на одржлив развој.

Просторниот план во делот на населби и систем на населби се залага за премин од квантитативна во квалитативна фаза на урбанизација во која ќе бидат интензивирани позитивните промени во просторно-физичкиот и функционален развој на неселените места и инфраструктурната екипираност на просторот.

Еден од главните индикатори за проекција на идните сообраќајни потреби, како и за утврдувањето на капацитативните можности и димензионирање на патната мрежа е и порастот на парцијалниот степен на моторизацијата.

Ефикасната инфраструктурна опременост на градовите и околните места, **треба да биде фактор за гравитациско влијание и поврзаност со поширокото окружување**.

Домување

Домувањето општо а станбената изградба посебно представува важна компонента на социјалниот и општо-стопанскиот развој, организација и уредување на просторот и подигнување на животниот стандард на населението. Утврдените глобални правци во долгорочниот стопански развој и идната просторна организација треба да влијаат во прв ред на просторно физички диспропорции во областа на домувањето и станбената изградба.

ЛУПД: **за изградба на стовариште на нафтени деривати и придружни објекти на КП 383, 384, 385, 386, 387, 388, 382/1 и 382/2, МВ Шумјак, КО Речица, Општина Куманово**
Решение бр. 21-уп1-192 од 23.05.2012г.
Намена на градба: **Е3 - некомпатибилна инфраструктура - - резервоари за деривати**
К.П. 383, 384, 385, 386, 387, 388, 382/1 и 382/2
Ул/МВ.: „Шумјак" К.О. Речица
ДЛ: 1 М 1:1000

ИЗВОД за ГП 1 на КП 383, 384, 385, 386, 387, 388, 382/1 и 382/2 КО Речица од ЛУПД за изградба на стовариште на нафтени деривати и придружни објекти на КП 383, 384, 385, 386, 387, 388, 382/1 и 382/2, МВ Шумјак, КО Речица, Општина Куманово

1. ГРАФИЧКИ ДЕЛ

- Копија од „Синтезен план"
  - Табела со урбанистички параметри на ГП 1

Бр. на ГП	Класа на намена	Површина на парцела ($м^2$)	Утврдена површина за градење ($м^2$)	Макс. површина за изградба во утврдениот простор за градење ($м^2$)	Вкупна изградена површина на сите катови ($м^2$)	Макс. висина на објект до венец (м)	Катност на објект	Процент на изграденост (%)	Коеф. на искористеност
ГП 1	Е3 – стовариште за нафтени деривати и придружни објекти	19285.5	14022.78	13499.85	40499.55	20	Ќе се дефинира со АУП	70	2.1

***Потребен број на места за паркирање ќе се дефинира согласно член 55 до 64 од Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ" бр. 142/10, 64/11 и 98/11)**

2. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

- Планска документација

3. ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ

- ЈП Водовод:/
- ЕВН Македонија КЕЦ Куманово:/
- ЈП Куманово ГАС:/

Изготвил:
Никола Петрушевиќ, м.и.а.

М.П.

ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ ОД ОПШТИНАТА
Емилија Сларидис Јаневска, д.и.а.



БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

- ПОВРШИНА НА ОПФАТ: 19714.4м²
- ПОВРШИНА ПОД ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА: 19285.5м²
- УТВРДЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ : 14022.78м²
- ВКУПНА ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА : 40499.55м²
- БРОЈ НА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ : 1

Е3 Некомпатибилна инфраструктура - Резервоари за деривати

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Број на градежна парцела	Група на класа на намена	Основна класа на намена	Поединечна Намена	Површина на парцела м²	Утврдена површина за градење м²	Максимална повр. за изградба во утврдениот простор за градење м²	Вкупна изградена површина на сите катови м²	Максимална висина на хоризонтален венец на кров	Катност	Процент на изграденост %	Коефициент на искористеност (К)	ПАРКИРАЊЕ
ГП1	Е	Е3,	Стоваришта за нафтени деривати и придружни објекти	19285.5м²	14022.78м²	13499.85м²	40499.55м²	20 м	Ќе се дефинира со АУП	70	2,1	Ќе се деф. според член 55 до 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр: 142/10, 64/11 и 98/11)

КООРДИНАТИ НА ПЛАНСКИ ОПФАТ :		
T1	558773.6301	670274.2610
T2	558722.7200	670247.6447
T3	558725.8350	670240.3900
T4	558729.8680	670229.9890
T5	558749.3696	670178.2522
T6	558775.9813	670107.6529
T7	558785.3870	670082.7000
T8	558797.1263	670044.9565
T9	558818.0460	669975.6740
T10	558805.6370	669975.0530
T11	558809.1780	669966.1380
T12	558817.2275	669935.9133
T13	558837.8043	669928.7065
T14	558855.7240	669924.7520
T15	558845.0550	669979.5160
T16	558875 9350	669983.0080
T17	558860.2530	670016.8100
T18	558893.3210	670042.9970
T19	558873.6770	670043.7270
T20	558856.7130	670044.2680
T21	558851.5889	670058.6450
T22	558839.8950	670091.3820
T23	558791.7400	670229.4950
T24	558787.9390	670240.7110



Характеристичен Пресек 1-1, М=1:250
Индустриска улица



Характеристичен Пресек 2-2, М=1:250
Индустриска улица

ЛОКАЛНА У
ЗА ИЗГРАДБ

КП 383,38
К(

КЛАСА НА Н

С Решение

ЛЕГЕНДА



ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА СТОВАРИШТЕ ЗА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ И ПРИДРУЖНИ ОБЈЕКТИ

КП 383,384,385,386,387,388,382/1,382/2 М.В. ШУМЈАК КО РЕЧИЦА ОПШТИНА КУМАНОВВО

СИНТЕЗЕН ПЛАН

- Планска документација-

КЛАСА НА НАМЕНИ:

Е - ИНФРАСТРУКТУРА
Е1- Комунална инфраструктура - Сообра ќајници

Е - ИНФРАСТРУКТУРА
Е3 - НЕКОМПАТИБИЛНА ИНФРАСТРУКТУРА - Резервоари за деривати

Со Решение на Градоначалникот бр. УП1-21-192 од 23.05.2012

ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
Вкупна површина на плански опфат 1,971ха

РЛ - РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА

ГГП - ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

ГЛ - ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

ЕЛЕМЕНТИ НА УЛИЧНА МРЕЖА

ОСОВИНА НА УЛИЦА

359.31 Проектирани висински коти

2,5% Пад на пат

Електричен надземен 10кв вод

Телефонски подземен ТФ канализација



0

ТАТЈАНА ТРИШИЌ
дипл.инж.арх.
Овластен планер 0370

СИНТЕЗЕН ПЛАН

ВЕКТОР ТТ КУМАНОВО e-mail: vektor_tt@yahoo.com	ЛУПД ЗА ИЗГРАДБА СТОВАРИШТЕ НА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ И ПРИДРУЖНИ ОБЈЕКТИ НА КП 383,384, 385, 386, 387, 388, 382/1, 382/2 М.В. ШУМЈАК КО РЕЧИЦА ОПШТИНА КУМАНОВО		
управител диа Тришиќ Татјана	доверувач: Општина Куманово		У
планер диа Тришиќ Татјана овластување бр:0.0370	инвеститор: КВАЛИТЕТ ПРОМ КУМАНОВО		
	прилог: СИНТЕЗЕН ПЛАН		
соработници диа Горгиев Иво овластување бр:0.0101 диа Цветковска Маријана диа Костадиновиќ Тања	размер М=1:1000	ТЕХ.БР. 12/У-11	ЛИСТ 6
		ДАТА МАРТ 2012	

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. ВОВЕД

Планскиот опфат претставува Локална урбанистичка планска документација изградба на Стовариште на нафтени деривати и придружни објекти и заради формирање на градежна парцела, потребно е да се изработи: Локална урбанистичка планска документација за изградба на стовариште на нафтени деривати и придружни објекти на КП бр. 383, 384,385,386,387,388,382/1 и 382/2 м.в. "Шумјак ", КО Речица , општина Куманово, со површина на плански опфат од 1,971ха. а основа за негова изработка е Планска програма заверена од Општина Куманово.

Изработката на оваа Локална урбанистичка планска документација е по иницијатива на заинтересирано правно лице.

Основа за изработка е и Просторниот план на Република Македонија, односно Условите за планирање со тех. бр: 18610, Решението за услови за планирање бр. 15-5152/4 од 16.06.2010, Ажурираната геодетска подлога, сите податоции и информации од надлежните институции и анализа на теренот на лице место од страна на стручни лица.

Географската положба, сообраќајната поврзаност како и близината на други инфраструктурни коридори и системи, одат во прилог на идејата за изградба на изградба на Стовариште на нафтени деривати и придружни објекти и заради формирање на градежна парцела, потребно е да се изработи: Локална урбанистичка планска документација за изградба на стовариште на нафтени деривати и придружни објекти на КП бр. 383, 384,385,386,387,388,382/1 и 382/2 м.в. "Шумјак ", КО Речица , општина Куманово, со површина на плански опфат од 1,971ха.

ЦЕЛИ

Локалната урбанистичка планска документација изградба на Стовариште на нафтени деривати и придружни објекти и заради формирање на градежна парцела, потребно е да се изработи: Локална урбанистичка планска документација за изградба на стовариште на нафтени деривати и придружни објекти на КП бр. 383, 384,385,386,387,388,382/1 и 382/2 м.в. "Шумјак ", КО Речица , општина Куманово, со површина на плански опфат од 1,971ха. кој е основен развоен документ, преку достигнување на следните цели:

- рационално користење на земјиштето во границите на формираниот плански опфат
- максимално вклопување на објектите и инфраструктурата со теренот
- оформување препознатлива амбиентална целина
- почитување и заштита на правото на човекот на работа
- оформување културен пејсаж
- вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето
- непречено движење на хендикепираните лица
- вградување на мерки за заштита на културното наследство, природата и животната средина и мерки за заштита и спасување
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето и законските прописи за дадената намена

има крајна цел да ги даде општите и посебните параметри за спроведување на планот и насоките за изработка на Архитектонско- урбанистички проект на градбата и да ги

даде општите и посебните параметри за изработка на основни проекти за градбите на инфраструктурата.

Опфатот на Локалната урбанистичка планска изградба на Стовариште на нафтени деривати и придружни објекти и заради формирање на градежна парцела, потребно е да се изработи: Локална урбанистичка планска документација за изградба на стовариште на нафтени деривати и придружни објекти на КП бр. 383, 384,385,386,387,388,382/1 и 382/2 м.в. "Шумјак ", КО Речица , општина Куманово, е со површина на плански опфат од 1,971ха.

2. МЕТОДОЛОГИЈА

Основа за изработка на Локалната урбанистичка планска документација изградба на Стовариште на нафтени деривати и придружни објекти и заради формирање на градежна парцела, потребно е да се изработи: Локална урбанистичка планска документација за изградба на стовариште на нафтени деривати и придружни објекти на КП бр. 383, 384,385,386,387,388,382/1 и 382/2 м.в. "Шумјак ", КО Речица , општина Куманово, со површина на плански опфат од 1,971ха. е Стратегијата за одржлив развој (Агенда 21), Условите за планирање произлезени од Просторниот План на Р.М. (тех. бр: 07111), Планската програма одобрена од страна на Градоначалникот на општина Куманово и Ажурираната подлога, како и законите кој го допираат планскиот опфат и намената на просторот.

Документационата основа, која е прилог кон оваа Локална урбанистичка планска документација, е базниот аналитичко - плански документ врз кој е изработена.

Локалната урбанистичка планска документација е изработен врз основа на методологијата, која произлегува од одредбите утврдени со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11 или пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 60/11 и 53/11) и подзаконските акти што произлегуваат од него, Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обрабока на урбанистичките планови (Сл. Весник на РМ бр. 78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/10, 64/11 и 98/11), како и со почитување и на други закони кои го зафаќа планирањето, а согласно намента.

3. ВИД НА ПЛАН, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ПЛАНСКИ ПЕРИОД

Планската документација претставува Локалната урбанистичка планска документација за изградба на Стовариште на нафтени деривати и придружни објекти и заради формирање на градежна парцела, потребно е да се изработи: Локална урбанистичка планска документација за изградба на стовариште на нафтени деривати и придружни објекти на КП бр. 383, 384,385,386,387,388,382/1 и 382/2 м.в. "Шумјак ", КО Речица , општина Куманово, која се изработува врз основа на Член 50-а, од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11 или пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 60/11 и 53/11) со содржина од Член 11 од истиот закон и согласно Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл.в. на РМ бр: 78/06), како и согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ бр. 142/10, 64/11 и 98/11), како и другата законска регулатива што го допира планирањето.

4. ГЕОГРАФСКА И ГЕОДЕТСКА МЕСТОПОЛОЖБА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Планскиот опфат лежи на територијата која како крајни точки ги има следните координати:

	X	Y
T1	558773,6301	670274,2610
T2	558722,7200	670247,6447
T3	558725,8350	670240,3900
T4	558729,8680	670229,9890
T5	558749,3696	670178,2522
T6	558775,9813	670107,6529
T7	558785,3870	670082,7000
T8	558797,1263	670044,9565
T9	558818,0460	669975,6740
T10	558805,6370	669975,0530
T11	558809,1780	669966,1380
T12	558817,2275	669935,9133
T13	558837,8043	669928,7065
T14	558855,7240	669924,7520
T15	558845,0550	669979,5160
T16	558875,9350	669983,0080
T17	558860,2530	670016,8100
T18	558893,3210	670042,9970
T19	558873,6770	670043,7270
T20	558856,7130	670044,2680
T21	558851,5889	670058,6450
T22	558839,8950	670091,3820
T23	558791,7400	670229,4950
T24	558787,9390	670240,7110

Границата на планскиот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, означени со редни броеви од 1 до 24, а за секоја точка табеларно се дадени параметрите по x и y координати.
Табелата е прикажана во Член 1 од Општите услови за изградба, како дел од оваа Локална Урбанистичка планска документација.

5. ИЗВОД ОД УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

На седницата одржана на 11.06.2004год Собранието на Република Македонија, го донесе Просторниот план на Република Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационално управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Имајќи ја предвид важноста на Просторниот план, со донесување на Планот со донесувањето на Планот се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија. ("Службен весник на Република Македонија бр. 39/04").

Според член 4 од законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, Просторниот план се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, просторен план на општина, на општините во градот Скопје и на градот Скопје како и со урбанистички планови за населени места и друга документација за планирање и уредување на просторот, предвидена со закон.

За изготвување и донесување на плановите од член 4, став 2, од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава Услови за планирање на просторот.

Условите за планирање за Локална урбанистичка планска документација за изградба на стовариште на нафтени деривати и придружни објекти на КП бр. 383, 384,385,386,387,388,382/1 и 382/2 м.в. "Шумјак ", КО Речица , општина Куманово се изработени од страна на Агенцијата за планирање на просторот со тех. бр: 18610 и Решение за услови за планирање издадено од страна МЖСПП со бр. 15-5152/4 од 16.06.2010.

Во Условите за планирање, произлезени од Просторниот План на Р.М. акцент се става, на екомските основи за просторен развој, на заштита на шуми и шумско земјиште ,на водостопанска инфраструктура, енергетика и комуникациска инфраструктура, сообраќај и врски, на заштитата на животната средина, заштитата на природата, на заштита на културното наследство, како и на заштитата и спасувањето.

Изградбата на на стовариште на нафтени деривати и придружни објекти, ќе биде во функција на развој и унапредување на економијата во ова подрачје, а и има добра поставеност во однос на сообраќајните правци и текови во Р. Македонија.

Изградба на стовариште на нафтени деривати и придружни е планиран така да нема конфликт со комуналната инфраструктура, со оглед на близината на 10кВ вод воздушен далековод кој поминува над самата локација.

Во близина нема природно наследство. Сепак со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката Локална урбанистичка планска документација за изградба на стовариште на нафтени деривати и придружни објекти на КП бр. 383, 384,385,386,387,388,382/1 и 382/2 м.в. "Шумјак ", КО Речица , општина Куманово потребно е да се почитуваат одредбите пропишани од Законот за животна средина (Сл.в. на РМ, бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11) и подзаконските акти донесени врз основа на овој Закон.

На просторот опфатен со овој плански опфат нема заштитени добра од културно и историско значење, но во секој случај потребно е да се почитуваат законите од оваа област.

Посебно внимание во Условите за планирање на просторот е посветено на заштита на животната средина и на заштитата и спасувањето.

Условите за планирање, со тех. бр: 18610, произлезени од Просторниот План на Република Македонија се прилог на Документацискатa основа кон оваа Локална урбанистичка планска документација.

Заклучните согледувања од Условите за планирење кои се сметаат и како одредби од план од повисоко ниво, се дадени во Документацискатa основа изворно во целост.

6. ПЛАНСКА ПРОГРАМА

Планската програма е дадена изворно, во целост, како прилог кон оваа Локална урбанистичка планска документација за изградба на стовариште на нафтени деривати и придружни објекти на КП бр. 383, 384,385,386,387,388,382/1 и 382/2 м.в. "Шумјак ", КО Речица , општина Куманово и е негов составен дел.

7. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ И ХАРМОНИЗАЦИЈАТА НА ПРОСТОРОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Анализата на просторот, анализата на можностите за просторен развој и Планската програма е основа за планскиот концепт. Планскот концепт е во директна зависност од природните фактори, посебно од конфигурацијата на теренот и од можностите за просторна композиција, односно естетско обликување на просторот. Планскиот концепт е условен и од мерките за заштита на животната средина и природата и заштитата и спасувањето.

Просторот нема посебни пејсажни вредности, претставува равничарски терен со благ наклон од локалниот пат кон длабочината на парцелата. Целта на планскиот концепт е да изврши хармонизација на просторните природни услови и предвидените градби во функционална целина со естетска препознатливост.

Сообраќајниот концепт е основа за планскиот концепт. Постоечката сообраќајна инфраструктура за Локална урбанистичка планска документација за изградба на стовариште на нафтени деривати и придружни објекти на КП бр. 383, 384,385,386,387,388,382/1 и 382/2 м.в. "Шумјак ", КО Речица , општина Куманово, го услови планираното сообраќајно решение, кое е поставено во корелација со стандардите и нормативите за планирање на ваков простор.

Со оваа Локална урбанистичка планска документација се одредуваат основните наменски употреби на земјиштето, водејќи сметка да планскиот опфат добие своја препознатливост.

Наменета на планскиот опфат е за градби од Инфраструктура - Некомпатибилна инфраструктура - Стовариште на нафтени деривати и придружни објекти чие што архитектонско обликување може да даде можност за посебни естетски вредности.

8. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА И НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА

8.1. Плански опфат

Локална урбанистичка планска документација за изградба на стовариште на нафтени деривати и придружни објекти на КП бр. 383, 384,385,386,387,388,382/1 и 382/2 м.в. "Шумјак ", КО Речица , општина Куманово е изработена за локација дефинирана со линија и прекршни точки, во рамки на земјиште кое е приватна сопственост.

Планскиот опфат зафаќа вкупна површина од 1,971 ха и периметар од 870.12м.

8.2. Регулациона линија

Регулационата линија е граница меѓу градежно земјиште за општа употреба и градежно земјиште парцелирано на градежни парцели наменети за поединечна намена. Регулационата линија се поклопува со надворешната линија на постојниот локален пат.

8.3. Градежна парцела

Планскиот опфат е составен од една (1) градежна парцела, Линијата на градежната парцела се поклопува со регулационата линија.

8.4. Намена на земјиштето

Со Локалната урбанистичка планска документација, се предвидуваат следните намени на земјиштето (дефинирањето е според Член 30 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/10, 64/11 и 98/11):

Група на класа на намена:

Инфраструктура – група на класа на намена Е

Класи на намени:

Некомпатибилна инфраструктура - класа на намена Е3

Резервоари за деривати

8.5. Градежни линии

Градежната линија претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбата може да се гради.

Во Локалната урбанистичка планска документација градежната линија се поклопува со линијата на на локалните патишта (4м), од соседните КП бр. 379, 380,381/2,381/1,370,367,389/3.

8.6. Површини за градење

На градежната парцела е утврден делот од градежната парцела во кој се предвидува градење на повеќе градби, како комплекс на градби, а понатамошната разработка треба да биде со Архитектонско-урбанистички проекти за градбите.

Во нумеричките показатели покрај утврдената површина за градење, дадена и максимална површина за изградба на градбата во утврдениот простор. Овие две површини се разликуваат во овој случај.

8.7. Максимална височина на градбите

Височината на градбите е условена од потребата за простор и од намената.

Со оглед на тоа да се работи за изградба на стовариште на нафтени деривати и придружни објекти со различни технолошки барања од аспект на висина на поедините нивои предвидена е височина до мах 20 м.

Висината на приземје како и максимална височина на нултата плоча во однос на котата од тротоарот не е дадена и истата зависи од намената на градбата.

8.8. Процент на изграденост

Процентот на изграденост на земјиштето е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба. Во случајот оваа величина е 70%.

8.9. Коефициент на искористеност

Коефициентот на искористеност е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште. Истиот во опфатот се движи до 2.10.

8.10. Инфраструктура

Планскиот концепт се потпира и на предвидената квалитетна инфраструктура. Уличната мрежа, водовите за снабдување со електрична енергија, санитарна и

технолошка вода, како и електронско-комуникациските водови се предвидуваат до градбата.

Сите водови да се водат подземно во јасно дефинирани инфраструктурни коридори. Под улиците (како можни пресечни точки) инфраструктурните водови да се водат во соодветни заштитни цевки со поголем дијаметар кој ќе овозможи интервенција на водовите.

8.11. Ограда на комплексот

Се предвидува комплексот да се огради.
Вкупната должина на оградата изнесува 870,12м.

8.12. Елементи на обликување на градбите во градежната парцела

За градбите да се предвидвиди употреба на висококвалитетни градежни материјали (Хигх-тецх материјали), со добри карактеристики. Градбите треба да бидат изградени согласно техничките нормативи од областа за која се наменети со посебен акцент на заштита на животната средина.

9. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА СООБРАЌАЈНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Со планот се утврдуваат и планските решенија за инфраструктурата.
На овој простор условеноста од програмските барања и постојната состојба ги диктира планските решенија за сообраќајниците, за технолошката водоводна мрежа, за фекалните и атмосферските инфраструктурни решенија, како и за електричната и електронско-комуникациската инфраструктурна.
Водењето на инфраструктурата да биде во инфраструктурни коридори.

9.1. Сообраќаен и нивелмански план

9.1.1. Сообраќајно поврзување

До планскиот опфат се приоѓа преку пат Куманово- Речица чија брзина на овој дел од патот е 20км/час, поради што е потребно да се изградат новопредвидената проширена комунална инфраструктура - сообраќајници. Магистралниот пат А1 (Е75) кој е во близината на овој плански опфат, во Просторниот план на Република Македонија е предвиден како автопат делница Табановце - Куманово и не поврзан со локалниот пат.

9.1.2. Сообраќаен план

**** Улична мрежа***

Планската поставка на сообраќајниците за опслужување на планскиот опфат на Стовариште на нафтени деривати и придружни објекити е дефинирана пред се од услов за приклучок од постојна патната мрежа.
Сообраќајниот профил на Новопроектитаниот пат е со следна структура:

-	возни ленти	2 x 3,50	= 7,0 м'
-	тротоар	2 x 1,50	= 3,0 м'
		Вкупно :	10,00 м'
-	возни ленти	2 x 3, 5	= 7,0 м'
-	тротоар	2 x 1,50	= 3,0 м'
		Вкупно :	10,0 м'

**** Стационарен сообраќај - паркирање***

Стационарниот сообраќај- паркирање на моторните возила се предвидува да се реши во склоп на градежната парцела, а според нормативите и стандардите дадени во чл. 59, 60 и 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/10, 64/11 и 98/11).

9.1.3. Нивелмаски план

Врз основа на детално снимена ситуација (ажурирана геодетска подлога) со вертикална претстава и утврдени елементи на хоризонтално решение со осовини на планирана улична мрежа е изработен нивелмански план.

Со нивелманскиот план се дадени проектирани коти на осовински точки и нагиби на нивелети на патот кои изнесуваат 4,95 % и 4,88%.

9.2. Водостопанска инфраструктура

9.2.1. Водоснабдување

Во границите на планскиот опфат е земјоделско земјиште кое се наводнува од систем за наводнување ХМС Липково, меѓутоа во планскиот опфат не постои инфраструктура од самиот систем.

Технолошка вода може да биде обезбедена од системот за водоснабдување со претходно поднесено барање и со претходна Согласност на ХМС Липково, на трошок на Инвеститорот.

Со оглед на тоа да во технолошкиот процес се користи многу малку вода, доколу не може да биде обезбедена технолошка вода од хидросистемот, ќе се користи санитарна вода.

Санитарна вода се планира да се обезбеди преку проширување на водо-снабдителната мрежа на град Куманово на сметка на инвеститорот со предходна добиена согласност од ЈП Водовод - Куманово. ЈП Водовод не располага со податоци за постоење на нивни инсталации (писмо од ЈП Водовод-Куманово бр.10-1597/2 од 26.10.2011год.).

****Разводна мрежа за санитарна вода***

Доводот на технолошка вода до Стоварите на нафтени деривати и придружни објекти ќе биде димензиониран со Архитектонско-урбанистички проекти на градбите према потребата. Ке биде изведена од ПЕ цевки со потребен пресек.

Усвоена е појава на еден пожар во времетраење од два часа со норма на гасење од 10 л/сек. (Сл. весник на РМ бр. 31/2006). Примарната санитарна водоводна мрежа во планскиот опфат ќе биде прстенаста изведена од ПЕ цевки со најмал дијаметар од НД 90 мм со што ќе се задоволат барањата за противпожараната заштита.

9.2.2. Одведување на отпадни води

Во моментот не постои канализациона инфраструктура за испуштање на прифатените и обработени фекални води и атмосферска канализација. Затоа, се предвидува фекалните отпадни води да се пречистуваат во пречистителна станица во границите на парцелата и пречистени до неопходниот степен на чистота да се одведуваат во попивателни бунари. Прифаќањето на атмосферските води, исто така, се предвидува да се врши во маслофаќачи и таложници и потоа во попивателни бунари во рамките на парцелата. Атмосферските води пред да се испуштат во реципиентот да бидат подложени на соодветен третман, по што нивното испуштање ќе се врши во попивателни бунари. Чистењето на истите ќе се врши по потреба.

9.3. Електроенергетска и комуникациска инфраструктура и јавно осветлување

9.3.1. Елекротроенергетска инфраструктура

Со оваа Локална урбанистичка планска документација се третираат изворите, трансмисијата и начинот на снабдување со електрична енергија на предметниот плански опфат.

Просторот со електична енергија ќе се снабдува од дистрибутивното подрачје на ЕВН Македонија АД Скопје, КЕЦ Куманово.

Во близина на планскиот опфат поминува нисконапонски 10 кВ далековод.

Потребна е:

-Изградба на нова ТС со димензии (5x6)м. Напојната точка ќе биде 10 кВ вод ,Приклучокот од посочената напојна точка ќе се изведе со горенаведената среднонапонска 10(20) кВ развод од постоечка трансформаторска станица 1110/20/10 Куманово 2 во н.Бедиње.

Со планската документација позитивно мислење даде и ЕВН Македонија АД Скопје КЕЦ Куманово со писмо бр.27-863/2 од 15.02.2012 год.

9.3.2. Комуникациска инфраструктура

На предметното подрачје има подземни т.т. инсталации.

Телефонски и комуникациски приклучок ќе биде обезбеден до градежната парцела и градбите.

Приклучната точка треба да се добие со барање кое инвеститорот треба да го достави до овластен оператор на телекомуникацискиот пазар во Р.Македонија. Планскиот опфат е покриен со сигнал на сите мобилни оператори (писмо од АД МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ бр.310-339434/2 од 14.10.2011год.).

Позитивно мислење на планската документација е потврдено со (писмо на АД МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ бр.251-66490/2 од 29.02.2012од.).

9.3.3. Јавно осветлување

Првенствена и најважна задача на јавното осветлување е да осигура удобен и сигурен проток на сообраќајот во ноќни услови, сличен на оној во дневни услови. Крајниот квалитет на некоја инсталација за јавно осветлување зависи од неколку елементи кои можат да се поделат во три групи

- Елементи кои се однесуваат на геометријата на инсталацијата, ширината на сообраќајница, растојание помеѓу светилките, висина на монтажа на изворот на светлоста и врста на распоред на светилките
- Елементи кои се однесуваат на светилки и извор, интензитет на изворот на светлоста, облик на кривата на распределба на јачината на светилка, како и боја на извор на светлост
- Елементи кои се однесуваат на рефлексиони карактеристики на површина на коловоз

На ул Новопроектирана нема инсталација за јавно осветлување, но пред градежната парцела можат да се стават светилки.

10. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, ПРИРОДАТА И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

10.1. Мерки за заштита на културното наследство

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11) во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се

утврдуваат плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

Недвижното културно наследство е поделено на видови: споменици, споменични целини и културни предели.

Во подрачјето предмет на анализа нема регистрирани недвижни добра.

Исто така и во археолошката карта на Република Македонија, која ги проучува предисториските и историските слоеви на човечката егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, за локацијата за кој се работи Локална урбанистичка планска документација нема евидентирани археолошки локалитети.

- По писменото обраќање, до Министерсво за култура - Управа за заштита на културното наследство е добиен одговор со писмо бр: 08-2421/2 од 14.10.2011, со кое се потврдува дека во рамките на планскиот опфат нема заштитени добра со културно и историско значење.

Доколку при реализацијата на планската документација се дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани фрагменти) од материјалната култура на Република Македонија, односно се појави археолошко наоѓалиште, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за културно наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, 115/07).

10.2. Заштита на животната средина

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природни и создадени вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.

Загадувањето на животната средина подразбира емисија на загадувачки материи и супстанции во воздухот, водата или почвата, како резултат на антропогените активности, која може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија на загадувачки материи и супстанции од која може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите начини на користење на животната средина.

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целина, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобално управување со животната средина засновано врз принципите на одржлив развој.

Заштитата на животната средина како темелна вредност на Уставот на РМ (Член 8) е регулирана со Законот за животна средина (Сл.в. на Р.М. бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11). Основна цел на Законот за животна средина е зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина; заштита на животот и на здравјето на луѓето; заштита на биолошката разновидност; рационално и одржливо користење на природните богатства и спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и глобалните проблеми на животната средина. На заштитата и унапредувањето на квалитетот и состојбата на медиумите и областите на животната средина, покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите на законите за одделните медиуми и области:

- Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Сл.в. на РМ, бр.67/04, бр.92/07 и бр.35/10 и 47/11);

- Закон за води (Сл.в. на РМ, бр.87/08, бр.06/09, бр.161/09 и бр.83/10 и 51/11);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл.в. нА РМ бр.79/07 и бр.124/10);
- Закон за управување со отпадот (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 9/11 и 51/11);
- Закон за заштита на природата (Сл.в. на РМ бр.67/04, бр.14/06, бр.84/07 и бр.35/10 и 47/11) и други законски и подзаконски акти.

Заштитата и унапредувањето на животната средина се остварува со воспоставување на систем на планирање на заштитата кој ќе овозможи навремено спречување на потенцијалните ризици и опасности, санирање на оштетените сегменти и зачувување на чистата животна средина преку континуирано предвидување, следење, спречување, ограничување и отстранување на негативните влијанија врз медиумите и областите на животната средина.

Превентивната заштита на животната средина, како нераздвоен елемент на современото планирање, уредување и урбанизација на просторот одигра клучна улога во донесувањето на планските решенија во сите фази од изработка на предметната Локална урбанистичка планска документација за изградба на стовариште на нафтени деривати и придружни објекти на КП бр. 383, 384,385,386,387,388,382/1 и 382/2 м.в. "Шумјак ", КО Речица , општина Куманово.

10.2.1. Мерки за заштита на почвата

При изградба на содржините во склоп на Стовариште на нафтени деривати и придружни објекти на КП бр. 383, 384,385,386,387,388,382/1 и 382/2 м.в. "Шумјак ", КО Речица , општина Куманово да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот, количината и режимот на површинските и подземните води. Изградбата на новите содржини вклучува одстранување на постојните вегетациски видови и нарушување на живеалиштата на постојната фауна, како и раскопување и отстранување на поголема количина на почва. При реализација на активностите на терен да се избегне непотребно губење, модификација и фрагментација на природните живеалишта и прекумерно искористување на биолошките ресурси, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на постојните екосистеми.

10.2.2. Мерки за управување со отпадот

По завршување на активностите на терен шутот треба да биде уредно одложен на депонија. Согласно Законот за управување со отпад (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 9/11 и 51/11), создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија. После соодветниот третман се препорачува задолжително депонирање на отпадните материи во депонија. Со планот се предвидува селектирање на цврстиот отпад и разгледување на алтернативните можности за рециклирање на истиот и негова повеќекратна употреба пред истиот да биде одложен на депонија. Предвидено е организирано собирање и одложување на отпадот во постојната депонија.

Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ќе ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

По завршувањето на градежните активности потребно е да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини. Со плановите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади.

10.2.3. Мерки за заштита на воздухот

Вегетацискатa покривка изложена на висока концентрација на честици во воздухот може да биде оштетена кога истите се наоѓаат во комбинација со другите присутни полутанти во воздухот, создадени како резултат на мобилните извори на загадување, посебно изразени на просторот кој е предмет на анализа. Крупните честици, како прашината која паѓа директно на површината на земјата, ја редуцираат размената на гасови и процесите на фотосинтеза што води кон редукција на растот кај растенијата. Со цел да се спречи редукција на растот кај видовите се препорачува контрола на квалитетот на воздухот и превземање на мерки за запазување на дозволените концентрации на присутни полутанти во воздухот.Имплементација на уреди за редукција или целосна елиминација на емисиите во атмосферата со цел да се зачува квалитетот на амбиентниот воздух.

Нивоата на емисии во воздухот треба да бидат усогласени со Правилникот за гранични вредности за дозволени нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (Сл.весник на РМ бр.141/10).

10.2.4. Мерки за заштита на водите

Со цел да се минимизира или целосно елиминира потенцијалната опасност од контаминација на водите од евентуално истекување или протекување на гориво, мора да се превземат сите пропишани мерки за спречување и негативните последици по животната средина .

Од аспект на заштита на површинските и подземните води во близина на локацијата, се предвидува фекалните отпадни води да се пречистуваат во пречистителна станица во границите на парцелата и пречистени до неопходниот степен на чистота да се одведуваат во попивателни бунари. Прифаќањето на атмосферските води, исто така, се предвидува да се врши во попивателни бунари во рамките на парцелата. Атмосферските води пред да се испуштат во реципиентот да бидат подложени на соодветен третман.При депонирање или отстранување на некоја супстанца или вршење на некоја друга активност која би предизвикала испуштање на загадувачки материи во подземните води претходно мора да се изврши испитување на хидрогеолошките услови и де се предвидат и спроведат сите неопходни мерки на претпазливост.

За зачувување на квалитетот на водите Стовариште на нафтени деривати и придружни објекти потребна е изградба на систем за прифаќање на отпадните води , нивно третирање во пречистителна станица и по доведување на водата до потребниот степен на према " Уредбата за класификација на водите "(Сл.в.на РМ бр.18/99)да се испушта до најблискиот реципиент.

Управувањето со квалитетот на водите и воздухот индиректно ја зголемува и функционалноста на почвата, како краен реципиент на загадувачите отстранети од овие два медиума.

10.2.5. Мерки за заштита од бучава во животната средина

За минимизирање на бучавата се препорачува употреба на современа механизација во периодот на градба и запазување на дозволените нивоа на бучава во животната средина во текот на експлоатациониот период.

Заради успешна имплементација на системот за заштита на животната средина при реализација на активностите предвидени Локална урбанистичка планска

документација за изградба на стовариште на нафтени деривати и придружни објекти на КП бр. 383, 384,385,386,387,388,382/1 и 382/2 м.в. "Шумјак ", КО Речица , општина Куманово, потребно е да се почитува следното:

- зачување на амбиенталните и есетските потенцијали на просторот;
- озеленување на околните површини со високо и ниско зеленило;
- селектирано и организирано депонирање на отпадот со контролиран транспортен систем;
- изградба на современа инфраструктура;
- заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на друга инфраструктура.

При вршењето на предвидените активности да се обезбеди висок степен на заштита на животната средина и животот и здравјето на луѓето кои претстојуваат во непосредната околина. Потребно е да се нагласи дека загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе тршоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба како пред оштетувањето.

10.2.6. Заштита на биолошката разновидност и други природни богатства (мерки за заштита на природата)

Заштитата на природата се уредува преку заштита на биолошката и пределската разновидност и заштита на природното наследство, во заштитени подрачја, надвор од заштитени подрачја како и заштита на природни реткости.

Во современото планирање на просторот, задачите на заштитата на природата се насочени особено на активно уредување и одржливо користење на природното богатство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа.

Во границите на планскиот опфат нема евидентирано или регистрирано природно наследство .

Доколку при изработката на Локална урбанистичка планска документација и при уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природни реткости кои можат да бидат загрозени, потребно е да се преземат мерки за заштита согласно со Закон.

10.3. Мерки за заштита и спасување

Претходните услови за заштита и спасување дадени во писменият допис од Дирекцијата за заштита и спасување бр. 10-539/1 од 17.10.2011, се комплетно вградени во Локалната урбанистичка планска документација и се дадени во понатамошниот текст.

Согласно Законот за одбрана (Сл. весник на РМ бр.42/01), Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11), Законот за пожарникарство (Сл.весник на РМ бр: 67/04) и Законот за управување со кризи (Сл. весник на РМ бр.29/05), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во плановите како и при изградба на градби и инфраструктура, согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите (Сл весник на РМ бр; 105/05), како Законот за складирање и заштита на запаливи течност и гасови и учество во техничкиот преглед, како и заштите од техничко технолочки несреќи.

Заштитата и спасувањето треба да биде согласно критериумите на член 62 од Законот за заштита и спасување, а потребниот број на засолнишни места се утврдува според намената на градбите и новопланираната корисна површина, а степенот на заштита се определува според утврдениот потребен број на засолнишни места и Одлуката за утврдување на загрозени зони (Сл. весник на РМ бр: 105/05).

Јавните засолништа се планираат согласно Програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмите на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградуваат во Урбанистичките планови.

Мерките за заштита и спасување се однесуваат на заштита од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејствија.

Природни непогоди се земјотреси, поплави, лизгање на земјиште, снежни лавини, наноси, луњи, уривање на високи брани и насипи, суша, атмосферски и други непогоди.

Други несреќи се пожари, големи несреќи во патниот, железничкиот и воздушниот сообраќај, несреќи во рудници, индустриски несреќи предизвикани од експлозии и други техничко-технлошки причини, паѓање на радиоактивни врнежи, прашини и талози, излевање на нафта и нафтени деривати, и други отровни хемикалии, екслозии на гасови, запалливи течности и гасови, како и други гориви материи кои со воздухот создаваат експлозивни смеси и други експлозивни материјали од поголем размер.

Дел од природните непогоди и другите несреќи можат да се јават и во границите на планскиот опфат , односно од поплави од атмосферски врнежи и порои посебно од ридот северно од локацијата (Т.Т. 367).

Согласност со планската документација и давање на позитивното мислење е дадена со дописот од Дирекцијата за заштита и спасување бр. 10-92/2од 21.02.2012год.

10.3.1. Мерки за заштита од природни непогоди и други несреќи

10.3.1.1. Мерки за заштита од урнатини

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките планови во текот на планирање на просторот.

Во Локалната урбанистичка планска документација е утврден претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на собраќајниците, врз основа на што е изработено планираното решение.

При планирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците, зони на тотални урнатини.

Според очекуваните сеизмички интензитети оваа локација се наоѓа во зона на потреси од 5,5 * до 6° по Рихтер односно до 8 ° по МЦС скалата.

Се предвидува асеизмична градба, како можна превенција, со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Во случај на можни разурнувања, планираните решенија на уличната мрежа обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла на сообраќајниците)
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила,
- непречена интервенција во кругот на катастрофата,
- штетите да се сведат на минимум,
- брза санација на последиците.

За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистички мерки од природни катастрофи.

Другите елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, да се утврдат со посебниот елаборат за асеизмична градба во делот на статиката и динамичка анализа на градбите, како составен дел на Архитектонско-урбанистичкиот проект.

10.3.1.2. Мерки за заштита од свлекување на земјиштето

Со оглед на конфигурацијата на теренот, постои можност за свлекување на земјиштето, поради што треба да се подготви елаборат од извршени геомехнички, геолошки и хидротехнички испитувања.

10.3.1.3. Мерки за заштита од атмосферски непогоди

Со цел за поефикасна заштита обавезно е предвидување на современа громобранска инсталација градбата и нејзино континуирано одржување.

Како посебна мерка за заштита од силните ветрови, покрај комуникациите, претставува изборот на вегетацијата.

10.3.1.4. Мерки за заштита од пожар, експлозии и опасни материи

При изработката на Локалната урбанистичка планска документација се предвидени пропишани мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11) и Законот за пожарникарство (Сл. весник на РМ бр: 67/04 и 81/07), како и Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти (Сл. весник на РМ бр. 94/09), Правилникот за техничките нотмативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари (Сл. Весник на РМ бр. 31/06), Правилник за суштинските барања за градежните објекти (Сл. В. На РМ бр. 74/06) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика. Уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.

Од урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита се предвидува од аспект на:

- брз и непречен пристап до градбите;
- градбите се предвидуваат од тврда градба, со примена на огноотпорни материјали;
- при планирањето е водено сметка за обезбедување на доволни растојанија меѓу соседните градби;
- со сообраќајното решение и начинот на кој се предвидува изградбата на градбите овозможен е пристап на противпожарно возило од повеќе страни;
- локалниот пат е со доволна ширина, а потребно е да се изведе со задоволувачки осовински притисок, што овозможува непречено и брзо движење на противпожарните возила, (ширина на коловоз од 7,0м и радиуси од минимум 12м);
- во градот Куманово кој го опслужува овој плански опфат со ПП заштита, има противпожарна едница, која е опремена со противпожарни возила и со обучени лица за дејствување во случај на пожар, во склоп на севисните дејности;
- обезбедена е доволна количина на вода за гасење на пожар;
- во просторот предмет на Локална урбанистичка планска документација има предвидено надворешни пожарни хидранти за гасење на пожарот што би ги зафатиле градбите;
- во понатамошната разработка на планот, обврзно да се реши громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

Предвидената сообраќајна инфраструктура со соодветни квалитетни хоризонтални и вертикални елементи на коловозот овозможуваат непречена интрвенција на противпожарните возила. Падот на пристапниот пат е со мали вредности и е погоден за одвивање сообраќај на тешки возила.

Другите елементи за противпожарна заштита ќе се утврдат со посебниот елаборат за противпожарна заштита како составен дел на Архитектонско-урбанистичкиот проект за секоја градба.

10.3.1.5. Мерки за заштита од воени разурнувања

Просторот кој е предмет на анализа се наоѓа во зона на индиректно загрозени простори од воени дејствија , односно простори кои во случај на војна би се нашле во зафатот на статегиските насоки на нападот на агресорот, што наметнува потреба од примена на соодветни мерки за заштита, односно задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на градбите.

Просторот има намена, Стовариште на нафтени деривати и придружни објекти и од тој аспект, како посебна цел можен е воен удар врз истиот. Во случај на воени разурнувања планскиот концепт и предвидената улична мрежа со своите патни планирани елементи, нејзината поставка, наклоните и широчините на профилите, овозможуваат:

- брза и непречена евакуација на луѓето
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила,
- непречена интервенција,
- штетите да се сведат на минимум,
- брза санација на последиците.

Не се очекува затрупување на улиците со урнатини, бидејќи истите се со големи ширини.

Можни се директни воени воздушни удари на инфраструктурната мрежа и градбите и нивно оштетување.

Другите елементи за заштита од воени разурнувања, да се утврдат со основниот план, посебно за секоја градба.

10.3.1.6. Мерки за заштита од техничко технолошки несреќи

Има можности за технолошки катастрофи. Поради тоа потребно е стручно ракување со сите уреди и постројки.

Инфраструктурните водови во редовни услови не предизвикуваат штетни влијанија бидејќи претставуваат подземни инсталации.

Случајните инциденти може да се идентификуваат како инциденти со оштетувања на инфраструктурните водови во случај на интервенција или механички оштетувања. Овие инциденти немаат битно влијание врз околината, бидејќи можна е брза реакција и запирање на течењето вода преку вентилски уреди. Можна е брза санација и на вод во кој се водат отпадните води. Инфраструктурните водови се водат на пропишани сигурносни растојанија во јасно дефиниран инфраструктурен коридор, така да можните оштетувања се сведени на минимум.

Инфраструктурните водови мора да се постават во сé према техничките нормативи и стандарди кои ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност во експлотацијата, ракувањето и одржувањето.

10.3.1.7. Мерки за заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло

При изработката на Локалната урбанистичка планска документација предвидени се мерки за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло. Постои доволно растојание од објектот до насадите на околните ниви. Внатре во објектот ќе биде потребно да се предвиди инсталација за гасење од пожар.

11. ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Економско образложение на планските решенија за Локална урбанистичка планска документација за изградба на стовариште на нафтени деривати и придружни објекти на КП бр. 383, 384,385,386,387,388,382/1 и 382/2 м.в. "Шумјак ", КО Речица , општина Куманово

Изградбата на Стовариште на нафтени деривати и придружни објекти на КП бр. 383, 384,385,386,387,388,382/1 и 382/2 м.в. "Шумјак ", КО Речица , општина Куманово, треба да предизвика економски ефекти во непосредното опкружување, од аспект на стопански развој и се разбира и економски ефекти манифестирани преку добивање квалитетни производи како и нови вработување и повисок квалитет на услуги.

Појдовната премиса на моделот е глобалната економска парадигма поставена на принципите и законитостите на пазарното стопанство, слободна конкуренција, приватната сопственост и влијанијата на глобалните меѓународни економски текови, со респектирање на одржливиот развој и заштита на животната средина.

Од локациски аспект планските решенија за ваков вид урбанистичка планска документација се детерминирани од конфигурацијата на теренот, од инфраструктурните компоненти, пред сé од патната односно сообраќајна инфраструктура, водоводната, канализацискатa инфраструктура, електро-енергетскиот и телекомуникациските системи.

Утврдување на економската вредност на планската урбанистичка документација со цел согледување на исплатливоста на инвестициите во приватно земјиште и комунална инфраструктура е детерминирано од основните компоненти кои имаат најголемо и доминантно учество во економската матрица на урбанистичките решенија на планската документација.

Крајната вредност на сите плански решенија ќе биде достапна во фазата на изведба и ефектуирање на предвидените функции со урбанистичката планска документација кога на пазарот на понуда и побарувачка, ќе се избере изведувач на основните (главни) проекти.

Со Локалната урбанистичка планска документација, предвидени се следните класи на намени:

Група на класа на намена:

Инфраструктура – група на класа на намена Е

Класи на намени:

Некомпатибилна инфраструктура - класа на намена Е3

Резервоари за деривати

Пристапот во утврдувањето на економската матрица ги зема во предвид урбанистичките решенија дадени во ЛУПД.

Влезни компоненти во основата за економско образложение на планските решенија

1. Информациско планска документација

Документационата основа ги содржи сите трошоци поврзани со прибирање и изработка на соодветна информациско-планерска документација.

2. Ископ и насип

Реализацијата на планските решенија се условени со трошоците кои ќе произлезат од изведбените активности поврзани со:

- ископите на земјиште за градбата
- насипите на земјиште за градбата

3. Сообраќајна инфраструктура

3.1. Влезната партија се планира од Новопроектраниот пат а помошниот влез и излез исто така на Новопроектираниот пат со следна структура на сообраќајниот профил :

- возни ленти	2 x 3, 5	= 7,0 м'
- тротоар	2 x 1,50	= 3,0 м'
	Вкупно :	10,0 м'

- возни ленти	2 x 3, 5	= 7,0 м'
- тротоар	2 x 1,50	= 3,0 м'
	Вкупно :	10,0 м'

3.2. Паркиралишта

За потребите на корисниците, паркинг простор за лесни моторни возила, товарни возила и друг тип на возила, ќе се предвиди внатре во градежната парцела.

4. Водостопанска инфраструкура

Во границите на планскиот опфат, не постои систем за наводнување . Санитарната вода да се обезбеди преку приклучок на технолошка вода.

4.1. Санитарна вода

За задоволување на потребите за санитарна вода потребни се следните инвестициони зафати

- довод на вода ќе се обезбеди преку проширување на постојната водоснабдителна мрежа на ЈП Водовод-Куманово.

5.Канализациона мрежа

Во локацијата се предвидува изградба на сепарациона канализациска мрежа: фекална и атмосферска.

4.2. Фекална канализација

Фекалните води се предвидува да се пречистуваат во пречистителна станица во границите на парцелата и пречистени до неопходниот степен на чистота да се одведуваат во попивателни бунари.

На канализациската мрежа ќе бидат изведени ревизиони и приклучни шахти и други објекти потребни за функционирање на канализациската мрежа.

4.3. Атмосферска канализација

Одведувањето на атмосферските води, исто така, се предвидува да се врши во маслофаќачи , кои преку таложници во попивателни бунари во рамките на парцелата.
Примарната атмосферска канализациска мрежа ќе се изведе со пластични цевки. На мрежата ќе бидат изведени сливници, ревизиони и приклучни шахти и други објекти потребни за функционирање на мрежата.

5. Електроенергетска мрежа и јавно осветлување

Инфраструктурни водови:

- Изградба на нова ТС со димензии (5x6)м.

Напојната точка ќе биде 10 кВ вод ,Приклучокот од посочената напојна точка ќе се изведе со горенаведената среднонапонска 10(20) кВ развод од постоечка трансформаторска станица 1110/20/10 Куманово 2 во н.Бедиње.

- .

6. Телекомуникациска инфраструктура

Телефонски и комуникациски приклучок е веќе обезбеден до градежна парцела и градбата

7. Предвидени градби:

Инфраструктура - класа на намена Е3 резервоари за деривати
Стовариште на нафтени деривати и придружни објекти

8. Третман на цврстиот отпад

Со планот се предвидува цврстиот отпад организирано да се селектира со цел понатамошна негова рециклажа, како мерка за намалување на неговите количини кои завршуваат во депонија. Ова е во функција на суровинските и енергетските заштеди. Остатокот од цврстиот отпад се предвидува организирано да се прифати, да се транспортира и депонира во најблиската санитарна депонија.

9. Оградување

- Се предвидува оградување на градежната парцела
- Вкупна должина на оградата изнесува 870,12м

10. Елементи на обликување на градежните објекти

За сите градби во градежната парцела да се предвидвиди употреба на висококвалитетни градежни материјали (High-tech материјали), со максимална термичка и звучна изолација со цел заштеда на енергија и одржлив развој.

за работниот тим:

0

ТАТЈАНА ТРИШИЌ
дипл.инж.арх.
Овластен планер 0370

Тришиќ Татјана , дипл.инж.арх. овластување бр: 0.0370
раководител на Локална урбанистичка планска документација

12. УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

Со Условите за изградба се утврдува плански опфат, кој во случајов е составен од повеќе градежни парцели.

Со Локалната урбанистичка планска документација во градежната парцела е утврден делот од градежната парцелата во која се предвидува градење на повеќе градби, поради што понатамошната разработка ќе биде со Архитектонско-урбанистички проект.

Инфраструктурните водови се прикажани за примарната инфраструктурна мрежа, како плански решенија.

12.1. Општи услови за изградба

Основа за изработка на Општите услови за изградба е Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. Весник на РМ бр.78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/10, 64/11 и 98/11), како и планираните барања.

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на Локалната урбанистичка планска документација, односно за изготвување на извод од Локалната урбанистичка планска документација.

Плански опфат

1.

Планскиот опфат опфаќа територија од 1,971ха.

Границата на планскиот опфат се утврдува врз основа на Член 7, 8 и 9 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/10, 64/11 и 98/11). Границата на планскиот опфат е дефинирана према логични разделници, дефинирани со член 7 од Правилникот. Во графичките прилози границата на планскиот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, означени со редни броеви прикажани табеларно.

Границата на планскиот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, означени со редни броеви од 1 до 9, а за секоја точка табеларно се дадени параметрите по X и Y координати.

	X	Y
T1	558773,6301	670274,2610
T2	558722,7200	670247,6447
T3	558725,8350	670240,3900
T4	558729,8680	670229,9890
T5	558749,3696	670178,2522
T6	558775,9813	670107,6529
T7	558785,3870	670082,7000
T8	558797,1263	670044,9565
T9	558818,0460	669975,6740
T10	558805,6370	669975,0530
T11	558809,1780	669966,1380
T12	558817,2275	669935,9133
T13	558837,8043	669928,7065
T14	558855,7240	669924,7520
T15	558845,0550	669979,5160
T16	558875,9350	669983,0080
T17	558860,2530	670016,8100
T18	558893,3210	670042,9970
T19	558873,6770	670043,7270
T20	558856,7130	670044,2680
T21	558851,5889	670058,6450
T22	558839,8950	670091,3820
T23	558791,7400	670229,4950
T24	558787,9390	670240,7110

Регулациона линија

2.

Регулационата линија е граница меѓу градежно земјиште за општа употреба и градежно земјиште парцелирано на градежни парцели наменети за поединечна намена. Регулационата линија се поклопува со линијата на градежната парцела кон локалните патишта .

Граница на градежна парцела

3.

Граница на градежна парцела е линија на разграничување на носители на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели.

Во планскиот опфат границата на градежната парцела кон постојниоте локалени патишта се поклопува со регулационата линија.

Градежна парцела

4.

Планскиот опфат е составен од една (1) градежна парцела. Линијата на градежната парцела се поклопува со регулационата линија.

Намена на земјиштето – групи и класи на намени

5.

Со Локалната урбанистичка планска документација, се предвидуваат следните намени на земјиштето (дефинирањето е според Член 30 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на бр. 142/10, 64/11 и 98/11):

Група на класа на намена:

Инфраструктура – група на класа на намена Е

Класи на намени:

Некомпатибилна инфраструктура - класа на намена Е3

Резервоари за деривати

Градежна линија

6.

Градежната линија претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбата може да се гради.

Во Локалната урбанистичка планска документација градежната линија се поклопува со линијата на на локалниоте патишта (4м), од соседните од соседните КП бр. 379, 380,381/2,381/1,370,367,389/3.

Површини за градење

7.

На градежната парцела е утврден делот од градежната парцела предвиден за градење на повеќе градби.

Во нумеричките показатели покрај утврдената површина за градење, дадена и максимална површина за изградба на градбата во утврдениот простор. Овие две површини се различни во овој случај.

Височина на градење

8.

Височината на градбите е условена од потребата за простор и од намената.

Со оглед на тоа да се работи за Стовариште на нафтени деривати и придружни објекти со различни технолошки барања од аспект на висина на поедините нивои предвидена е височина до мах 20м.

Висината на приземје како и максимална височина на нултата плоча во однос на котата од тротоарот не е дадена и истата зависи од намената на градбата.

Процент на изграденост

9.

Со процентот е дадено колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба. Во планскиот опфат процентот се движи до 70%, во однос на градежната парцела.

Коефициент на искористеност

10.

Коефициентот на искористеност го покажува интезитетот на изграденост. Истиот во планскиот опфат се движи до 2.1 во однос на градежната парцела.

Паркирање

11.

За потребите на корисниците, паркинг простор за лесни моторни возила, товарни возила и друг тип на возила, ќе се предвиди внатре во градежната парцела.

Големината и бројот на паркинг местата да биде исклучиво согласно Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/10, 64/11 и 98/11, член 59 60 и 61).

Услови за движење на инвалидизирани лица

12.

За обезбедување услови за движење на инвалидизирани лица важат истите одредби од точка 13 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/10, 64/11 и 98/11).

Зеленило

12.

Просторот околу градежната парцела препорачливо е да се озелени со високо зеленило, посебно во делот на заштитниот појас на локалниоте патишта .

Мерки за заштита

13.

При изготвувањето на Архитектонско-урбанистичките проекти за градбите и проектите за инфраструктура, како и при самата градба, да се почитуваат мерките за заштита на животната средина и природата согласно:

- Законот за животна средина (Сл.в. на Р.М. бр.53/05, бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08, бр.83/09, бр.48/10, бр.124/10 и 51/11)
- Закон за заштита на природата (Сл.в. на РМ бр.67/04, бр.14/06, бр.84/07 и бр.35/10 и 47/11)
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Сл.в. на РМ, бр.67/04, бр.92/07 и бр.35/10 и 47/11);
- Закон за води (Сл.в. на РМ, бр.87/08, бр.06/09, бр.161/09 и бр.83/10 и 51/11);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл.в. нА РМ бр.79/07 и бр.124/10);
- Закон за управување со отпадот (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 9/11 и 51/11);
- Уредба за класификација на водите (Сл. Весник на РМ бр. 18/99);

За предметната планска документација задолжително е споведување на постапка за стратегиска оцена на влијание врз животната средина.

14.

Обавезно треба да се почитуваат мерките за заштита и спасување при изготвување на Архитектонско-урбанистичкиот проект за градбата и инфраструктурата, согласно Законот за одбрана (Сл. весник на РМ бр.42/01), Законот за заштита и спасување (Сл. весникна РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11), Законот за пожарникарство (Сл. весник на РМ бр 67/04), Законот за управување со кризи (Сл. весник на РМ бр.29/05), Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти (Сл. весник на РМ бр. 94/09), Правилникот за техничките нотмативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари (Сл. Весник на РМ бр. 31/06) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

На градбите обврзна е изведба на громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Градбата да биде оптимално сеизмички отпорна на 8° по МЦС скалата, да биде изградена со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.
Со оглед на намените на градбата, потребно е да се изготви елаборат за извршени геомеханички испитувања.

15.
При уредувањето на градежната парцела, обавезно да се предвиди заштитен појас, со широчина предвидена со нормативите, а која овозможува заштита од пожар.

16.
Доколку при реализацијата на планот се дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани фрагменти) од материјалната култура на Република Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за културно наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04 , 115/07 и 18/11).

17.
За предвидената градба се пропишува и следното:

- да се применат асеизмички конструктивни системи, како и материјали отпорни на пожар;
- да се применат изолаторски материјали кои ќе обезбедат максимална заштеда на енергијата за затоплување или ладење на внатрешниот корисен простор, а во функција на одржливиот развој и заштита на животната средина;
- да се применат квалитетни естетски современи материјали за завршна обработка на градбите;
- да се градат градби со примена на помала количина на градежен материјал и со релативно помали тежини;
- да се примени естетско заштитно зеленило, погодно за климатските простори;
- обврзно да се изготви елаборат за извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања, при изработка на основните проекти на градбите и инфраструктурата.

18.
При изработка на основниот проект на градбата и на комуналната инфраструктура, обврзно е да се почитуваат прописите за градење, техничките стандарди за ваков тип на градби, прописите за заштита на животната средина.
19.
Оградата да се предвиди согласно типот на градбата.
20.
Водењето на трасите да се изврши врз основа на прилозите за инфраструктура.
21.
При издавање на параметрите за спроведување на планот за оваа Локална урбанистичка планска документација, за сé што со овие одредби не е дефинирано, важат одредбите од Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/10, 64/11 и 98/11), како и други закони и подзаконски акти.

12.2. Посебни услови за изградба

22.

Посебните услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите се однесуваат за градежната парцела се дадени подолу:

- Група на класа на намена : Е3	Некомпатибилна инфраструктура
- Класа на намена:	Стовариште на нафта и нафтени деривати и придружни објекти
- Површина на градежна парцела	19285,5м²
-Утврден простор за градење на градбите во рамките на градежната парцела	14022,78м²
-Максимална површина за изградба на градбата во утвдредниот простор за градење	13499,85м²
- Вкупна изградена површина на сите спратови	40499,55м²
- Максимален број на спратови	/
- Максимална височина на градбите до венец	20м
- Висинска кота на приземна плоча	ќе се утврди со АУП
-Процент на изграденост во однос на градежната парцела (П)	70%
- Коефициент на искористеност во однос на градежната парцела	2.1
- Висина на кровна конструкција	ќе се утврди со АУП
- Мах. агол на кров	ќе се утврди со АУП
- Паркирање: Внатре во градежната парцела	дефинирано со АУП, а големината и бројот на паркинг местата да биде исклучиво согласно Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ бр: 142/10, 64/11 и 98/11), член 59, 60 и 61.

12.2.1. Посебни услови за изградба од доменот на сообраќајната инфраструктура

23.
При понатамошната разработка на планската документација треба да се води сметка градбата сообраќајно да биде поврзана со патна мрежа во ниво. Се препорачува нивелетата на внатрешната улица да паѓа кон пристапната улица, а во правец на нагибот на теренот, во правец на истекотот на водата.

24.
Се утврдува паркинзите да се изведат од монтажно-демонтажни бетонски профилирани елементи (можност за интервенција во инфраструктурата). Алтернативно, се дозволува да се употребат и покривни плочи од камен или други материјали, високоестетски обликувани, како завршна обработка на паркиралиштата и соодветни рабници, во рамките на градежната парцела.

25.
При понатамошна изработка потребно е да се запази секторската брзина и да се запази попречното и подолжното одводнување на патот.

12.2.2. Посебни услови за изградба од доменот на водоснабдување и одведување на отпадните води

26.
Предметниот опфат не спаѓа во површини под систем за наводнување. Потребните количини на санитарна вода во иднина ќе се обезбедат преку проширување на водо-снабдителната мрежа на град Куманово на сметка на инвеститорот со предходна добиена согласност од ЈП Водовод - Куманово.

27.
Потребните количини на санитарна вода во иднина ќе се обезбедат од водоснабдителната мрежа на градот Куманово.

28.
Во локацијата се предвидува изградба на сепарациона канализациска мрежа: фекална и атмосферска. Фекалните води се предвидува да се пречистуваат во пречистителна станица во границите на парцелата и пречистени до неопходниот степен на чистота да се одведуваат во попивателни бунари.
На канализациската мрежа ќе бидат изведени ревизиони и приклучни шахти и други објекти потребни за функционирање на канализациската мрежа.

29.
Прифаќањето на атмосферските води, исто така, се предвидува да се врши вомаслофаќачи и таложници а потоа во попивателни бунари во рамките на парцелата. Истите ќе се празната по потреба.

12.2.3. Посебни услови за изградба од доменот на електроснабдувањето, јавното осветлување и електронските комуникации

30.
Во градежната парцела се предвидува поставување на дистрибутивна 10(20)/04кВ трафостаница.

31.
За градежната парцела, за електромрежата, треба да се изработи основен проект.

32.
Обврзно е при изработката на Архитектонско-урбанистичките и основните проекти да се предвиди громобранска инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

33.
Градбите да се приклучат во електронско-комуникациската мрежа на начин утврден со посебен основен проект за конкретен корисник.

34.
Комуникацискиот кабел да се полага на начин кој нема да ја попречува работата на другите јавни комуникациски мрежи и придружни средства, како ни работата на други јавни електронски комуникациски услуги и услуги од друг карактер.

10.2.4. Посебни услови за изградба од доменот заштита на природното наследство

35.
При изработка на Архитектонско-урбанистичкиот проект на градбата, како и градбите на инфраструктурата задолжително е вградување на мерки за заштита на природното наследство согласно прописите за заштита на природата, со цел да се спречи деградирање на вредностите на просторот и нарушување на природната рамнотежа.

36.
Присуство на чиста преработувачка индустрија со висок степен на обработка со цел да се спречи оштетување на деловите на природата.

за работниот тим:

0

ТАТЈАНА ТРИШИЌ
дипл.инж.арх.
Овластен планер 0370

Тришиќ Татјана , дипл.инж.арх. овластување бр: 0.0370
раководител на Локална урбанистичка планска документација

2. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

- Група на класа на намена : Е3	Некомпатибилна инфраструктура
- Класа на намена:	Стовариште на нафта и нафтени деривати и придружни објекти
- Површина на градежна парцела	19285,5м²
-Утврден простор за градење на градбите во рамките на градежната парцела	14022,78м²
-Максимална површина за изградба на градбата во утвдредниот простор за градење	13499,85м²
- Вкупна изградена површина на сите спратови	40499,55м²
- Максимален број на спратови	/
- Максимална височина на градбите до венец	20м
- Висинска кота на приземна плоча	ќе се утврди со АУП
-Процент на изграденост во однос на градежната парцела (П)	70%
- Коефициент на искористеност во однос на градежната парцела	2.1
- Висина на кровна конструкција	ќе се утврди со АУП
- Мах. агол на кров	ќе се утврди со АУП
- Паркирање: Внатре во градежната парцела	дефинирано со АУП, а големината и бројот на паркинг местата да биде исклучиво согласно Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ бр: 142/10, 64/11 и 98/11), член 59, 60 и 61.

2.1. Нумерички показатели

Нумерички показатели за сообраќајната инфраструктура

Должината на сообраќајниците опфатени со оваа Локална урбанистичка планска документација изнесува:

- пристапен пат 0,00м

Нумерички показатели за водоснабдување и одведување отпадни води

Мрежа за санитарна вода

- довод на вода од водоснабдителна мрежа на градот Куманово
- НД 110

Фекална канализациона мрежа

- во попивателни бунари во рамките на парцелата

Атмосферска канализациона мрежа

- во попивателни бунари во рамките на парцелата

Нумерички показатели за електроенергетска инфраструктурата

- дистрибутивен 10(20)кВ надземен вод,

Нумерички показатели за телекомуникациска инфраструктура

- 3 приклучни телефонски ормани со површина од 1,5м2

* *

за работниот тим:

ТАТЈАНА ТРИШИЌ
дипл.инж.арх.
Овластен планер 0370

Тришиќ Татјана , дипл.инж.арх. овластување бр: 0.0370
раководител на Локална урбанистичка планска документација

2.2.Билансни показатели

Билансните показатели споредбено ги покажуваат нумеричките вредности од планското решение и оние од постојна состојба од документациона основа.

Документациона основа					Планска документација				
Регистрирани градби во Документациона основа	намена	Изградена површина на приземје м²	Развиена површина по катови м²	% на изграденост во однос на Г.П.	Предвидена површина за градење м²	намена	Утврден дел од градежната парцела за градење на повеќе градби м²	Вкупна развиена површина по катови м²	% на изграденост
-	Земјоделско земјиште	-	-	-	14022,78	Стовариште на нафтени деривати и придружни објекти	13499,85	40499,55	До 70%

***

за работниот тим:

0

ТАТЈАНА ТРИШИЌ
дипл.инж.арх.
Овластен планер 0370

Тришиќ Татјана , дипл.инж.арх. овластување бр: 0.0370
раководител на Локална урбанистичка планска документација

Република Северна Македонија

Министерство за транспорт и врски

Сектор за уредување на просторот

19 март, 2021

Архивски број : 24- 2220/2

До : Друштво за производство и трговија на големо и мало Детоил доо увоз-извоз Куманово

Предмет : Доставување на УП

Врска : Наш број 24-2220/1 од 17.03.2021 година

Почитувани,

До Министерството за транспорт и врски доставивте Барање со број 0306-68 од 26.01.2021 година за издавање извод од Урбанистички проект за изградба на сервиси за одржување и поправка на моторни возила со помошни простории и паркилиште на КП 372, 363/1, 364/2, 368, 369, 370, 371/2, 371/2, 371/3 371/4 и 371/5, КО Речица – општина Куманово, изработен од УРБАН ГИС доо – Куманово со техн број 01/09 од јануари 2009 година, одообрен од Министерство за транспорт и врски со Решение бр. 16-661/10 од 13.04.2009 година.

Постапувајќи по Вашето барање, Ве известуваме дека Министерството за транспорт и врски Ви го доставува во изворна и идентична форма на оригиналот бараниот Урбанистички проект заради негово спроведување и понатамошна постапка, во електронска форма по електронска пошта на е-маил info@detoil.com.mk

МИНИСТЕР
Благој Бочварски

Изработил : Александар Карангелов, диа

Одобрил: Весна Андриевска, диа

Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Плоштад Црвена Скопска општина “ бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

УРБАН ГИС ДОО

КУМАНОВО

ОДОБРЕН УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
со технички број 1/09 од 2009 г.
согласно Решение
број 16-661/10 од 13.01.2009 г.
Министер

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА

ИЗГРАДБА НА СЕРВИСИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ПОПРАВКА НА МОТОРНИ ВОЗИЛА СО ПОМОШНИ ПРОСТОРИИ НА КП 372, 363/1, 364/2, 368, 369, 370, 371/2, 371/3, 371/4, 371/5, М.В. ШУМЈАК КО РЕЧИЦА

ОПШТИНА КУМАНОВО

УРБАНИСТИЧКИОТ ПРОЕКТ
со технички број 01/09 од
ЈАНУАРИ 2009 год. е составен дел
на Решението за локациски услови со
бр. 18 Уп.- 194/2 од 29.06.09 г.
Раководител,

ТЕХ.БР.01/09

ЈАНУАРИ 2009

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА

ИЗГРАДБА НА СЕРВИСИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ПОПРАВКА НА МОТОРНИ ВОЗИЛА СО ПОМОШНИ ПРОСТОРИИ НА КП 372, 363/1, 364/2, 368, 369, 370, 371/2, 371/3, 371/4, 371/5 МВ ШУМЈАК КО РЕЧИЦА

НАРАЧАТЕЛ: ДЕТОИЛ-ДОО КУМАНОВО

ДОНЕСУВАЧ: ОПШТИНА КУМАНОВО

ИЗРАБОТУВАЧ: УРБАН ГИС ДОО КУМАНОВО

УПРАВИТЕЛ: ВАЛЕНТИНА БАРЏИЌ СПАОВСКА

ТЕХНИЧКИ БРОЈ: 01/09

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА

ИЗГРАДБА НА СЕРВИСИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ПОПРАВКА НА МОТОРНИ ВОЗИЛА СО ПОМОШНИ ПРОСТОРИИ НА КП 372, 363/1, 364/2, 368, 369, 370, 371/2, 371/3, 371/4, 371/5 МВ ШУМЈАК КО РЕЧИЦА

ИЗРАБОТУВАЧ: УРБАН ГИС ДОО КУМА НОВО

ПЛАНЕРИ:

Валентина, Барџиќ, Спасовска, дипл.инж.арх.
број на овластување .0053

Александар Гелевски, дипл.инж.арх.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.crm.org.mk

РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА КУМАНОВО

ЕМБС:	**5651387**

Целосен назив на Субјектот на Упис:	Друштво за просторно и урбанистички планови инжинеринг и др. УРБАН ГИС ДОО Куманово
Единствен дел од името на Субјектот на Упис:	УРБАНГИС
Кратко име:	УРБАНГИС [i]
Седиште:	Ул. 11-ТИ ОКТОМВРИ Бр.7 КУМАНОВО КУМАНОВО
Вид на субјект на упис:	ДОО
Датум на основање:	22.04.2002
Вид на сопственост:	Недефинирана сопственост
Единствен даночен број:	4030002446996
Големина на субјектот:	микро
Организационен облик:	05.3 - друштво со ограничена одговорност
Надлежен регистар:	Трговски Регистар
Статус на субјектот од ОСС:	Активен
Статус од Регистар на годишни сметки:	Активен

Основна главнина	
Непаричен влог MKD:	158.600,00
Вкупно основна главнина MKD:	158.600,00

Сопственици

ЕМБГ/ЕМБС:	2506963425005
Име:	**ВАЛЕНТИНА СПАСОВСКА**
Адреса:	Ул. ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА Бр.28 КУМАНОВО КУМАНОВО
Тип на сопственик:	Основач/сопственик
Паричен влог MKD:	6.100,00
Уплатен дел MKD:	6.100,00
Вкупен влог MKD:	6.100,00
КОНТАКТ:	
Телефон:	412-498

ЕМБГ/ЕМБС:	6067441
Име:	**АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ**
Адреса:	Ул. ЈУРИЈ ГАГАРИН Бр.17 СКОПЈЕ КАРПОШ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

ВРЗ ОСНОВА НА ЧЛЕН 18, СОГЛАСНО СО ЧЛЕН 79, СТАВ 2 ОД ЗАКОНОТ ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", БРОЈ 51/05), МИНИСТЕРОТ ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ ИЗДАВА

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
ОСВЕН ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

НА

УРБАН ГИС Д.О.О. КУМАНОВО

СО ИЗДАВАЊЕТО НА ОВА ОВЛАСТУВАЊЕ ПРАВНОТО ЛИЦЕ СЕ ЗДОБИВА СО ПРАВО НА ИЗРАБОТУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, ОСВЕН ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

ОВЛАСТУВАЊЕТО ВАЖИ СЕ ДОДЕКА СЕ ИСПОЛНЕТИ УСЛОВИТЕ СОГЛАСНО ЧЛЕН 79 ОД ЗАКОНОТ ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

****

БРОЈ 02-16892/2
ИЗДАДЕНО НА 18 НОЕМВРИ 2005
СКОПЈЕ

****

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
МИНИСТЕР,

.....

ЏЕМАЛИ МЕХАЗИ

Република Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
ОДНОСНО ПЛАНЕР, ПОТПИСНИК НА ПЛАНСКА
ДОКУМЕНТАЦИЈА

БРОЈ НА ОВЛАСТУВАЊЕ:
0.0053

на

ВАЛЕНТИНА СПАСОВСКА

дипломиран инженер архитект

МБ: 2506963425005

СО ДОБИВАЊЕ НА ОВА ОВЛАСТУВАЊЕ НОСИТЕЛОТ СЕ ЗДОБИВА
СО ПРАВО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
ОДНОСНО ПЛАНЕР-ПОТПИСНИК НА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
СОГЛАСНО ЗАКОН

0

ВАЛЕНТИНА СПАСОВСКА
дипл.инж.арх.
Овластен планер 0053

Скопје,
14. Јули, 2008 год.

Претседател на Комора

Д-р Страхиња Трпевски,
дипл.инж.арх.

Друштво за просторни и урбанистички планови,
инженеринг и др."Урбан-Гис"ДОО
Бр. 08-2/1 од 20. 01. 2009год.
К У М А Н О В О
==========

Врз основа на член 15,16,35,36,37 и 38 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр. 51/2005) донесувам следното

Р Е Ш Е Н И Е

За определување главен проектант за фаза **Урбанистички проект** се одредува Валентина Спасовска дипл. инж. арх. за :

Објект: **Изградба на сервис за одржување и поправка на моторни возила со помошни простории и терминал на КП - 363/1; 364/2, 368; 369; 370; 371/2;371/3; 371/4; 371/5; м.в. Шумјак КО Речица- Општина Куманово.**

Инвеститор:*Каранфиловски Дејан на ул".Никола Тесла" бр. 1*60 Куманово и ДЕТОИЛ доо на ул. "Никола Тесла" бр. *1*60 Куманово

Проектантот со оваа Решение при изработка на техничката документација е должен да се придружува кон одредбите од член 15,16,35,36,37 и 38 од Законот за градење ("Службен весник на РМ бр. 51/05")

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Работникот одреден за проектант на инвестиционо-техничката документација ги исполнува условите пропишани во член 1 од цитираниот Закон и има над предвидениот минимум стручна пракса за стекнување право за изработка на инвестиционо-техничка документација од овој домен.

Управител,

Валентина Барџиќ-Спасовска д.и.а.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА КУМАНОВО

СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА

- ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ -

Куманово12.05.2008.

Ваш број:

Наш број: 21-5077/2

ДО
ДЕТОИЛ ДОО
Куманово

ПРЕДМЕТ: Известување

Во врска со Вашето барање Бр.21-5077/1 од 08.05.2008г.,Ве известуваме дека за КП. бр.363/1,364/1,364/2,369 и 368 КО Речица м.в."Шумјак„ . нема донесено никаква урбанистичко-планска документација , па затоа не сме во можност да Ви издадеме извод од план.

Т.Д.

РАКОВОДИТЕЛ,

Дипл.инж.арх. Лилјана Ланг Спасовска

Република Македонија
Министерство за внатрешни работи

рег. бр.18.1.3-411

Скопје 06.02.2009 г.

До

Агенција за државни патишта
Скопје

Министерство за внатрешни работи
Сектор за полиција
Одделение за сообраќајни работи
Ул.Димче Мирчев бб
Скопје,

Тел. (02) 3111 042
Факс: (02) 3143 400

www.mvr.gov.mk

ПРЕДМЕТ:Одговор на барање за трајна измена на режим на сообраќај на магистралниот пат М-1,поради приклучок на бензинска станица со придружни содржини ,доставува.-

ВРСКА:Ваш акт бр.1/2009 од 05.01.2009 година.

Во врска со Вашето барање под горниот број, за трајна измена на режим на сообраќај на магистралниот пат М-1 на делница Табановце-Куманово,поради изградба на автопат и оформување на нов приклучок за бензинската станица со придружни содржини,Ве известуваме дека врз основа на увидот во приложениот проект,изготвен од страна на Кад Биро,Дооел-Скопје,како и теренски увид на лице место, Одделението за сообраќајни работи при Сектор за полиција, ја издава следната:

С О Г Л А С Н О С Т

Трајно да се измени режимот на сообраќајот на магистралниот пат М-1 на делница Табановце-Куманово,поради изградба на автопат и оформување на нов приклучок за бензинската станица со придружни содржини,според приложениот проект.

ПОМОШНИК НА ДИРЕКТОРОТ
НА СЕКТОР ЗА ПОЛИЦИЈА
Главен полициски советник
Тони Станковски

СОДРЖИНА:

1. Воведен дел
Општи информации
Цели на планот

2.Извод од општи и посебни одредби од услови за планирање
Местоположба и граници на урбанистички проект
Клима
Хидрографски карактеристики
Сеизмологија

Проектна програма
3.Урбанистичко образложение за проектното решение
Урбанистички услови за изградба

Економско образложение за начинот и динамиката на изградба
4. Економско образложение
Опис на локација

5. Услови за изградба
Општи услови за изградба
Посебни услови за изградба
Содржина, функција и намена
Инфраструктуа
Комунална
Фекална канаклизациа
Атмосферска канализациона мрежа
Електрика
Телефон
Затоплување
Сообрашајно решение
Хортикултура
Мерки за заштиа
Заштита на воздухот, тлото и подземните води
Мерки и средства за заштита од пожар

6. Нумерички дел
Билансни показатели
Нумерички показатели

ГРАФИЧКИ ДЕЛ:
1. Организација на поширок регион- извод од топографска карта ; М=1:25000
2. План на намена на земјиштето за градба; М=1:1000
3. Регулационен план, план на зеленило, план на намена на земјиштето, план на површини за градење М=1:1000
4. Сообраќаен план, нивелациски план , инфраструктурен план, ситуација; М=1:1000
5. Идејни решенија на објектите

УРБАН ГИС ДОО Куманово

Врз основа на член 205 став 1 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/05), а во врска со член 4 став 3 од Законот за спроведување на Просторниот План на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/2004), министерот за животна средина и просторно планирање, постапувајќи по барањето на инвеститорот ДЕТОИЛ ДОО Куманово , го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

за Услови за планирање на просторот

15-108/2
16.01.09

1.Со ова Решение на ДЕТОИЛ ДОО Куманово, како инвеститор ,се издаваат Услови за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички проект за изградба на Сервис за одржување и поправка на возила со помошни простории и паркинг простор и терминал во м.в. Шумјак на КП 363/1; КП 364/2; КП 368; КП 369 ; КП 370; КП 371/2; КП 371/3; КП 371/4; КП 371/5 во КО Речица, Општина Куманово.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 од ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех. Бр **36108** се составен дел на Решението

3. Условите за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички проект за изградба на Сервис за одржување и поправка на возила со помошни простории и паркинг простор и терминал во м.в. Шумјак на КП 363/1; КП 364/2; КП 368; КП 369 ; КП 370; КП 371/2; КП 371/3; КП 371/4; КП 371/5 во КО Речица, Општина Куманово**, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат извод од Просторниот план на Република Македонија.

Образложение

Врз основа на член 4 став 3 од Законот за спроведување на Просторниот План на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/2004), инвеститорот ДЕТОИЛ ДОО Куманово, поднесе барање бр 15-8588/1 од 23. 12. 2008 год. за издавање услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички проект за изградба на Сервис за одржување и поправка на возила со помошни простории и паркинг простор и терминал во м.в. Шумјак на КП 363/1; КП 364/2; КП 368; КП 369 ; КП 370; КП 371/2; КП 371/3; КП 371/4; КП 371/5 во КО Речица, Општина Куманово.

За изготвување и донесување на овие планови, Министерството за животна средина и просторно планирање во рамките на своите надлежности издава Решение за услови за планирање на просторот.

Согласно член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр.51/05 и 137/07), Агенцијата за планирање на просторот, ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички проект за изградба на Сервис за одржување и поправка на возила со помошни простории и паркинг простор и терминал во м.в. Шумјак на КП 363/1; КП 364/2; КП 368; КП 369 ; КП 370; КП 371/2; КП 371/3; КП 371/4; КП 371/5 во КО Речица, Општина Куманово,како составен дел на Решението за услови за планирање на просторот.

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Сектор за просторно планирање

До:	ДЕТОИЛ ДОО КУМАНОВО
Предмет:	Достава
Врска:	00-55/08 од 23 . 12. 2008 год.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 15-108/2
16.01.2009 год.
Скопје

Во врска со Вашето барање за Услови за планирање на просторот бр.15- 8588/1 од 23.12.2008 год. за издавање Решение за Услови за планирање на просторот, за изработка на**Урбанистички проект за изградба на Сервис за одржување и поправка на возила со помошни простории и паркинг простор - терминал во м.в. Шумјак на КП 363/1; КП 364/2; КП 368; КП 369 ; КП 370; КП 371/2; КП 371/3; КП 371/4; КП 371/5 во КО Режица, Општина Куманово,** Ви го доставуваме Решението за Услови за планирање на просторот под бр. 15-108/2 и Елаборат за услови за планирање на просторот со тех. бр. 36108 изготвен од Агенцијата за планирање на просторот - Скопје.

Изработил : Драган Павлоски
Одобрил:Виолета Дракуловска

МИНИСТЕР
Dr. Nexhati Jakupi

Прилог:- Решение за Услови за планирање на просторот бр.15- 108/2
-Елаборат за Услови за планирање на просторот тех. бр. 36108

ул. Дрезденска бр. 52, 1000 Скопје тел. 02 30 66 930, тел/факс 02 30 66 931
e-mail: infoeko@moe.gov.mk web: www.moepp.gov.mk

Агенција за планирање на просторот

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА

изградба на сервис за одржување и поправка на моторни возила со помошни простории и терминал на м.в. Шумјак КП: 363/1, 364/2, 368, 369, 370, 371/2, 371/3, 371/4, 371/5, КО Речица

-ОПШТИНА КУМАНОВО-

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА Р. МАКЕДОНИЈА

Тех. бр. 36108

Скопје, 2009 год.

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА

изградба на сервис за одржување и поправка на моторни возила со помошни простории и терминал на м.в. Шумјак КП: 363/1, 364/2, 368, 369, 370, 371/2, 371/3, 371/4, 371/5, КО Речица

-ОПШТИНА КУМАНОВО-

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА Р. МАКЕДОНИЈА

Барател:
ДОО" ДЕТОИЛ"-Куманово

Тех. бр. 36108
Е. бр.У36108

Раководител на задачата:
Лидија Петковска дипл.инг.арх.

Агенција за планирање на просторот

Директор:
Огнен Апостолски дипл.инг.арх.

Скопје, 2009

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА СЕРВИС ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ПОПРАВКА НА МОТОРНИ ВОЗИЛА СО ПОМОШНИ ПРОСТОРИИ И ТЕРМИНАЛ НА М.В. ШУМЈАК КП: 363/1, 364/2, 368, 369, 370, 371/2, 371/3, 371/4, 371/5, КО РЕЧИЦА

-ОПШТИНА КУМАНОВО-

На седницата одржана на 11.06.2004 година, Собранието на Република Македонија, го донесе Просторниот план на Р. Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Имајќи ја предвид важноста на Просторниот план, со донесувањето на Планот се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија.

Со Законот се уредуваат условите начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот.

Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- **координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите простории и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот**, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.

Во функција на спроведувањето на Планот, обврзно се усогласуваат соодветните стратегии, основи како и другите развојни програми и сите видови на планови, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, како и со урбанистички планови за населените места и **друга документација за планирање и уредување на просторот**, предвидена со закон.

За изготвување и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава **Решение за Услови за планирање на просторот**.

Условите за планирање на просторот, според овој Закон, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилог или прилози кои ги прикажуваат решенијата на Планот.

Во конкретниот случај условите за планирање се издаваат за потребите за изработка на **Урбанистички проект за изградба на сервис за одржување и поправка на моторни возила со помошни простории и терминал на м.в. Шумјак КП: 363/1, 364/2, 368, 369, 370, 371/2, 371/3, 371/4, 371/5, КО Речица-општина Куманово . Локацијата на сервисот е на земјиште со бонитет Vкласа.**

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето во соодветниот плански документ, обработени во Просторниот план на Р. Македонија, а во согласност со истиот.

Основни определби на Просторниот план

Основната стратешка определба на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата и **обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји.** Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира **намалување на регионалните диспропорции**, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура.

Во инвестиционите одлуки за материјалното производство, стриктно се почитуваат локационите, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво.Една од основните цели на Просторниот план се однесува на рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство и лоцирање на преработката на простори врзани со местото на одгледување или искористување.

Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. Во напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на **унапредувањето и заштитата на животната средина.** Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

Природни и климатски карактеристики

Местоположба и ружа на ветрови



Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата а без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, рељефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

Предметната локација се наоѓа источно од населено место Речица на надморска височина од 350 метри.

Клима

Подрачјето на регионот се карактеризира со умерено континенттална клима, со модифицирани летни температури условени од северните континентални влијанија и со распоред на поголеми врнежи преку зимскиот период, како резултат од медитеранскиот плувиометриски режим.

Просечната годишна температура на воздухот е 11.7^{0}C. Годишната амплитуда на температурата изнесува 22,2^{0}C. Максималната просечна годишна температура е 17.6^{0}C, а минималната е 6.1^{0}C. Разликата помеѓу апсолутно максималната (39,5^{0}C) и апсолутно минималната (-23,1^0 C) изнесува 62,6^{0}C. Во овој простор има интензивна инсолација со времетраење од 2204 часа сончев сјај годишно или 6.3 часа дневно. Бројот на ведри денови е 102 дена, облачни има 161 ден и тмурни 101 ден. Релативната влажност на воздухот просечно годишно изнесува 72%, а најголема влажност има во декември и јануари од 85% февруари 83%, а најмала влажност во јули и август по 60%. Како резултат на ниските темературти во регионот должината на мразниот период изнесува 166 дена просечно годишно, и има 20 дена со снег и 38 дена со град, а доста се чести појави на магла особено во зимските месеци. Просечно годишно се магловити 30 дена. Поројните дождови се појавуваат просечно 6,7 дена во годината. Според врнежите (дожд, снег и град) подрачјето е со релативно мали временски

нееднакво распределени врнежи. Тие варираат како по годишните сезони, така и од година во година. Просечно годишно врнежите изнесуваат 506,8 мм., со максимум во мај (68,9мм.) ноември (53,6мм.) и јуни (52,3 мм.) и минимум во август (26,6мм.), јануари (32,6мм.) и февруари (32,9мм.).

Според воздушните струења овој простор припаѓа во релативно ветровитите подрачја, бидејќи просечно годишниот број на тишините изнесува 306‰ (најмали во Македонија). Доминантен е северниот ветер кој дува преку цела година со просечна честина од 331‰ и просечна брзина од 3.2 м/сек. Најголемата честина има во јуни, јули и јануари. Изразити по честина се северозападниот 105‰ југозападниот 69‰ јужниот ветер 68‰, североисточниот 58‰ југоисточен 43‰ западниот со честина од 13‰ и источниот ветар со честина од 7‰.

Сеизмика

Од досега случените земјотреси максимално набљудуваниот интензитет предизвикан од локалните епицентрални жаришта е со јачина од V° МЦС скала, односно максималниот степен од досега случените земјотреси предизвикани од подалечните епицентрални жаришта изнесува VII°по МЦС скала.

Економски основи на просторниот развој

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на стопанските активности во Просторниот план на Република Македонија се темели на дефинираните цели на економскиот развој во "Националната стратегија на економскиот развој", определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на стопанството.

Според нивото на развиеноста на стопанската структура, фазата од развојот во која се наоѓа стопанството, степенот на расположивоста на факторите, стопанските состојби и економската позиција на Република Македонија во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори во Државата.

Концепцијата на просторната организација на стопанските дејности се темели на објективните фактори според кои разместувањето се врши на два начина: **спонтано**, со избор на локација на одделни фирми, претпријатија, капацитети, погони, според одлуките на одделните сопственици или менаџери и **програмирано**, со изградба според предвидувањата и одлуките на општодржавните органи или на органите во локалната самоуправа.

Со овие две методи на одлучување, просторната организација се остварува, со текот на времето, како дисперзија во просторот и како концентрација на стопанството на одделни места.

Со спонтаното разместување на стопанските капацитети и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е градот Куманово со гравитационо влијание врз локацијата за која се наменети Условите за планирање.

Половите на развој ги формираат оските на развојот кои во минатото се формирале во зависност од географските карактеристики на просторите, т.е. според релјефот, теченијата на реките и слично. Во денешно време позначајни станаа деловните односи, меѓучовечките комуникации, географските белези, како и изградените инфраструктурни системи и стопански капацитети.

Со Просторниот план на Р. Македонија дефинирани се пет оски на развој од кои релевантна за наведената локација за изградба на сервис за одржување и поправка на моторни возила со помошни простории и терминал на м.в. Шумјак КП: 363/1, 364/2, 368, 369, 370, 371/2, 371/3, 371/4, 371/5, КО Речица во општина Куманово се две: **"Источната" и Оската"Север-југ".**

Оската"Север-југ" минува по средината на територијата на земјата, следејќи го од Скопје на југ течението на реката Вардар. Формирана е историски во текот на целиот XX век, па и порано, а на југ, преку границата стигнува до Солун. По Првата светска војна таа продолжи и на север, па се спои со оската по течението на реката Морава. Денес, на територијата на земјата ги поврзува градовите: **Куманово** - Скопје - Велес - Неготино (и Кавадарци) - Демир Капија - Валандово - Гевгелија. На север од Скопје има и еден крак до Приштина. Какви промени и да се случат, во наредните децении оваа оска ќе остане главна.

"Источната развојна оска" има добри изгледи да се оформи во источниот дел од Р. Македонија поврзувајќи ги градовите: **Куманово**-Свети Николе-Штип-Радовиш и Струмица. На север еден крак оди кон Р. Србија и Црна Гора, а од Струмица, еден крак води до Петрич во Р. Бугарија. **Во сегашно време оваа оска е со слаб интензитет, но развојот ќе го зголемува нејзиното значење.**

Сите оски кои се зацртани со Просторниот план на Државата ќе се имаат предвид за просторната организација, а во прв ред за модернизацијата на патиштата, за изградбата на далекуводи, гасоводи итн.

Реализацијата на Урбанистичкиот проект за изградба на сервис за одржување и поправка на моторни возила со помошни простории и терминал на м.в. Шумјак КП: 363/1, 364/2, 368, 369, 370, 371/2, 371/3, 371/4, 371/5, КО Речица во општина Куманово, **согласно определбите на Просторниот план на Р. Македонија треба да биде поставена врз принципите за заштита на животната средина и одржлив локален и национален развој.**

Користење и заштита на земјоделското земјиште

Зачувувањето, заштитата и рационалното користење на **земјоделското земјиште** е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството, а конфликтните ситуации, кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности, ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено економска рационалност и оправданост.

За оптимално искористување на еколошките и други услови со Просторниот план на Р. Македонија до 2020 година, се предлага да се користи реонизацијата според која Републиката Македонија е поделена во 6 земјоделско-стопански реони и 54 микрореони. Предметниот локалитет се наоѓа во **Скопско Кумановски реон, со 14 микрореони.**

При изработка на планската документација за стопанскиот комплекс, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на норми и стандарди за градба.

Заштитата на земјоделското земјиште, како една од приоритетните опредеби на Просторниот план, од аспект на забрана на пренамена на земјиште со квалитет од I-ва до IV-та бонитетна класа за неземјоделски цели, се регулира со членовите 48, 49, 50, 51 од Законот за земјоделско земјиште (Сл. в. на Р.М бр. 135/07).

Согласно Законот за земјоделско земјиште (член 49), при зафаќање на нови земјоделски површини од I, II, III и IV-та бонитетна класа, предвидени со програмата за изработка на урбанистички планови, единиците на Локалната самоуправа се должни да прибаваат согласност за трајна пренамена на земјиштето од министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Шуми и шумско земјиште

Планскиот концепт на развој на шумите и шумското земјиште утврден со Просторниот план на Р. Македонија е насочен кон задоволување и остварување на следните поставени цели:

- Пошумување на терените каде е извршено разграничување на земјиштето - бонитирање, на терените каде се добиваат најголеми ефекти (зголемен прираст, подобрување на животната средина, туристичко-рекреативни цели и др.) и на терените каде постои и друга економска оправданост и итност (регулирање на водниот режим, ерозивни подрачја, заштита на населби, патишта, војни, комунални и други објекти, хигиенски и санитарни функции и сл.);
- Воведување на посовремена техника и технологија при користењето на шумските производи и порационално користење на дрвната маса преку зголемување на учеството на техничкото дрво за сметка на огревното и отпадокот при сеча и изработката на шумски дрвни сортименти;
- Зголемување на отвореноста на шумите со шумски комуникации, подобрување на квалитетот на шумските патишта и подобрување на условите за стопанисување со останатите шумски производи;

Проекцијата за пошумување со Просторниот план на Р. Македонија за периодот до 2020 год. базира на постојните природни услови, во прв ред климатските, геолошките и педолошките, постојната состојба на шумите и шумското земјиште, загрозеноста на земјиштето од ерозија, загаденоста на воздухот и состојбата на животната и работната средина, како и врз база на економските состојби во државата.

Според планските предвидувања утврдени со Просторниот план на Р. Македонија, во Регионот на Куманово се планира пошумување во шума и вон шума на околу 5500ха.

Врз основа на тоа се предвидува дека во Кумановскиот регион во 2020 год. вкупната површина под шуми ќе изнесува 29.100ха, дрвната маса се процепува на износ од околу 1.510.000 м^3 и вкупен годишен прираст од 63 000 м^3.

Со цел да се отпочне реверзибилен процес, на враќање на шумата во терените каде таа некогаш постоела, и да се остварат оптимални користи од земјиштето и биолошките капацитети во шумарството, неопходно е строго придржување кон критериумите, принципите и проекциите за развој и унапредување на шумарството до 2020 година, дефинирани со Просторниот план на Р. Македонија:

- Навремено изведување на одгледувачките и обновителните зафати со однапред одреден годишен изведбен план и програма;
- Во годишните планови и среднорочни програми за пошумување, апсолутна предност да се дава на површините со изразена ерозија и терените во непосредните сливови на вештачките акумулации;
- Пошумување на голините со автохтони видови на дрвја, особено околу изворите на вода предвидени за каптирање;
- Пошумување на голините и земјоделските површини, покрај фреквентните патишта, заради заштита од зголемениот степен на загаденост.

Минерални ресурси

Рудното богатство на Република Македонија е разновидно, но со релативно мали истражени резерви. Регистрирани се металични, неметалични и енергетски минерални суровини, чии лежишта се експлоатираат, а најголем број од нив се недоистражени.

Во областа на **минералните суровини** планските определби од Просторниот план на Р. Македонија се однесуваат особено на:

- Примена на современи технологии и техники во рудниците за експлоатација на суровините;
- Дефинирање и уредување на начинот, условите и критериумите за ангажирање на странски капитал во вкупната проблематика на минералните суровини (истражување, експлоатација и преработка);
- Намалување на деградацијата на средината во процесот на експлоатација и преработката на рудите и санирање и рекултивирање (техничко и биолошко) на деградираните и загрозените површини со експлоатација на рудите и депониите на јаловина;
- Заштита на зоните, ревирите и рудните лежишта од непланска изградба на времени и трајни градежни објекти.

Респектирајќи го геолошкиот состав, тектонскиот склоп, процесите на седиментација и магматска мобилност како основни природни предиспозиции во создавањето на рудните лежишта, наоѓалишта и рудни појави, на територијата на Републиката се издвоени **шест основни рудни реони,** од кои анализираниот простор припаѓа на **Вардарска Зона** -(во правец ССЗ-ЈЈИ, од линијата Радуша-с. Табановце на северната државна граница, ЈЈИ по линијата на рудник Алшар-с. Николиќ кај Дојранското езеро го завзема средишниот дел од државата) и **Кенозојските седиментни басени** кои се најмладите езерски, а веројатно и марински седиментациони басени, со различна кенозојска старост и различна литолошка и геотектонска градба (полошкиот, скопскиот, кума-новскиот,

славишкиот, овчеполскиот, делчевско-пехчевскиот, струмичкиот, тиквешкиот, пелагонискиот, ресенски-от, дебарскиот и струшкиот).

Расположивите биланси рудни резерви на минерални суровини во постојните рудни лежишта, по веќе дефинираните региони, се основа во планирањето на идната експлоатација. Изборот (по приоритет) на конкретни лежишта за експлоатација се смета за динамична променлива категорија и зависи од повеќе променливи фактори со пазарен, стратегиски и развоен (техничко-технолошки) и финансиско-инвестиционен карактер.

Како приоритетни суровини за **експлоатација** дефинирани во Просторниот план на Р. Македонија во Вардарска зона се: металите, неметалите и водите, додека во Кенозојски- седиментни басени се метали, неметали, води и енергетски суровини.

Водни ресурси и водостопанска инфраструктура

Со цел да се согледаат **расположивите водни ресурси** согласно Просторниот план на Република Македонија, територијата на Републиката во трите основни сливови на реките Вардар, Струмица и Црн Дрим е поделена на 15 водостопански подрачја. (ВП): ВП "Полог", "Скопје", " Треска", "Пчиња", "Среден Вардар", "Горна Брегалница", "Средна и Долна Брегалница", "Пелагонија", "Средна и Долна Црна", "Долен Вардар", "Дојран", "Струмичко Радовишки", "Преспа", "Охридско - Струшко"и "Дебар".

Локацијата за изградба на сервисот за одржување и поправка на моторни возила со помошни простории и терминал на м.в. Шумјак КП: 363/1, 364/2, 368, 369, 370, 371/2, 371/3, 371/4, 371/5, КО Речица, општина Куманово припаѓа на водостопанското подрачје "Пчиња" кое го опфаќа сливот на реката Пчиња од влезот од Р.Србија во Р. Македонија до вливот во река Вардар.

За подмирување на потребите од вода најзначајни се површинските води како се најраспостранети, најблиски до местата на човековата активност и се незаменлив ресурс кој обезбедува живот и развој на екосистемот.

Друг значаен ресурс на води се подземните води - аквифери формирани главно во котлините и нивната издашност зависи од климатските, морфолошките и хидрогеолошките карактеристики на просторот. Овие води поради високиот квалитет, со кој најчесто се одликуваат, може да имаат големо значење за покривање на потребите од вода, но потребни се дополнителни истражувања за нивниот квантитет и квалитет. Како посебен вид на подземни води се издвоени наоѓалиштата со термални, термоминерални и минерални води од кои во регионот на В.П "Пчиња" со значаен квалитет и капацитет се забележани на просторот Куманово -Кратово.

Во Републиката се регистрирани вкупно 4.414 извори од кои со издашност над 100 л/сек регистрирани се 58. Во ВП "Пчиња" регистрирани се 614 извори, но ни еден не е регистриран како извор со значајна издашност.

Согласно Просторниот план на Република Македонија и долгорочните планирања, основна цел во развојот на водостопанството е обезбедување на доволна количина на квалитетна вода, првенствено за водоснабдување на населението и прехранбената индустрија, а потоа за сите други дејности кои произлегуваат од сегашниот и планираниот развој на просторот.

Бидејќи изворниците на вода и водостопанските системи во однос на другите системи имаат построги барања во поглед на развојот и заштитата, при изградбата на станицата со цел да се заштити и задржи квалитетот на водите треба да се запазат основните принципи за користење на водите и нивна заштита:

- Оформување и одржување на заштитни зони околу сегашните и идните изворници за водоснабдување според стандардите за ваков вид на ресурси (доколку се користи самостоен изворник за водоснабдување);
- Синхронизирана изградба на водостопанските објекти со кои се овозможува повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода;

Долгорочното решавање на обезбеденост со вода и користењето на водите и заштита на водите, треба да се одвива во насока на:

- Намалување на загубите на вода со рационално користење на водата и модернизација на системите за водоснабдување;
- Спречување одделни парцијални решенија кои ќе го отежнуваат или оневозможуваат идниот развој на комплексни позитивни водостопански решенија;
- Доколку при обезбедувањето на потребните количини на вода за водоснабдување на сервисот се користат подземни води динамиката на користењето мора да биде усогласена со барањето на долгорочна експлоатација, без влошување на квалитетот. Не се дозволува прекумерна експлоатација на подземните води поради кое би дошло до пореметување на нивниот режим.

Еден од основните приоритети во заштитата на животната средина е заштитата на површинските и подземните води. За таа цел потребна е изградба на **канализациони системи** за прифаќање на отпадните води, нивно доведување до пречистителна станица и испуштање во најблискиот реципиент по доведување на квалитетот на вода до потребниот степен. При изградбата на сервисот треба да се почитува:

- Проектирањето и изведувањето на канализационата мрежа да се врши по важечки прописи и стандарди;
- Принципот на заштита на квалитетот на водите на самите извориштa на загадување. Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот треба да бидат подложени на третман на пречистување, односно да бидат доведени до квалитет према "Уредба за класификација на водите"

Во функционирањето на сервисот за одржување и поправка на моторни возила во употреба ќе бидат група на опасни супстанции: петрохемиски течности - сурова нафта, бензин, дизел гориво и др. токсични супстанци кои можат да предизвикаат загадување на површинските и подземните води. За да се избегне емисија што би можела да влезе директно или индиректно во површински води, подземни води или канализациониот систем, мора да се превземат сите пропишани мерки за спречување и намалување на негативните последици по животната средина.

При депонирање или отстранување на некоја супстанца или вршење на некоја друга активност кое што би предизвикало испуштање на загадувачки материи во подземните води, претходно мора да се изврши испитување на

хидрогеолошките услови на соодветната област и да се предвидат и спроведат сите неопходни технички мерки на претпазливост.

За зачувувањето на квалитетот на водите, во сервисот за одржување и поправка на моторни возила потребна е изградба на систем за прифаќање на отпадните води, нивно третирање во пречистителна станица и по доведување на квалитетот на водата до потребниот степен према "Уредба за класификацијана водите" да се испуштат во најблискиот реципиент.

Енергетски извори и енергетска инфраструктура

Од аспект на **енергетиката и енергетската инфраструктура** со Просторниот план на Р.Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Македонија. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство. За урамнотежување на потрошувачката и преносот на електричната енергија во сите делови на Македонија се планира подобрување на квалитетот и доверливоста на работата на електропреносната мрежа.

Размената на електрична енергија помеѓу балканските електроенергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значајен фактор за натамошниот развој. Ел.енергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективните водови кои што нема да преставуваат тесно грло во трансмисијата на потребните количини на електрична моќност. Македонија досега има 400kV конективни врски, кои што се најсоодветни за размена на големи количини на електрична енергија, со Грција (кон Солун и Лерин), Косово (Косово-Б) и Бугарија (кон Црвена Могила) а во план е градбата на водови кон Србија и Албанија. Коридорот на планираниот вод кон Србија (Ниш) минува на исток од локацијата, на растојание од 6км.

Трафостаницата Куманово-2 110/20kV и припадните водови се на растојание 3,7км на југ и нема конфликт со предложената локација. Со Просторниот план на РМакедонија се планира градба на нова 110kV трафостаница во овој регион ТСКуманово-3, која нема да има конфликт со локацијата за сервис.

Гасоводен систем: Природниот гас, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во Македонија. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, представува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, заради што аерозагадувањето е сведено на минумум.

Изградениот крак Жидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Румунија-Бугарија-Македонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во Македонија и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во Македонија но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година. Постојниот магистралниот гасовод како и планираниот гасовод кон Косово немаат конфликт со локацијата за сервис на моторни возила.

Нафтовод_АМБО: Трасата на планираниот нафтовод АМБО (првичната како и изменетата) минува источно од локацијата и немаат конфликт. Измепетата траса на нафтовод АМБО е усвоена на седница на влада на РМ на 24.05.2004год. а е внесен со годишниот извештај за спроведување на Просторниот план на Република Македонија во 2005год.

Население

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на **населението**.

Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно-временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач - креатор.

Тргнувајќи од определбата дека **популациската политика преку систем на мерки и активности** треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне **оптималиэација во користењето на просторот и ресурсите,** хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2002 год. вкупниот број на жители во општината Куманово на чиј простор се наоѓа предметната локација за изградба на сервис за одржување и поправка на моторни возила со помошни простории и терминал, изнесува 105.484 жители, од кои 37.3% претставува расположива работна сила значаен потенцијал за идниот развој на овој крај.

Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

Урбанизација и систем на населби

Урбанизацијата како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република Македонија.

Процесот на урбанизација се одвива во општествено-економски услови во кои приватната иницијатива и пазарното стопанство имаат значајно место и

насочувачка улога во дефинирањето на перспективниот долгорочен просторен развој. Во тој контекст, приватната иницијатива која се манифестира особено низ тенденции за отварање на соодветни капацитети, ќе претставува движечка сила за побрз и порамномерен развој пред сé на руралните населби во непосредната околина, а посредно и врз вкупниот општествено економски и урбан развој и во пошироката околина, односно блиските урбани центри.

Во таа насока, **изградбата на сервис за одржување и поправка на моторни возила со помошни простории и терминал на м.в. Шумјак КП: 363/1, 364/2, 368, 369, 370, 371/2, 371/3, 371/4, 371/5, КО Речица-општина Куманово** ќе предизвика позитивни импулси и ефекти врз развојот на најблиската рурална населба, манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување, доколку се постави врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

Ваквите и слични иницијативи на соодветен начин се вградени во основните цели на урбанизацијата и развој и уредување на селските населби, дефинирани во Просторниот план на Р. Македонија.

Просторниот план се залага за концепт на интегрален и полифункционалниот пристап во **организација и уредување на руралните простори**, како појдовна основа за развој и унапредување на квалитетот на живеењето во селските подрачја, при што приоритетна задача претставува **целосното активирање на расположивите потенцијали**, релевантни за развој на стопанството, кои ќе бидат искористени за создавање на систем за ефикасно организирано пазарно стопанисување.

Во рамките на насоките за изработка на планови од пониско ниво, кои ги дава Просторниот план, за комплекси од ваков тип треба да се почитува:

- избор и распоред на активности согласно со природните услови, расположивата работна сила и постојните стопански капацитети;
- создавање можности за отворање нови работни места во населби и подрачја каде треба да се задржи постојното население и да се насочат миграциите;
- обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој, а особено во однос на:
  - бесправната градба;
  - стопанисувањето со шумите, земјоделското земјиште, водите и друго;
  - заштита на создаденото и природното богатство;
  - насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.

Домување

Во планските определби и насоки на Просторниот план од аспект на организација на **домувањето** како една од основните функции на населбите, е применета концепцијата на полицентричен развој која го третира домувањето како посебен тип на развоен ресурс, што е особено битно за неразвиените подрачја како нови жаришта на развојот. Суштината на овој пристап е што најмобилен елемент станува технологијата, а не работната сила. Со тоа постоечкиот станбен фонд како еден од почетните развојни ресурси овозможува јакнење на постоечките и создавање нови центри на развојот во функција на остварување на полицентричен развој. Во тој контекст оваа иницијатива за изработка на **Урбанистички проект , изградбата на сервис за одржување и поправка на моторни возила со помошни простории и терминал на м.в. Шумјак КП: 363/1, 364/2, 368, 369, 370, 371/2, 371/3, 371/4, 371/5, КО Речица-општина Куманово** е во функција на ваквиот концепт, како можност за понуда на комплементарна услуга на стопанскиот развој која се базира на популацијата и станбениот фонд во населбите во непосредна близина.

Јавни функции

Организацијата на **јавните функции** е директно поврзана со планирањето и уредувањето на населбите и зависи од типот на населбата, нејзиното место и улога во хиерархијата на населбите и соодветното ниво на централитет.

Локацијата е во функција на развој стопанските активности и е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Во поглед на заштита треба да се почитува се она што значи стандард кој е зацртан генерално за населбите во најблиска околина.

Сообраќај и врски

Комуникациската мрежа на Република Македонија, сочинета од повеќе комуникациски потсистеми, е етаблирана преку системот за сообраќај и врски врз чија основа, помеѓу другото, се темели и организацијата на просторот на државата. Комуникациските системи во Република Македонија, кои се од особено значење за развојот на стопанските активности, се очекува да се подобруваат, унапредуваат и да се развиваат во две насоки на развој на комуникациите:

- екстерното поврзување на државата (стратешки коридори);
- интерното поврзување во државата (регионални и локални потреби).

Основа за *екстерното поврзување* на државата се дефинираните комуникациски коридори согласно меѓународните конвенции и препораки, што воедно се и основа за ориентација кон европските и балканските определби за економски и технолошки комуникации, што е од особено значење за извозот.

Основата за *интерното поврзување* во државата односно планирање и развој на патната мрежа на Р. Македонија се базира на категоризација на

патиштата, на стратешки дефинирани меѓународни коридори за патен сообраќај, на досега изградената европска патна мрежа-ТЕМ со " Е" ознака на патиштата , на досега изградената магистрална и регионална патна мрежа, како и на определбите од долгорочната стратегија за развој .

Мрежата на патишта "Е" ознака што ги дефинира меѓународните коридори за патен сообраќај низ Републиката се: Е-65, Е,-75, Е-850, Е-871.

Мрежата на патишта со "Е"ознака што ги дефинира меѓународните коридори за патен сообрќај низ Република Македонија релевантен за предметниот простор е:

- **Е-75** кој се поклопува со магистралниот пат М1(СР-Табановце-Куманово-Велес-Богородица-ГР)-коридор на за патен сообраќај во насока север-југ.

Автопатската и магистрална патна мрежа во Републиката релевантна за предметниот простор е:

- **М-1** - (СР-Табановце-Куманово-Велес-Богородица-ГР).

Во идната патна мрежа на Р. Македонија, основните патни коридори ќе ги следат веќе традиционалните правци во насока север-југ (коридор 10), односно исток-запад (коридор 8), што се вкрстосуваат во просторот помеѓу градовите: Скопје, Куманово и Велес. На тој начин дел од магистралните патишта во Република Македонија ќе формираат три основни патни коридори, што треба да се изградат со технички и експлоатациони карактеристики компатибилни со системот на европските автопатишта (ТЕМ):

- север-југ: М-1 (Србија - Куманово - Велес - Гевгелија - ГР);
- исток-запад: М-2 и М-4 (БГ-Крива Паланка-Куманово-Скопје-Тетово-Струга-АЛ и крак Скопје- Србија);
- исток-запад: М-5 (БГ-Делчево-Кочани-Штип-Велес-Прилеп-Битола-Ресен-Охрид-Требеништа-М4 (крак Битола-граница со ГР).

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат регионалните патишта, што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Република Македонија.

Железнички сообраќај: Концепцијата за развој на **железничкиот систем** базира на потребата за модернизација и проширување на железницата во целина, како и поврзување на железничката мрежа на Република Македонија со соодветните мрежи на Република Бугарија и Република Албанија.

Железничката мрежа на Република Македонија, во планскиот период, треба да ја сочинуваат: магистрални железнички линии од меѓународен карактер, регионални линии и локални линии.

1. Магистрални железнички линии од меѓународен карактер:
   - СР- Табановце-Скопје-Гевгелија-ГР.....213,5 км
   - СР - Блаце-Скопје .....31,7 км
   - СР -Кременица-Битола-Велес.....145,6 км
   - БГ -Крива Паланка-Куманово .....84,7 км
   - АЛ-Струга-Кичево-Скопје.....143,0 км

Покрај постојните врски Табановце и Блаце на север, односно Гевгелија и Кременица на југ, ќе се изврши и соодветно поврзување на исток кон Република Бугарија, односно на запад кон Република Албанија, со што ќе се овозможи

целосно интегрирање на македонскиот железнички систем со соодветните системи на соседните држави.

Во планскиот период до 2020 год. меѓудругото се очекува развој на интегралниот транспорт, односно техничко-технолошкото доопремување на Македонските железници за извршување на задачите и за вклучување во меѓународниот сообраќај, што е во согласност со стратегијата на развојот на железничкиот сообраќај и со реалните можности на Република Македонија.

Воздушен сообраќај: Воздушните патишта во Република Македонија се интегрален дел од европската мрежа на воздушни коридори со ширина од 10 наутички милји во кои контролирано се одвиваат прелетите над територијата на државата.

Примарната аеродромска мрежа во Република Македонија треба да ја сочинуваат вкупно 4 аеродроми за јавен воздушен сообраќај, и тоа во **Скопје**, Охрид, Струмица и Битола. Аеродромот во Скопје да се оспособи за прием и отпрема на интерконтинен-талпи авиони (со продолжување на постојната полетно-слетна патека, или со изградба на нов аеродром на друга локација), аеродромот во Охрид да се реконструира во повисока-II категори-ја, а новите аеродроми што се предвидуваат во Струмица и Битола да бидат со доминантна намена за карго транспорт на стоки.

Реконструкција на скопскиот аеродром, или активирање на локација за изградба на нов аеродром, кој ќе може без ограничување целосно да ги опслужува сите видови на патнички авиони, е определба која ќе произлезе по изработката на Студијата за аеродроми.

Секундарната аеродромска мрежа се предлага да ја сочинуваат сегашните 5 реконструирани и технички доопремени спортски аеродроми и вкупно 15 аеродроми за стопанска авијација, од кои 7 нови. Покрај тоа треба да се уредат и околу 20 терени за дополнителен развој на воздухопловниот спорт и туризам во согласност со меѓународните прописи за ваков вид на аеродроми.

Наведените показатели ја потврдуваат добрата поставеност на локацијата за стопански комплекс во однос на сообраќајните правци и текови во Р. Македонија. Успешното функционирање и деловно работење на идниот стопански субјект е во директна корелација со квалитетот и степенот на развиеност на расположивата инфраструктура.

Телефонска мрежа: АД "Македонски Телекомуникации" за своите корисници обезбедува широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни телекомуникациони услуги, јавни говорници. Телекомуникационите услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената телекомуникациона мрежа со примена на најсовремени технологии.

Телефонските корисници во ова подрачје во телекомуникацискиот сообраќај се приклучени преку телефонската централа во Куманово.

Мобилна телефонија: Кориснички компании за мобилна телефонија во Македонија се Т- Мобиле, ВИП и Космофон. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:
  - региони, општини, населени места,

- подрачја од јавен интерес (културно-историски, спортски, стопански, индустриски, пограничні зони и др.)
- сообраќајна и транспортна инфраструктура

- Изготвување на проекти за развој на ГСМ мрежата согласно постоечката инфраструктура на теренот
- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Локацијата како и целиот овој регион, покриена е со сигнал на тритте компании за мобилна телефонија.

Заштита на животната средина

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано на принципите на **одржливиот развој**.

Мерките и активностите кои се превземаат во насока на рационално искористување на просторот и заштитата на животната средина, при што се земени во предвид и посебните интереси на просторното уредување и развој се:

- спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство,
- организирање и уредување на просторот со цел да се постигне севкупен развој, посебно во однос на:
  - II. стопанисувањето на земјоделското земјиште, шумите, водите и др. и
  - III. заштита на природното и создаденото богатство,
- утврдување на насоката и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја со помош на стручни упатства од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.

Законската регулатива, врз основа на која се уредува областа, од аспект на заштита на животната средина и која е потребно да се примени при изработка на урбанистичкиот проект е следната:

- Закон за животна средина (Сл.в. на РМ бр.53/05, бр.81/05 и бр.24/07);
- Закон за заштита на природата (Сл.в. на РМ бр.67/04, бр.14/06 и 84/07);
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Сл.в. на РМ бр.67/04 и бр.92/07);
- Закон за води (Сл.в. на РМ бр.4/98);
- Уредба за класификација на водите (Сл.в. на РМ бр.18/99);
- Уредба за категоризација на водите (Сл.в. на РМ бр.18/99);
- Закон за управување со отпад (Сл.в. на РМ бр.68/04, бр.71/04, бр.107/07, бр.102/08 и бр.143/08);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл.в. на РМ бр.79/07);
- Закон за заштита и спасување (Сл.в. на РМ бр.36/04, бр.49/04 и бр.86/08);

- Правилник за стандарди и нормативи за Урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ бр.78/06 и бр.140/07);
- Правилник за изградба на станици за снабдување со горива на моторни возила и складирањето и преточувањето на горива (Сл. лист на СФРЈ бр.27/71 и бр.29/71) и други законски и подзаконски акти.

Со цел да се обезбеди заштита на животната средина и да се запазат поставените стандарди, при изработката на **Урбанистичкиот проект за изградба на Сервис за одржување и поправка на возила со помошни пристории и паркинг простор - терминал, во м.в. Шумјак, на КП 363/1, 364/2, 368, 369, 370, 371/2, 371/3, 371/4, 371/5 во КО Речица, Општина Куманово,** потребно е да се има во предвид следното:

- Согласно Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потреба за спроведување на постапка за оцена на влијанијата врз животната средина (Сл.в. на Р.М бр.74/05), за објекти од ваков профил потребно е **да се утврди потреба од спроведување на постапка за оцена на влијанието на проектот врз животната средина** (Прилог II од оваа Уредба). Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја утврдува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина;
- Согласно Законот за животна средина (Сл.в. на РМ бр.53/05, бр.81/05 и бр.24/07) и Законот за заштита на природата (Сл.в. на РМ бр.67/04, бр.14/06 и бр.84/07), правните или физичките лица кои вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанисто врз животната средина се должни да изготват **Елаборат за заштита на животната средина** со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведувањето на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот;
- При изградбата да се почитува **заштитниот појас на патот**, согласно чл. 40 од Законот за јавни патишта (Сл.в. на РМ, бр.84/08);
- Задолжителна употреба на **сепаратори - маслофаќачи** за собирање на површинските води од кругот на објектот;
- Предвидување на соодветни технички зафати за **пречистување на отпадните води**;
- Искористување на талозите од предвидените за изградба пречистелни станици, за добивање на биогас, односно производство на топлинска и електрична енергија;
- **Испитување на пречистените отпадни води** пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со граничните вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот, дадени во Уредбата за класификација на водите;
- **Мониторинг на емисијата на штетни материи** во околниот воздух, согласно Закон за квалитет на амбиентниот воздух (чл. 45 и 47, Сл.в. на РМ бр.67/04);
- Согласно со член 7 од Законот за управување со отпад (Сл.в. на РМ, бр.68/04), создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При **управување со отпадот** по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен

по пат на рециклирање, повторно употребен или во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или да се користи како извор на енергија;

– Организирано депонирање на отпадот со контролиран транспортен систем во постојната депонија, се до изградба на регионалната санитарна депонија во Пчиньско-криворечката гравитациона зона, предвидена согласно Просторниот план на Р. Македонија;

– Да се предвиди изградба на **современа инфраструктура**.

Концептот за заштита на животната средина се базира на општите и посебни цели и насоки за заштита на посебните природни вредности, меѓу кои и амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот. Токму затоа, при изработката на **Урбанистичкиот проект за изградба на Сервис за одржување и поправка на возила со помошни пристории и паркинг простор - терминал, во м.в. Шумјак, на КП 363/1, 364/2, 368, 369, 370, 371/2, 371/3, 371/4, 371/5 во КО Речица, Општина Куманово,** се препорачува:

– Заштита, унапредување и адекватно користење на природните предели, амбиентите и пејзажите во предвидениот простор;

– Обезбедување на заштитен појас со високо зеленило во поглед на комплексната заштита на просторот, посебно покрај сообраќајниците, и богато хортикултурно уредување на комплексот;

– Масовно планско озеленување на просторот, согласно со потребите на заштита (заштита од негативното дејство на сообраќајот, бучавата и т.н);

– Планско поттикнување на насад на брзо обновливи видови дрвја.

Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Природно наследство

Од областа на заштита на природата **(природното наследство и биолошката и пределската разновидност)**, урбанистичките планови и проекти треба да се усогласат со Просторниот план на Републиката на тој начин што, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштита.

Посебно внимание при заштитата на природата, треба да се посвети на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатабилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
- оптимална заштита на производните природни потенцијали и унапредување на природните блага;
- зачувување на доминантните карактеристики на постојната состојба;
- рационална изградба на инфраструктурата;
- концентрација и ограничување на изградбата;
- оптимална изградба на рекреативната инфраструктура и
- правилен избор на соодветна локација.

Според Законот за заштита на природата (Сл.в. на РМ бр.67/04, бр.14/06 и бр.84/07) и Законот за животна средина (Сл.в. на РМ бр.53/05, бр.81/05 и бр.24/07) потребно е внесување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот и истите треба строго да се почитуваат.

Од Студијата за заштита на природното наследство изработена за потребите на Просторниот План на Р. Македонија, во *Општина Куманово*, има евидентирано природно наследство, но истото е далеку од просторот за кој се изработува **Урбанистичкиот проект за изградба на Сервис за одржување и поправка на возила со помошни пристории и паркинг простор - терминал, во м.в. Шумјак, на КП 363/1, 364/2, 368, 369, 370, 371/2, 371/3, 371/4, 371/5 во КО Речица**.

Констатираме дека на просторот предложен за изработка на **Урбанистичкиот проект за изградба на Сервис за одржување и поправка на возила со помошни пристории и паркинг простор - терминал, во м.в. Шумјак, на КП 363/1, 364/2, 368, 369, 370, 371/2, 371/3, 371/4, 371/5 во КО Речица, Општина Куманово**, ***нема*** евидентирано природно наследство.

Доколку при изработката на Урбанистичкиот проект или при уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат следните мерки за заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување на природното добро или Просторниот план за подрачје со специјална намена;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за сапирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;
- Почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата (Сл. весник на РМ, бр.67/04, бр.14/06 и бр.84/07).

Културно-историско наследство

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територија на Р. Македонија, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности, кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.

Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија за економски, општествен и просторен развој, односно стратегијата за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготви **Експертен елаборат за заштита на недвижното културно наследство** во кој е даден Инвентар на недвижно културно наследство од посебно значење.

Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра, што подразбира список на недвижните предмети со утврдено својство споменик на културата, односно на недвижните предмети за кои основано се претпоставува дека имаат споменично својство. Тоа се: археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, безистени, кули, саат кули, турбиња, мавзолеи, конаци, мостови, згради, куќи, стари чаршии, стари градски јадра и други споменици со нивните имиња, локации, блиските населени места, период на настанување и општините во кои се наоѓаат спомениците.

Согласно Законот за заштита културното наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, бр. 115/07), видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменички целини и културни предели.

Значаен дел од недвижното културно наследство (околу 45%), се наоѓа во **руралните населби** и ридско-планинските подрачја, кои се целосно или делумно напуштени, што значително ја усложнува нивната заштита и користење.

На подрачјето кое е предмет на анализа **нема** регистрирани недвижни споменици на културата (Екпертен елаборат).

Во **Археолошката карта на Република Македонија**, која ги проучува предисториските и историските слоеви на човечката егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје, КО Речица нема евидентирани арх.локалитети.

Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со чл.65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.весник на РМ бр.20/04, бр.115/07), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство во смисла на чл.129 од Законот.

Со оглед на тоа што процесот на истражување, идентификација и инвентаризација на недвижното културно наследство во својата суштина е континуиран процес, доколку во иднина на анализираното подрачје се утврдат *локалитети со културно наследство,* потребно е да се применат плански мерки за заштита на недвижно културно наследство:

- задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и на урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивната заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите и во вкупниот развој на државата;
- планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно-историска димензија и соодветна презентација;

- измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштита на недвижното културно наследство;

Согласно Закон за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 24/08 - пречистен текст), во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат: плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

Вградувањето соответен режим за заштита на недвижното културно наследство во просторен и урбанистички план се врши според заштитно-конзерваторски основи за културно наследство (Согласно чл. 71 од Законот за заштита на културно наследство).

Недвижното културно наследство, без оглед дали е во прашање градителска целина или поединечен објект, како заедничко културно богатство на светот, во просторните и урбанистичките планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационото ткиво на градовите и населените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

Туризам и организација на туристички простори

Туризмот денес во светот е една од најголемите "индустриски" гранки, односно стопански сектор со најбрз пораст. Очекуваниот растеж на оваа гранка (туризам), која ангажира голем обем на работна сила, а има и значителни ефекти во стопанството на локално, национално и регионално ниво, бара посебно внимание заради врската помеѓу заштитата на животната средина и одржливиот туризам, во смисол на понатамошен третман во контекстот на Агенда 21.

Врз основа на комплексно согледаните природни и создадени услови и ресурси по обем, квалитет, распространетост или уникатност, функционалност, атрактивност и степен на активираност, на територијата на Р. Македонија како посебни целини може да се издвојат следните видови на туристички потенцијали: водените површини, планините, бањите, целините и добрата со природно и културно наследство, транзитните туристички правци, градските населби, ловните подрачја и селата.

Согласно со основните долгорочни цели, концептот и критериумите за развој и организација на туристичката понуда, во Републиката се дефинирани вкупно 10 туристички региони со 54 туристички зони. Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на **Скопско-Кумановскиот туристички регион во кој се утврдени 8 туристички зони со 17 туристички локалитети. Низ ова подрачје минува и Транзитниот туристички коридор.**

Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

2. Се објаснуваат некои ставови за правилно спроведување на текстуалниот и графичкиот дел на планот.

3. Се утврдуваат глобални смерници за изработка на проекти.

4. Во графичките прилози дадена е максимална висина на објектите.

- Висината на објектите се утврдува преку максимална висина до венец изразена во метри.
- Горниот венец е секогаш во вертикална рамнина определена со градежна линија, па максималната и дозволена висина на изградбата ја ограничуваат вертикалната изградба на објектот.
- Максималната висина на изградба дефенирана со овој план е дадена условно за секој објект.
- Доколку со проектната документација не се докаже дека се исполнети условите за постигнување на максималната висина на изградба дефинирана со овој план, управниот орган надлежен за работите на урбанизмот ја одредува дозволената висина на изградба која е помала од максималната висина на изградба за вредност изразена во должни метри во која влегува цел број на просечни спратни височини за дадената намена.

5. Висина на кровот се дефинира како висина на слеме (највисока точка на кровот) и се изразува во метри. Од висината на слемето отстапуваат линијските вертикални, технолошки инсталации.

6. Растојание на објекти е решавано во согласност со задоволување на нормативи за инсолација:

- новопланираните објекти треба да се планираат на растојание во согласност со Правилник за стандарди и нормативи за уредување на просторот.

7. Градежната линија ја одредува границата на површината на изградбата.

- Конкретните градежни линии се дадени во графичкиот дел од планот и истите треба да се почитуваат ако со тоа не се нарушуваат другите параметри.

9. Бројот на потребните паркинг и гаражни места се пресметува према дадени нормативи според член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за Урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М. бр. 78/06 год.), и тоа за:
   ГЗ - стоваришта,
10. Оградите на парцелите да бидат усогласени со архитектурата на објектите. Потребно е да се запазат и останатите услови дадени во Правилникот за стандарди и нормативи.
    - Оградата може да е со висина до 1.60 метри, со тоа што од 1.20 метри може да е полна, а над таа висина транспарентна. При тоа не смее да се нарушуваат пешачките и пристапните движења.
11. За непречено движење на инвалидизирани лица, потребно е да се преземат мерки за спречување на бариери во урбаниот простор.
12. Во рамките на проектот се предвидуваат зелени површини на организирани места во површината
13. Однесување на ѓубре ќе биде преку контејнери поставени во посебно изградени боксови предвидени во слободниот простор околу објектите, на места погодни да се дојде со возила за транспорт.
14. Критериумите за рангирање на сообраќајниците произлегуваат од Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл.весник на Р.М. бр.78/06 год.), член 66 и 67; Правилник за изменување и доплонување на правилникот за стандарди и нормативи за убанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр.140/07 год.
15. Греењето на објектите ќе биде локално.
16. Покрај основната класа на намена, за секоја парецела поединечно во проектот постои и алтернативна класа на намена, согласно член 32 од Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл.весник на Р.М. бр.78/06 140/07).

Посебни услови за изградба

На предметната локација Урбан блок бр. 1 (К.П бр. 372), со површина од 1.6ха, постојат изградени објекти во согласност со предходно добиена Согласност од Министерство за внатрешни работи бр.161-704/1 од 9.11.1994 год. за измена на режим на сообраќај на патот Е - 75, Сообраќајна согласност за изградба на инвестиционен објект од Министерство за сообраќај и врски бр.08-УП-И-909 од 21.06 1996г., Од Министерство за урбанизам градежништво сообраќај и екологија бр.12 УП-1-9909/1 од 21.11.1994г., Одобрение за измена на сообраќај на Е-75. За потребите на локацијата со проширување на дејноста и површината издадена е Согласност за трајна измена на режим на сообраќајот од Министерство за внатрешни работи под бр. 18.1.3-411 од 06. 02. 2009 год.

Изградени објекти се:

- Бензинска станица со црпни пумпи;
- Административен објект;
- Во изградба е мотел.

На предметната локација на Урбан блок бр. 2 бр. К.П бр. 363/1, 364/2, 368, 369, 370, 371/2, 371/3, 371/4, 371/5, чија вкупно површина изнесува 2.9 ха, се новопланирани површини со изработени идејни решениа на објектот, на кој се предвидува градба на приземниот дел и кат .

- ***Намена на објектот***
  Поправка на тешки моторни возила со помошни простории
- **Максимално дозволен габарит** е со површина од 9800 м2;
- *Максимална развиена површина 19600 м2.*
  Тип на кров: кос, рамен, мансарден
  Кота на нулта плоча мах. 1.2м

Процент на изграденост на локација (однос помеѓу бруто површина под објект и површина на парцела помножена со 100), **изнесува 40% .**
Коефициент на искористување на земјиштето (однос помеѓу бруто развиена корисна површина на сите нивои над теренот, и површина на парцела), **изнесува 0.8**.
На постоечката локација е можна изградба на повеќе објекти, со оглед на тоа што процент на изграденост на локацијата изнесува 40%.

- **Максимална дозволена височина**

Максималната дозволена височина се утврдува во метри должни. Максимална дозволена висина на објект изнесува 12.50 метри мерено од тротоар до венец на објектот кој е предвиден со овој план.
Објект: *Сервис за одржување и поправка на моторни возила со помошни простории*

- **Содржина, функција и Намена**

Објектот по својата намена е од индустриски карактер, пакување и складирање на овошје. Во функционална смисла целата содржина и технолошкиот процес на производство е сместено во приземје. На катот е сместена администрацијата и делот за складирање на амбалажата.

Извршените анализи на предвидените површини за градба покажуваат дека објектот на приземје зафаќа бруто површина од 9800м2 со висина на венец од 12.50м2.

По намена објектот се предвидува да биде, *Сервис за одржување и поправка на моторни возила со помошни простори,* и ќе ги содржи следните содржини:

приземје:

- ***поправка на тешки возила;***
- ***вулканизер;***
- ***администрација;***
- ***прием;***
- ***санитарен јазол;***

со гардероба

- ***канцеларија;***
- ***канцеларија***
- ***канцеларија;***
- ***контрола;***
- ***менза;***
- ***бифе за посетители;***
- ***ходник;***
- ***помошни простор за резервни делови;***
- ***магацин;***

помошен објект:стражара

- ***канцеларија;***

помошен објект: портирница

- ***канцеларија;***
- ***канцеларија;***
- ***санитарен јазол;***

Просториите се решени така да овозможуваат нормална работа и функција. Предложеното решение соодвествува на потребите. Предвидените поврзувања со постојните комуникации се функционални и удобни, при што е овозможена несметана функција на другите објекти.

Инфраструктура

Комунална инфраструктура

- *Снабдување со Вода*

Со санитарна и технолошка вода комплексот *Сервис за одржување и поправка на моторни возила со помошни простории и терминал* се снабдува преку предвидениот приклучок од сопствени бушотини кои се наоѓаат покрај предметната локацијата на парцелата 372. Со соодветен профил на цевки приклучен хидрофор, со ваков тип на водоснабдување ќе се користи за цела локација во опфатот.

- *Фекална канализација*

Со оглед на непостоењето на канализациона мрежа одводот на Фекалните отпадни води од санитарни потреби ќе се собираат во предвидени септички јами на сопствената локација од каде ќе се вршат месечни чистења на јамата од исталожени и пливачки материи.

Одпадната вода од технолошкиот процес која е хемиски и бактериолошки незагадена и исправна би се користела за наводнување на партерот на локацијата. Дефинитивната потребна количина на вода ќе биде дадена со хидрауличката пресметка за објектот со главните проекти.

- *Атмосверска канализациона мрежа*

Према податоците добиени од терен, на улиците кои се опфатени во овој плански опфат не постои изведена атмосверска канализација. За идните потреби на целиот комплекс ќе се предвиди изведба и приклучок на атмосверска канализација.

- *Електрика*

Локацијата која е предмет на изработка на планот во моментот има спроведена електрична инсталација, како и постоечки водови кои поминуваат до парцелата.

За потребите на *Сервис за одржување и поправка на моторни возила со помошни простории и терминал , да се приклучи на столбна трафостаница STS 20/10/04kV, со снага на трафо од 100 KWA која веќе постои во соседната парцела што се наоѓа до планскиот опфат.*

Надземните постоечки водови ќе се вкопаат и сите понатамошни активности околу задоволување на потребите од проширување на електроенергетските карактеристики на производниот комплекс се во надлежност на EVN "Подрачна единица - Куманово".

- *Телефон*

Локацијата која е предмет на изработка на планот и се наоѓа во село Речица, каде постои спроведена телефонска инсталација.

Поврзување до најблизок ПТТ приклучок и сите активности околу задоволување на потребите за проширување на телефонските врски за стопанскиот комплекс се во надлежност на АД "Македонски телекомуникации" - Подружница "Регионален центар Куманово".

- *Затоплување*

Природното проветрување ќе се врши преку прозорци на објектот а вештачкото проветрување ќе се врши преку централен систем кој ќе служи за топлење и ладење.

Сообраќајно решение

Објект : *Сервис за одржување и поправка на моторни возила со помошни простории,* сообраќајно има обезбедено пристап од "Автопат *Куманово-Табановце-граница со Р.Србија", преку парцела КП 372 за кое има добиено согласности:* Согласност од Министерство за внатрешни работи бр.161-704/1 од 9.11.1994 год. за измена на режим на сообраќај на патот Е - 75, Сообраќајна согласност за изградба на инвестиционен објект од Министерство за сообраќај и врски бр.08-УП-И-909 од 21.06 1996г., Од Министерство за урбанизам градежништво сообраќај и екологија бр.12 УП-1-9909/1 од 21.11.1994г., Одобрение за измена на сообраќај на Е-75..

Изведбата на коловозите е со асфалтни површини а во самата парцела интерен сообраќај делови со поплочани површини. Паркирањето се врши во самата парцела претставени во графички дел на паркинг простор кој се наоѓа на источната страна од објектот и ќе се користи за потреби на посетителите и вработените.

Заради карактерот на објектот и неговата непречена работа сообраќајните површини треба да се димензионираат за несметан пристап на тешки моторни возила.

Предвидено е да се обезбеди пристап на шлепери со максимум должина од 18м, на две позиции од објектот . Паркирањето на коли е според нормативи 120м2/ 1 возило т.е. 13 возила за индустрија и 50м2/1 возило т.е. 4 возила за администрација.

Паркинг простор кој се наоѓа на јужната страна од објектот ќе се користи за потреба на посетителите и вработените .

Нивелманското решение е изработено во урбанистички проект како такво е дадено во графички прилог Сообраќаен план со Нивелмански план .

Хортикултура

Зелени површини во внатрешноста на комплексот се организирани како заштитно зеленило и парковско. Заштитно зеленило е со широчина од 20 метри од ножици на патот, додека внатрешноста во дворното место е уредно и решено со травник, украсни парковски дрвја и цветни површини.

Заштита на воздухот, тлото и подземните води

Објектите со својата намена и функција не го загадуваат воздухот на било каков начин, односно не постојат аеро загадувања нити со испуштање на штетни мириси и гасови, нити со испуштање на прав и технолошки отпад.

За собирање на површинските води од кругот на објектот каде има испуштање на масло од возилата се предлага употреба на сепаратори-маслофаќачи

Почвата и подземните води не подлежат на загадување од отпадни, фекални и атмосферски води.

Мерки и средства за заштита од пожар

За ***Објект :*** *Сервис за одржување и поправка на моторни возила со помошни простории* ќе се предвидува изведба на надворешна и внатрешна хидратанска мрежа за **ПП-** ***заштита.*** Се предвидуваат потребен број на **"ПП-*апарати* "** со сув прав **Ц-9 ,** поставени на погодно место, во се према важечки прописи и правилници за ПП-заштита на јавни објекти. Локацијата на објектот е таква да овозможува пристап на противпожарно возило. Оддалеченоста од ПП - единица е до 14 км. така да може возилото брзо да стигне до објектот.

6. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

Билансни показатели

- *Максимално дозволен габарит* е со површина од 9800 м2;
- *Максимална развиена површина 19600 м2.*

Нумерички показатели

НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ

Број на парцела	Површина на парцела	Максимална површина за градба м2	Развиена површина за градба м2	Висина на објект до венец м	Катност на објекти	Намена на објект	Број на паркинг места	Процент на изграден.	Коефиц. на искорист.
1	Постоечки легално изградени објекти								
2	24662	9800	19600	12,50	П+1	ГЗ	40	40	0.8



УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

за изградба на сервис за одржување и поправка на моторни возила со помошни простории на КП: 372, 363/1, 364/2, 368, 369, 370, 371/2, 371/3 371/4 371/5, м.в. Шумјак КО Речица

- Општина Куманово -



ГРАНИЦА НА АТАР НА СЕЛА

ЛОКАЦИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБ. ПРОЕКТ

N
W 318 E
S

Одобрен урбанистички про...
со технички број 1/09 од 2009 г.
согласно Решението
број 16-661/10 од 13.04.2009
Министер,

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПОШИРОК РЕГИОН

Планска документација

M=1:25000

	УРБАН ГИС Д.О.О. КУМАНОВО URBAN GIS D.O.O. KUMANOVO	УПРАВИТЕЛ Валентина Барџиќ Спасовска дипл.инж.арх.	
ПЛАН:	УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ за изградба на сервис за одржување и поправка на моторни возила		
ПРИЛОГ:	ИЗВОД ОД ТОПОГРАФСКА КАРТА	РАЗМЕР 1 : 25000	ТЕХ. БР. 01/09
ПЛАНЕР: СОРАБОТНИК:	Валентина Барџиќ Спасовска дипл.инж.арх. овластување број 0053 од 14.07.2008 Александар Гелевски дипл.инж.арх.	ДАТА: Јануари 2009	ПРИЛОГ бр: 01



ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ П= 4.50 ха

ПОВРШИНА НА БЛОК БРОЈ 1 П=1.60 ха

ПОВРШИНА НА БЛОК БРОЈ 2 П=2.90 ха

НАМЕНА НА ОБЈЕКТИ УРБАН БЛОК 2	Површина на урб. парцели (М²)		Макс.површина за градба (М²)	
Т3 Сервиси со пратечки содржини	18601	64.14%	9800	33.8%
Д2 Заштитно зеленило	6061	20.9%	/	/
Сообраќајници, пешачки патеки и поплочани површини	4338	14.96%	/	/
ПОВРШИНА НА УРБАН БЛОК 2	2.90 ха.		100 %	

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

за изградба на сервис за одржување и поправка на моторни возила со помошни простории на КП: 372, 363/1, 364/2, 368, 369, 370, 371/2, 371/3 371/4, 371/5, м.в. Шумјак КО Речица

- Општина Куманово -

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ П= 4.50 ха

ГРАНИЦА НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ

ГРАНИЦА НА УРБАНИ БЛОКОВИ

Т3 - Сервиси

Д2 - Заштитно зеленило

Коловоз

N W 318 E S

ОДОБРЕН УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
со техничкиброј 1/09 2009
согласно РЕШЕНИЕ
број 16-661/10 од 13.01.2009

ПЛАН НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

Планска документација

М=1:1000

	URBAN GIS D.O.O. KUMANOVO URBAN GIS D.O.O. KUMANOVO	УПРАВИТЕЛ: Валентина Барџиќ Спасовска дипл.инж.арх.
ПЛАН:	УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ	
ПРИЛОГ:	ПЛАН НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ	РАЗМЕР 1 : 1000 / ТЕХ. БР. 01/09
ПЛАНЕР: Валентина Барџиќ Спасовска дипл.инж.арх. овластување број 0053 од 14.07.2008 СОРАБОТНИК: Александар Гелевски дипл.инж.арх.		ДАТА: Јануари 2009 / ПРИЛОГ бр: 02



НАМЕНА НА ОБЈЕКТИ УРБАН БЛОК 1	
Е2	Комунална супраструктура- бензинска пумпна станица
А4	Времено сместување - МОТЕЛ
Б4	Деловни дејности
	Сообраќајници, пешачки патеки и поплочани површини

ПОВРШИНА НА УРБАН БЛОК 1	1.60 ха.	100 %

НАМЕНА НА ОБЈЕКТИ УРБАН БЛОК 2	Површина на урб. парцели (М²)		Макс.површина за градба (М²)	
У3 Сервиси со пратечки содржини	18601	64.14%	9800	33.8%
Д2 Заштитно зеленило	6061	20.9%	/	/
Сообраќајници, пешачки патеки и поплочани површини	4338	14.96%	/	/
ПОВРШИНА НА УРБАН БЛОК 2	2.90 ха.		100 %	

Број на парцела	Површина на парцела	Максимална површина за градба м2	Развиена површина за градба м2	Висина на објект до венец м	Катност на објекти	Намена на објект	Број на паркинг места
1	Постоечки легално изградени објекти						
2	24662	9800	19600	12,50	П+1	Г3	40

Коловоз

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

за изградба на сервис за одржување и поправка на моторни возила со помошни простории на КП: 372, 363/1, 364/2, 368, 369, 370, 371/2, 371/3 371/4, 371/5, м.в. Шумјак КО Речица

- Општина Куманово -

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ П= 4.50 ха

ГРАНИЦА НА УРБАНИ БЛОКОВИ
УРБАН БЛОК 1 - П= 1,60 ха
УРБАН БЛОК 2 - П=2,90 ха.

ГРАНИЦА НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА

ЛИНИЈА НА ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА ПАТОТ

РЛ РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА

ГЛ ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

ИЛ ИНФОРМАТИВНА ЛИНИЈА

1 СТРАЖАРНИЦА
2 САНИТАРИИ СО ГАРДЕРОБИ
3 СЕРВИС

N
W 318 E
S

со технички број 1/09 од 2009 г.
согласно РЕШЕНИЕ
број 16-661/10 од 13.04.2009

РЕГУЛАЦИОНЕН ПЛАН,ПЛАН НА ЗЕЛЕНИЛО, ПЛАН НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО ПЛАН НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ

Планска документација

М=1:1000

	URBAN GIS D.O.O. KUMANOVO URBAN GIS D.O.O. KUMANOVO	УПРАВИТЕЛ Валентина Барџик Спасовска дипл.инж.арх.	
ПЛАН:	УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ за изградба на сервис за одржување и поправка на моторни возила		
ПРИЛОГ:	РЕГУЛАЦИОНЕН ПЛАН,ПЛАН НА ЗЕЛЕНИЛО, ПЛАН НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО ПЛАН НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ	РАЗМЕР 1 : 1000	ТЕХ. БР. 01/09
ПЛАНЕР: СОРАБОТНИК:	Валентина Барџик Спасовска дипл.инж.арх. овластување број 0053 од 14.07.2008 Александар Гелевски дипл.инж.арх.	ДАТА: Јануари 2009	ПРИЛОГ бр: 03





ПРЕСЕК 1-1



ПРЕСЕК 2-2
ПРЕСЕК 3-3

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

за изградба на сервис за одржување и поправка на моторни возила со помошни простории на КП: 372, 363/1, 364/2, 368, 369, 370, 371/2, 371/3 371/4 371/5, м.в. Шумјак КО Речица

- Општина Куманово -

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ П= 4.50 ха
- ЛИНИЈА НА ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА ПАТОТ
- ПЛАНИРАНА ВОДОВОДНА МРЕЖА
- ПЛАНИРАНА ФЕКАЛНА МРЕЖА
- 1 СТРАЖАРНИЦА
- 2 САНИТАРИИ СО ГАРДЕРОБИ
- 3 СЕРВИС
- ГРАНИЦА НА УРБАНИ БЛОКОВИ

N W 318 E S

СООБРАЌАЕН ПЛАН, НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН, СИТУАЦИЈА

Планска документација

M=1:1000

	URBAN GIS D.O.O. KUMANOVO URBAN GIS D.O.O. KUMANOVO	УПРАВИТЕЛ Валентина Барџиќ Спасовска дипл.инж.арх.	
ПЛАН:	УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ за изградба на сервис за одржување и поправка на моторни возила		
ПРИЛОГ:	СООБРАЌАЕН ПЛАН, НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН, СИТУАЦИЈА	РАЗМЕР 1 : 1000	ТЕХ. БР. 01/09
ПЛАНЕР:	Валентина Барџиќ Спасовска дипл.инж.арх. овластување број 0053 од 14.07.2008	ДАТА: Јануари 2009	ПРИЛОГ бр: 03
СОРАБОТНИК:	Александар Гелевски дипл.инж.арх.		



ОДОБРЕН УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
со технички број 1/09 од 2009 г.
согласно решение
број 16-661/10 од 13.04.2009

1 СТРАЖАРНИЦА

2 САНИТАРЕН ЧВОР

3 СЕРВИС ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ПОПРАВКА НА МОТОРНИ ВОЗИЛА СО ПОМОШНИ ПРОСТОРИИ

ТАТЈАНА ТРИШИЌ
дипл.инж.арх.
АРХИТЕКТУРА
ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ 026
A.1.

ВЕКТОР	ДТГПУ " ВЕКТОР ТТ " дооел Куманово Друштво за трговија , градежништво , проектирање и услуги Вектор тт дооел Куманово		СЕРВИС ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ПОПРАВКА НА МОТОРНИ ВОЗИЛА СО ПОМОШНИ ПРОСТОРИИ
	проектант - архитектура	потпис	
	диа Тришиќ Татјана		инвеститор: "ДЕТОИЛ "Куманово
тех.бр.	01/09-01		
дата	2009		СИТУАЦИЈА М=1:1000
			лист 1

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА КУМАНОВО
Број 21-680/2 од 27.01.2020 год.
Сектор за урбанизам
Одделение за планирање и донесување на урбанистичка документација

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 128/20
ЛУПД: со основна класа на намена Г2 лесна и незагадувачка индустрија на КП 379/1, КП 379/2, КП 380, КП 381/1, КП 381/2 КО Речица
Решение: 21-259/2 од 14.01.2020
К.О Речица К.П. 379/1, 379/2, 380, 381/1, 381/2
ДЛ: / М 1:1000

Извод за ГП 1.1 на КП 379/1, КП 379/2, КП 380, КП 381/1, КП 381/2 од ЛУПД со основна класа на намена Г2 лесна и незагадувачка индустрија на КП 379/1, КП 379/2, КП 380, КП 381/1, КП 381/2 КО Речица – Општина Куманово

1. ГРАФИЧКИ ДЕЛ

- Копија од „Синтезен план"

Табела со нумерички податоци:

Број на парцел.	Класа на намена	Површина на парцела ($м^2$)	Површина за градба ($м^2$)	Макс. бруто развиена површина ($м^2$)	Макс. вис.до венец (м)	Број на спратови	Процент на изграден (%).	Коефиц. на искори. (К)	Зеленило (%)	Паркирање
1.1	Г2	30924.39 $м^2$	21647.21 $м^2$	86588.84 $м^2$	15.0	П+3	70	2.8	**мин 20%**	**во парцела**

2. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

- Мерки за заштита
- Услови за изградба
  - Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето за градби кои важат за целиот плански опфат
  - Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите
  - Нумерички дел

3. ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ

ЈП Водовод:/
ЕВН Македонија КЕЦ Куманово: /
ЈП Куманово-ГАС:

Изготвил: _____
Александра Младеновска, миа

ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ ОД ОПШТИНАТА

Контролирал: _____
Александар Гелевски, диа

_____
Емилија Сларидис Јаневска, диа

М.П.



КООРДИНАТИ НА ПЛАНСКИ ОПФАТ :		
	X	Y
T1	7558776.1456	4670270.4770
T2	7558935.5500	4670357.3100
T3	7558939.4600	4670320.2300
T4	7558942.0000	4670275.7700
T5	7558940.0200	4670243.2200
T6	7558939.6100	4670243.0000
T7	7558938.1600	4670210.4600
T8	7558936.2200	4670189.1900
T9	7558893.2800	4670042.8100
T10	7558873.9300	4670043.7100
T11	7558856.8600	4670044.3100
T12	7558840.2700	4670091.3700
T13	7558800.4200	4670205.6200
T14	7558788.1200	4670240.9900

ИНДУСТРИСКА УЛИЦА
ПРОФИЛ 1-1
УЛИЦА "НОВОПРОЕКТИРАНА"
(превземен профил од соседен ЛУПД)





пресек 1-1

УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕНТРИ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1.1.													
Број на градежна парцела	Група на класа на намени	Класа на намени	Комплиментна класа на намена на основната класа на намени	Максимален дозволен % на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена во планот	Површина на градежна парцела м2	Максимална површина за изградба на градбите во утврдениот простор за градење	Вкупна изградена површина на сите спратови м2	Број на спратови	Максимална височина на градбите до венец, м.	Процент на изграденост во однос на ГП1.1.(%)	Коефициент на искористеност во однос на градежната парцела (к)	Паркирање	Озеленување
1.1.	Г2	Г2 Лесна и незагадувачка индустрија	Б1(30%), З(30%) , Б4(0%) , В2 (5%) , Д2(30%) Д3 (30%), Д4(30%) , Г3(30%), Г4(30%)	49 %	30924,39 м2	21647,21 м2	86588,84 м2	П+3	15,0м	70,0%	2,8	Во состав на ГП	мин 20%
ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА ДА СЕ РАЗРАБОТИ СО АРХИТЕКТОРНСКО УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ													
ПАРКИРАЊЕТО ДА БИДЕ ВНАТРЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА													
СЕ ДОЗДОЛУВА ИЗГРАДБА НА ПОВЕКЕ ГРАДБИ ВО УТВРДЕНИОТ ПРОСТОР ЗА ГРАДЕЊЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА													

ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА Г2 -ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА НА КП 379/1, КП 379/2, КП 380, КП 381/1, КП 381/2 КО РЕЧИЦА ОПШТИНА КУМАНОВО

СИНТЕЗЕН ПЛАН
- Планска документација-

ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНИ :

Г - ПРОИЗВОДСТВО ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ

ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА :

Г2 - ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА

Е-ИНФРАСТРУКТУРА
Е1-КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА-Сообраќајница согласно соседен ЛУПД

ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
Површина на плански опфат П=3.12ха
ГРАНИЦА НА НАМЕНСКА ЗОНА
РЛ РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
ГГЛ ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
ГЛ ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
ПГЛ ПОДЗЕМНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
Планиран пат согласно соседен ЛУПД
ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈНИЦА
ОСОВИНА НА КОЛОВОЗ
ГП 1.1. БРОЈ НА ГРАДЕЖБА ПАРЦЕЛА
3.2й 180.4м НИВЕЛМАН ПОДОЛЖЕН
ТС Постоечка трафостаница на соседна парцела
Бунар
Пречистителна станица
Септичка јама



СИНТЕЗЕН ПЛАН

ВЕКТОР ТТ
КУМАНОВО
e-mail: vektor__tt@yahoo.com

ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА Г2 -ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА НА КП379/1, КП379/2, КП380, КП381/1, КП381/2 КО РЕЧИЦА ОПШТИНА КУМАНОВО

управител диа Тришиќ Татјана	одобрувач: Општина КУМАНОВО		У
планер диа Тришиќ Татјана овластување бр:0.0370	нарачател: КВАЛИТЕТ ПРОМ КУМАНОВО		
соработници диа Ѓорѓиев Иво овластување бр.0.0101 Тришиќ Наташа диа	прилог : СИНТЕЗЕН ПЛАН		
	М=1:1000	ТЕХ.БР. 1712-10	лист бр:5
		ДАТА јануари 2019	

5.12.3.Електро-енергетски и ТТ приклучок

Согласно Условите за планирање на предметниот локалитет се предвидува Г2 објекти од лесна и незагадувачка индустрија .

Се предвидува снабдувањето со електрична енергија да се обезбеди преку постоечката трафостаница изведена на соседна парцела преку претходна согласност од сопственикот .

Доколку се јави потреба од нова трафостаница истата да се предвиди со архитектонско урбанистички проект.

При потребна дислокација на одредени водови на електричната мрежа, трошокот е на сметка на инвеститорот, а задолжително работата ке ја изведува надлежното претпријатие.

5.13. Хортикултура и партер

Слободниот неизграден дел од градежната парцела се предвидува хортикултурно да се уреди со високо и ниско зеленило и да се затревни согласно Законот за урбано зеленило (Сл.Весник на РМ бр11/18).

6. ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА НАЧИНОТ , ОБЕМОТ И ДИНАМИКАТА НА ФИНАНСИРАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛНСКИТЕ РЕШЕНИЈА

Обемот и динамиката на финансирање на планските решенија на локалитетот кој е предмет на локална урбанистичка планска документаија ги опфаќа сите трошоци на планиарање , проектирање , подготвување (уредување) на земјиштето , изградба на објектите , надворешните инсталации и партерното уредување.

Со Локална урбанистичка планска документација со основна класа на намена Г2 Лесна и незагадувачка индустрија на кп 379/1, кп 379/2, кп 380, кп 381/1 и кп 381/2 ко Речица Општина Куманово се очекуваат позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфаструктурна опременост и уредување на просторот. Се иницираат градежни активности за реализација на градбите во рамките на градежната парцела, од таквите активности има корист и Општината (со прибирање средства за комунално уредување),

7. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

При проектирањето на градбите како и при понатамошната разработка со Основни проекти, неопходно е да бидат запазени прописите од Правилникот за суштински барања за градежни објекти (Сл. весник на РМ бр. 74/2006), како и да се почитува Законот за заштита на животната средина и природата.

7.1 Заштита на животна средина

Заштитата и унапредувањето на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и др.) со кои се обезбедува поддршка и создавање услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина (заштита од осиромашување на озонската обвивка, спречување на штетната бучава и вибрации, заштита од јонизирачко и од нејонизирачко зрачење, заштита од непријатна миризба и користење и депонирање на отпадоците и друг вид на заштита на животната средина).

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природните и создадените вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.

Загадување на животната средина е емисија на загадувачки материи и супстанции, која е резултат на човековата активност, во воздухот, водата или почвата, којашто може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија од која што може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и

пределската разновидност и врз другите пропишани начини на користење на животната средина.

Во доменот на заштитата на животната средина основна цел е преку соодветни плански поставки да се обезбедат услови за непречен развој со истовремено чување на квалитетот на средината за живот и работа.

За остварување на наведената цел, поставките и потребите од заштита на средината се вградуваат во сите домени на урбанистичкото планирање преку проверка и изготвување на современи стандарди и нормативи.

Воздухот е еден од основните елементи за чиста и здрава животна средина, па за негов квалитет неопходно е сите загадувачи, односно сите објекти кои испуштаат штетни материи да користат уреди за пречистување.

Заштитата на квалитетот на атмосферата треба да се остварува преку следните мерки:

1. Интегрална контрола на загадувачите на атмосферата (меѓу кои и издувните гасови од моторните возила) и нивното делување и благовремено укажување на критичните метеоролошки појави.
2. Примена на соодветни техничко-технолошки мерки.
3. Обезбедување услови за ефикасно природно проветрување и користење на доминантни воздушни струења.
4. Подигање и оформување на заштитни зелени појаси (дрвореди).
5. Подобрување на состојбата со зелените јавни површини со правилен распоред и создавање на поврзан сиетем на зеленило во градот и вон- градските зелени простори.

Овој плански опфат нема негативно да влијае на околината.

Сите слободни површини од парцелата хортикултурно да се уредат со зеленило.

Прашањето на одвоз на отпад да се реши во договор со надлежните институции за собирање на отпадот за осигуран континуиран одвоз, и да се постават контејнери према видот на одпадот. Просторот околу контејнерите да се уреди за овозможување услови за одржување и несметан пристап од сообраќајница.

Законска регулатива која ја уредува областа за заштита на животната средина, релевантна за изработка на урбанистичкиот план е следната:

- Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16 , 163/16, 64/18, 168/18) и подазконските акти кои произлегуваат од него

- Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.Македонија број 142/15, 217/15, 222/15,228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18)

- Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на генерален урбанистички план , детален урбанистички план , урбанистички план за село , урбанистички план вон населено место и регулациски план на генеален урбанистички план , формата и содржината и начинот на обработка на урбанистичко планската документаија и архитектонско урбанистичкиот проект и содржината и начинот и формата на обработка на проектот за инфаструктура Сл.Весник на РМ бр.142/15) ,

- Закон за јавни патишта (Сл. весник на РМ, бр. број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13,187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16,163/16).

- Закон за безбедност во сообраќајот на патиштата (Сл. Весник на РМ бр.169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18) и (Сл. Весник на РСМ бр. 98/19)

- Законот за животна средина (Сл. весник на РМ, бр. 53/05, 81/05,24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14,44/15, 129/15,192/15 , 39/16, 99/18),

- Закон за заштита на природата (Сл. весник на РМ, бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 , 63/16, 113/18),
- Закон за заштита на културно наследство (Сл.весник на РМ, бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 , 39/16 ,11/18, 20/19),
- Закон за урбано зеленило (Сл. Весник на РМ бр. 11/18)
- Законот за заштита и спасување (Сл.в.на РМ бр. број 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15 ,71/16, 106/16, 83/18)
- Законот за пожарникарство (Сл.Весник на РМ бр.67/04,81/07, 53/13, 158/14, 193/15, 39/16) (Пречистен текст 168/17)
- Закон за воздухопловство (Сл.в. на РМ бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10,24/12, 80/12 155/12 , 42/14,97/15, 152/15, 27/16, 31/16, 64/18)
- Правилник за дополнување на Правилникот за условите за поставување, градба и обележување на објекти, инсталации и уреди во зоната на Аеродромот, објекти и уреди за контрола на летањето и објекти надвор од зоната на аеродромот коишто можат да влијаат на безбедноста на воздушниот сообраќај и условите и начинот на обработка на земјиштето во зоната на аеродромот и земјиштето во неговата непосредна околина Сл. Весник на РМ бр.13007, 156/12, 149/19)
- Закон за квалитетот на амбиенталниот воздух (Сл. весник на РМ бр. 67/04; 92/07, 35/10, 47/11, , 59/12,163/13, 146/15)(пречистен текст 100/12, 163/13, 10/15)
- Закон за управување со отпадот (Сл.Весникк на РМ бр. 668/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, (пречистен текст бр.9/11), 51/11,123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15,156/15, 192/15, 39/16, 63/16)
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл. весник на РМ бр. 79/07, 124/10, 47/11 ,163/13,146/15)
- Закон за водите (Сл. весник на РМ бр.; 87/08, 06/09, 161/09, 83/10 , 51/11, 44/12, 23/13 , 163/13,180/14, 146/15, 52/16);
- Уредба за класификација на на површинските води (Сл. весник на РМ бр. 99/16 ,246/18)
- Закон за заштита на природата (Сл. весник на РМ, бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10,47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18).

7.1.1. Заштита на почвата и подземните води

Во смисол на заштита на подземните води потребно е изведба на непропусна канализација за одводнување на отпадните води.

1. Заштита на проточните и подземните води има приоритет и со соодветно техничко технолошки зафати (изградба на канализациони системи, соодветен третман на отпадни води, редовна контрола на состојбите на водата и нејзиниот квалитет и др.)
2. Неутрализирање на штетните отпадни материи пред испуштање во канализациона мрежа.

Имајќи во предвид дека е изведена канализационата комунална инфраструктура, има гаранции дека подземните води ќе бидат заштитени од загадување.

7.1.1.1Заштита на водите

Да се почитуваат одлуките и одредбите од Правилник за опасните и штетните материи и супстанции и нивните емисиони стандарди што можат да се испуштат во канализација или во систем за одводнување, во површински или подземни водни тела, како и во крајбрежни земјишта и водни живеалишта и Правилникот за условите, начинот и граничните вредности на емисија за испуштањето на отпадните води по нивното прочистување и начинот на нивно пресметување.

Со цел да се минимизира или целосно елиминира потенцијалната опасност од контаминација на водите од евентуално истекување или протекување на гориво, при изведувањето на градежните активности на предметното подрачје потребно е да се избегнува сервисирање на градежната опрема или полнење со гориво во близина на водните тела.

Директната емисија на отпадни води, може значително да влијае врз вкупната рамнотежа и видовите на застапена флора и фауна во површинските води во непосредната близина на парцелата.

Да се превземат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции, односно обврзно да се предвиди маслофаќач-сепаратор.

Министерството за животна средина и просторно планирање согласно Законот за води издава Водостопанска согласност заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти кои што поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои може да влијаат врз режимот на водите, дозвола за користење на вода од бунари и дозвола за испуштање на отпадните води.

Потенцијалните извори на загадување на медиумите во животната средина ќе бидат дополнително разработени преку посебните проекти, со децидно наведени плански мерки за заштита.

7.1.1.2.Заштита на воздухот

Неопходно е при проектирањето да се води сметка за изворите на загадување, воспоставување на зони на санитарна заштита и континуиран мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.

Во периодот на експлоатација и зголемената концентрација на возила ќе влијае на зголемување на концентрацијата на присутни честици во воздухот. Вегетациската покривка надвор од парцелата , изложена на висока концентрација на честици може да биде оштетена кога истите се наоѓаат во комбинација со другите присутни полутанти во воздухот, создадени како резултат на мобилните извори на загадување, посебно изразени на просторот кој е предмет на анализа. Крупните честици, како прашината која паѓа директно на површината на земјата, ја редуцираат размената на гасови и процесите на фотосинтеза што води кон редукција на растот кај растенијата. Со цел да се спречи редукција на растот кај видовите се препорачува контрола на квалитетот на воздухот и превземање на мерки за запазување на дозволените концентрации на присутни полутанти во воздухот.

Нивоата на емисии во воздухот треба да бидат усогласени со Правилникот за гранични вредности за дозволени нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (Сл.в. на РМ бр.141/10).

7.1.2. Заштита од бучава

Прашањето за намалување на проблемите на бучавата од сообраќајниците треба да се решава со обезбедување на заштитни зелени појаси по должина на тие сообраќајници и формирање на зелени коридори.

Во склоп на подобрување на условите за работа и живеење еден од битните фактори е подигањето на зелени насади во локалитетот и во неговото непосредно окружување.

7.2 Мерки за заштита и спасување

Со Законот за заштита и спасување се уредува системот за заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир, вонредна состојба и воена состојба во Република Македонија.Согласно Законот за заштита и спасување (Сл.в.на РМ бр. број 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15 ,71/16, 106/16, 83/18) а посебно согласно член 54 став 1 алинеја 4 за вградување на противпожарни пречки и Законот за управување со кризи (Сл.в.на РМ бр. 29/05 и 36/11 и 41/14 , 104/15, 39/16, 83/18), Законот за пожарникарство (Сл. в. на РМ бр 67/04, 81/07 и 55/13 и 158/14, 193/15, 39/16)(Пречистен текст бр.168/17), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Заштитата и спасувањето во Републиката се организира како единствен систем за откривање и спечување на настанувањето на последиците од настанатите природни и други несреќи и давање на помош во мир, вонредна состојба и воена состојба.

Заштитата и спасувањето претставува поврзан процес за планирање, програмирање, организирање, раководење, командување, координирање, спроведувње, финансирање и надзор за навремена и ефикасна превенција како и подготвување, дејствување и отстранување на причините и последиците од природни непогоди и други несреќи.

Заштитата и спасувањето е работа од јавен интерес.

Заштитата и спасувањето во Републиката ги организираат и спроведуваат државните органи, органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговски друштва, здруженија на граѓани, граѓаните и силите за заштита и спасување, на начин уреден со овој закон, прописите донесени врз основа на овој закон, како и нормативите, стандардите и правилата на техничката практика.

Субјектите дадени погоре се должни да организираат заштита и спасување на своите вработени и луѓето затекнати во објектите во моментот на настанување на природната непогода или друга несреќа.

Организацијата на мерките за заштита и спасување опфаќа планирање и подготвување на активности за спроведување на мерките за заштита и спасување

Спроведувањето на мерките за заштита и спасување од членот 61 на Законот за заштита и спасување, посебно за секоја мерка, со уредба го уредува Владата.

Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функцијата на превенцијата се следниве мерки и активности:

1. изработка на Процена на загрозеност за можни опасности и План за заштита и спасување од проценети опасности
2. вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа
3. уредување на просторот и изградба на објектите, во функција на заштита и спасување
4. воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување
5. обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Методологијата за содржината и начинот на проценувањето на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето, како и нормативите и стандардите врз основа на кои се определуваат државните органи и другите правни лица кои се должни да донесат план за заштита и спасување ги утврдува Владата.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

1. при планирањето и уредувањето на просторот и населбите
2. во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и
3. при изградба на објекти и инфраструктура

За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, граѓаните на Републиката, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите задолжително обезбедуваат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување и за силите за заштита и спасување и соодветно обучен персонал.

Една значајна мерка за заштита и спасување која треба да се почитува во функција на превенција и во функција на заштитата и спасувањето е и уредувањето на просторот и изградбата на објектите согласно сите технички прописи за таков вид на градби.

Во Архитектонско-урбанистичкиот проект опфатени се дел од предвидените урбанистичко-технички и хуманитарни мерки за заштита и спасување, согласно намената, согласно член 61 од Законот за заштита и спасување(Сл.в.на РМ бр. број 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15 ,71/16, 106/16, 83/18)и подазоконските уредби и други правни прописи од оваа проблематика.

Урбанистичко-технички мерки се:

1. засолнување
2. заштита и спасување од поплави
3. заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи
4. заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства
5. заштита и спасување од урнатини
6. заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи
7. спасување од сообраќајни несреќи

Хуманитарни мерки се:

8. евакуација
9. згрижување на загрозеното и настраданото население
10. радилошка, хемиска и биолошка заштита
11. прва медицинска помош
12. заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло
13. заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло
14. асанација на теренот

При понатамошната изработка со проекти како и при изградба на градбите, мерките за заштита и спасување задолжително треба да се разработуваат детално и истите да се вградат, согласно член 7 од Уредбата за начинот на применување на мерки за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничките прегледи (Сл. Весник на РМ бр. 105/05).

Мерките за заштита и спасување се однесуваат на заштита од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејствија.

Природни непогоди се земјотреси, поплави, лизгање на земјиште, снежни лавини и наноси, голомразица, град, суша кои со природни неконтролирани сили ја загрозуваат животната средина, животот и здравјето на луѓето, материјалните добра, животинскиот и растителниот свет и културното наследсво.

Други несреќи се настани кои се резултат на одредени превиди и грешки во извршувањето на секодневните активности, како и невнимание при ракување со опасни материи и средства за производство, складирање и транспорт на истите (пожари, големи несреќи во патниот, железничкиот и воздушниот сообраќај, несреќи во рудници, индустриски несреќи предизвикани од експлозии и други техничко-технлошки причини, паѓање на радиоактивни врнежи, прашини и талози, излевање на нафта и нафтени деривати, и други отровни хемикалии, екслозии на гасови, запалливи течности и гасови, како и други отровни хемикалии, експлозии на гасови, запалливи течности и гасови, како и други горливи матери кои со воздухот создаваат експлозивни смеси и други експлозивни матерјали од поголем размер).

Дел од природните непогоди и другите несреќи можат да се јават и во границите на планскиот опфат.

7.2.1. Заштита од природни и технолошки хаварии

Врз основа на загрозеноста на регионот на Кумановската Котлина од природни катастрофи, елементарни непогоди и технички хаварии може да настане повредливост на просторот на локалитетот и неговите физички структури. Повредливоста на просторот се одразува на објектите и нивната околина.

7.2.2. Мерки за заштита од урнатини

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките планови во текот на планирањето на просторот.

- применети се нормативите од Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.Македонија број 142/15, 217/15, 222/15,228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18) а посебно за густината на планираните површини за градба односно нивната коорелација со планираните висини како и современите планирани сообраќајнии со попречни профили , радиуси и кривини кои обезбедуваат непречен и сигурен проеотк на возила и луѓе во состојба на сеизмичка активност.

Профилите на сообраќајниците се планирани со димензии според Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.Македонија број 142/15, 217/15, 222/15,228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18) Истите со своите радиуси,ширини на коловозот и тротоар, се прикажани во графичкиот прилог за сообраќајно решение.

Радиусот согласно член 74 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко панирање (Службен весник на РМ број 142/15, 217/15, 222/15,228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18).

Големината и структурата на сообраќајното оптеретување како и останатите критериуми ке бидат обработени преку Инфраструктурните и основните проекти согласно законската регулатива.

Заштита и спасување од урнатини опфаќа превентивни и оперативни мерки, согласно член 81 од Законот за заштита и спасување (Сл.в.на РМ бр. број 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15 ,71/16, 106/16, 83/18).

Според постојните анализи и добиените резултати за сеизмичност на месното подрачје според очекуваните дејности на земјотреси во иднина, основен степен на сеизмички итензитет во подрачјето изнесува 8° по MCS.

Дефинирање на сеизмички хазард всушост претставува дефинирање на економско-технички критериуми за прифатливо ниво на безбеденост на градежната конструкција за различни материјали на објектите.

Се наметнува потреба од примена на соодветни мерки за заштита, односно задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на градбите.

За да се избегне сеизмичкиот хазард потребно е градбата да се гради според параметрите и критериумите за сеизмичка градба.

Во случај на можни разурнувања било од земјотес или од воздушен воен удар, планираното решение на уличната мрежа обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла)
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални воизила
- непречена интервенција
- штетите да се сведат на минимум
- брза санација на последиците.

7.2.3. Мерки за заштита од пожар

Предвидената градежна парцела е ориентирана кон планираната Собирна улица „ Улица 1“ што обезбедува услови за несметан пристап на противпожарни возила.

Рабникот на пристапниот пат треба да биде со висина не поголема од 7.0см , и истито треба да биде закосен заради полесен пристап на проптивпожарното возило до објекот.

Растојанијата на дефинираните градежни линии до границите со соседните парцели овозможуваат несметан пристап, подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

Мерките за заштита од пожар се предвидуваат со изработката на техничката документација за објектите и треба да бидат во согласност со Законот и Правилниците за мерки за заштита од пожар.

Со планирање на хидранската мрежа задоволени се сите мерки на на заштита , за недворешна хидранска мрежа е предвиден прстенаст систем на цевоводи со минимален пречник ф100мм согласно Правилникот за технички нормативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари (Сл.Весник бр.31/06) .

Хидрантите се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150м.

При планирањето почитуван е Законот за заштита и спасување, како и Законот за пожарникарство.

Согласно од Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.Македонија број 142/15, 217/15, 222/15,228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18),
Закон за јавни патишта (Сл. весник на РМ, бр. број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16 71/16,163/16).
Закон за безбедност во сообраќајот(Сл. Весник на РМ бр.169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 70/19, 98/19)

Правилник за стандарди и нормативи за проектирање (Сл. Весник на РМ бр. 60/12, 29/18, 32/16, 114/16) , Правилник за технички елементиза изградба и реконструкција на јавните патишта на објектите на патот (Сл.Весник на РМ броја 110/09, 163/09, 26/10, 163/10, 94/11, 146/11,09/17)

Правилник за начинот на обезбедување на непречен пристап , движење , престој , работа на лица со инвалидност до и во градба (Сл.Весник на РМ бр.25/10) .

Профилите на сообраќајниците се планирани со димензии според Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.Македонија број 142/15, 217/15, 222/15,228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17,86/18) Истите со своите радиуси,ширини на коловозот и тротоар, се прикажани во графичкиот прилог за сообраќајно решение.

Радиусот согласно член 72 од Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.Македонија број 142/15, 217/15, 222/15,228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17,86/18)

Големината и структурата на сообраќајното оптеретување како и останатите критериуми ке бидат обработени преку Инфраструктурните и основните проекти согласно законската регулатива.

Да се почитуваат одлуките и одредбите од Правилник за опасните и штетните материи и супстанции и нивните емисиони стандарди што можат да се испуштат во канализација или во систем за одводнување, во површински или подземни водни тела, како и во крајбрежни земјишта и водни живеалишта и Правилникот за условите, начинот и граничните вредности на емисија за испуштањето на отпадните води по нивното прочистување и начинот на нивно пресметување.

Со цел да се минимизира или целосно елиминира потенцијалната опасност од контаминација на водите од евентуално истекување или протекување на гориво, при изведувањето на градежните активности на предметното подрачје потребно е да се избегнува сервисирање на градежната опрема или полнење со гориво во близина на водните тела.

Директната емисија на отпадни води, може значително да влијае врз вкупната рамнотежа и видовите на застапена флора и фауна во површинските води во непосредната близина на парцелата.

Да се превземат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции, односно обврзно да се предвиди маслофаќач-сепаратор.

Министерството за животна средина и просторно планирање согласно Законот за води издава Водостопанска согласност заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти кои што поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои може да влијаат врз режимот на водите, дозвола за користење на вода од бунари и дозвола за испуштање на отпадните води.

Потенцијалните извори на загадување на медиумите во животната средина ќе бидат дополнително разработени преку посебните проекти, со децидно наведени плански мерки за заштита.

3.1.1.2.Заштита на воздухот

Неопходно е при проектирањето да се води сметка за изворите на загадување, воспоставување на зони на санитарна заштита и континуиран мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.

Во периодот на експлоатација и зголемената концентрација на возила ќе влијае на зголемување на концентрацијата на присутни честици во воздухот. Вегетациската покривка надвор од парцелата , изложена на висока концентрација на честици може да биде оштетена кога истите се наоѓаат во комбинација со другите присутни полутанти во воздухот, создадени како резултат на мобилните извори на загадување, посебно изразени на просторот кој е предмет на анализа. Крупните честици, како прашината која паѓа директно на површината на земјата, ја редуцираат размената на гасови и процесите на фотосинтеза што води кон редукција на растот кај растенијата. Со цел да се спречи редукција на растот кај видовите се препорачува контрола на квалитетот на воздухот и превземање на мерки за запазување на дозволените концентрации на присутни полутанти во воздухот.

Нивоата на емисии во воздухот треба да бидат усогласени со Правилникот за гранични вредности за дозволени нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (Сл.в. на РМ бр.141/10).

3.1.2. Заштита од бучава

Прашањето за намалување на проблемите на бучавата од сообраќајниците треба да се решава со обезбедување на заштитни зелени појаси по должина на тие сообраќајници и формирање на зелени коридори.

Во склоп на подобрување на условите за работа и живеење еден од битните фактори е подигањето на зелени насади во локалитетот и во неговото непосредно окружување.

3.2 Мерки за заштита и спасување

Со Законот за заштита и спасување се уредува системот за заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир, вонредна состојба и воена состојба во Република Македонија.Согласно Законот за заштита и спасување (Сл.в.на РМ бр. број 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15 ,71/16, 106/16, 83/18) а посебно согласно член 54 став 1 алинеја 4 за вградување на противпожарни пречки и Законот за управување со кризи (Сл.в.на РМ бр. 29/05 и 36/11 и

41/14 , 104/15, 39/16, 83/18), Законот за пожарникарство (Сл. в. на РМ бр 67/04, 81/07 и 55/13 и 158/14, 193/15, 39/16)(Пречистен текст бр.168/17), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Заштитата и спасувањето во Републиката се организира како единствен систем за откривање и спечување на настанувањето на последиците од настанатите природни и други несреќи и давање на помош во мир, вонредна состојба и воена состојба.

Заштитата и спасувањето претставува поврзан процес за планирање, програмирање, организирање, раководење, командување, координирање, спроведувње, финансирање и надзор за навремена и ефикасна превенција како и подготвување, дејствување и отстранување на причините и последиците од природни непогоди и други несреќи.

Заштитата и спасувањето е работа од јавен интерес.

Заштитата и спасувањето во Републиката ги организираат и спроведуваат државните органи, органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговски друштва, здруженија на граѓани, граѓаните и силите за заштита и спасување, на начин уреден со овој закон, прописите донесени врз основа на овој закон, како и нормативите, стандардите и правилата на техничката практика.

Субјектите дадени погоре се должни да организираат заштита и спасување на своите вработени и луѓето затекнати во објектите во моментот на настанување на природната непогода или друга несреќа.

Организацијата на мерките за заштита и спасување опфаќа планирање и подготвување на активности за спроведување на мерките за заштита и спасување

Спроведувањето на мерките за заштита и спасување од членот 61 на Законот за заштита и спасување, посебно за секоја мерка, со уредба го уредува Владата.

Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функцијата на превенцијата се следниве мерки и активности:

1. изработка на Процена на загрозеност за можни опасности и План за заштита и спасување од проценети опасности
2. вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа
3. уредување на просторот и изградба на објектите, во функција на заштита и спасување
4. воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување
5. обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Методологијата за содржината и начинот на проценувањето на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето, како и нормативите и стандардите врз основа на кои се определуваат државните органи и другите правни лица кои се должни да донесат план за заштита и спасување ги утврдува Владата.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

1. при планирањето и уредувањето на просторот и населбите
2. во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и
3. при изградба на објекти и инфраструктура

За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, граѓаните на Републиката, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите задолжително обезбедуваат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување и за силите за заштита и спасување и соодветно обучен персонал.

Една значајна мерка за заштита и спасување која треба да се почитува во функција на превенција и во функција на заштитата и спасувањето е и уредувањето на просторот и изградбата на објектите согласно сите технички прописи за таков вид на градби.

Во Урбанистичкиот проект опфатени се дел од предвидените урбанистичко-технички и хуманитарни мерки за заштита и спасување, согласно наменатa, согласно член 61 од Законот за заштита и спасување(Сл.в.на РМ бр. број 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15 ,71/16, 106/16, 83/18)и подазоконските уредби и други правни прописи од оваа проблематика.

Урбанистичко-технички мерки се:

1. засолнување
2. заштита и спасување од поплави
3. заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи
4. заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства
5. заштита и спасување од урнатини
6. заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи
7. спасување од сообраќајни несреќи

Хуманитарни мерки се:

8. евакуација
9. згрижување на загрозеното и настраданото население
10. радилошка, хемиска и биолошка заштита
11. прва медицинска помош
12. заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло
13. заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло
14. асанација на теренот

При понатамошната изработка со проекти како и при изградба на градбите, мерките за заштита и спасување задолжително треба да се разработуваат детално и истите да се вградат, согласно член 7 од Уредбата за начинот на применување на мерки за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничките прегледи (Сл. Весник на РМ бр. 105/05).

Мерките за заштита и спасување се однесуваат на заштита од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејствија.

Природни непогоди се земјотреси, поплави, лизгање на земјиште, снежни лавини и наноси, голомразица, град, суша кои со природни неконтролирани сили ја загрозуваат животната средина, животот и здравјето на луѓето, материјалните добра, животинскиот и растителниот свет и културното наследсво.

Други несреќи се настани кои се резултат на одредени превиди и грешки во извршувањето на секодневните активности, како и невнимание при ракување со опасни материи и средства за производство, складирање и транспорт на истите (пожари, големи несреќи во патниот, железничкиот и воздушниот сообраќај, несреќи во рудници, индустриски несреќи предизвикани од експлозии и други технички-технлошки причини, паѓање на радиоактивни врнежи, прашини и талози, излевање на нафта и нафтени деривати, и други отровни хемикалии, екслозии на гасови, запалливи течности и гасови, како и други отровни хемикалии, експлозии на гасови, запалливи течности и гасови, како и други горливи матери кои со воздухот создаваат експлозивни смеси и други експлозивни матерјали од поголем размер).

Дел од природните непогоди и другите несреќи можат да се јават и во границите на планскиот опфат.

3.2.1. Заштита од природни и технолошки хаварии

Врз основа на загрозеноста на регионот на Кумановската Котлина од природни катастрофи, елементарни непогоди и технички хаварии може да настане повредливост на просторот на локалитетот и неговите физички структури. Повредливоста на просторот се одразува на објектите и нивната околина.

3.2.2. Мерки за заштита од урнатини

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките планови во текот на планирањето на просторот.

- применети се нормативите од Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.225/20 и 219/21).) а посебно за густината на планираните површини за градба односно нивната коорелација со планираните висини како и современите планирани сообраќајнии со попречни профили , радиуси и кривини кои обезбедуваат непречен и сигурен проеотк на возила и луѓе во состојба на сеизмичка активност.

Профилите на сообраќајниците се планирани со димензии според Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.225/20 и 219/21) Истите со своите радиуси,ширини на коловозот и тротоар, се прикажани во графичкиот прилог за сообраќајно решение.

Радиусот согласно член 154 од Правилникот за урбанистичко планирање ((Службен весник на РСМ бр.225/20 и 219/21)Големината и структурата на сообраќајното оптеретување како и останатите критериуми ке бидат обработени преку Инфраструктурните и основните проекти согласно законската регулатива.

Заштита и спасување од урнатини опфаќа превентивни и оперативни мерки, согласно член 81 од Законот за заштита и спасување (Сл.в.на РМ бр. број 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15 ,71/16, 106/16, 83/18).

Според постојните анализи и добиените резултати за сеизмичност на месното подрачје според очекуваните дејности на земјотреси во иднина, основен степен на сеизмички итензитет во подрачјето изнесува 8° по MCS.

Дефинирање на сеизмички хазард всушост претставува дефинирање на економско-технички критериуми за прифатливо ниво на безбеденост на градежната конструкција за различни материјали на објектите.

Се наметнува потреба од примена на соодветни мерки за заштита, односно задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на градбите.

За да се избегне сеизмичкиот хазард потребно е градбата да се гради според параметрите и критериумите за сеизмичка градба.

Во случај на можни разурнувања било од земјотес или од воздушен воен удар, планираното решение на уличната мрежа обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла)
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални воизила
- непречена интервенција
- штетите да се сведат на минимум
- брза санација на последиците.
-

3.2.3. Мерки за заштита од пожар

Предвидената градежна парцела е ориентирана кон улица „ Новопроектирана “ што обезбедува услови за несметан пристап на противпожарни возила.

Рабникот на пристапниот пат треба да биде со висина не поголема од 7.0см , и истито треба да биде закосен заради полесен пристап на проптивпожарното возило до објекот.

Растојанијата на дефинираните градежни линии до границите со соседните парцели овозможуваат несметан пристап, подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

Мерките за заштита од пожар се предвидуваат со изработката на техничката документација за објектите и треба да бидат во согласност со Законот и Правилниците за мерки за заштита од пожар.

Со планирање на хидранската мрежа задоволени се сите мерки на на заштита , за недворешна хидранска мрежа е предвиден прстенаст систем на цевоводи со минимален пречник ф100мм согласно Правилникот за технички нормативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари (Сл.Весник бр.31/06) .

Хидрантите се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150м .

При планирањето почитуван е Законот за заштита и спасување, како и Законот за пожарникарство. Согласно од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.225/20 и 219/21), Законот за јавни патишта (Сл.Весник на РМ бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/12, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16, 174/21).,Закон за безбедност во сообраќајот(Сл. Весник на РМ бр.169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 70/19, 98/19),Правилник за стандарди и нормативи за проектирање (Сл. Весник на РМ бр. 60/12, 29/18, 32/16, 114/16) , Правилник за технички елементиза изградба и реконструкција на јавните патишта на објектите на патот (Сл.Весник на РМ броја 110/09, 163/09, 26/10, 163/10, 94/11, 146/11,09/17) Правилник за начинот на обезбедување на непречен пристап , движење , престој , работа на лица со инвалидност до и во градба (Сл.Весник на РМ бр.25/10) .

Профилите на сообраќајниците се планирани со димензии според Правилникот за урбанистичко планирање ((Службен весник на РСМ бр.225/20 и 219/21), Истите со своите радиуси,ширини на коловозот и тротоар, се прикажани во графичкиот прилог за сообраќајно решение.

Радиусот согласно член 154 од Правилникот за урбанистичко планирање ((Службен весник на РСМ бр.225/20 и 219/21), Големината и структурата на сообраќајното оптеретување како и останатите критериуми ке бидат обработени преку Инфраструктурните и основните проекти согласно законската регулатива.

Согласно Законот за заштита и спасување Законот за заштита и спасување (Сл.в.на РМ бр. број 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15 ,71/16, 106/16, 83/18)., Законот за пожарникарство (Сл. в. на РМ бр 67/04, 81/07 и 55/13 и 158/14, 193/15, 39/16)(Пречистен текст бр.168/17) како и Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти (Сл. весник на РМ бр. 94/09), Правилникот за техничките нотмативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари (Сл. Весник на РМ бр. 26/18), Правилник за суштинските барања за градежните објекти (Сл. В. На РМ бр. 74/06) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика. Уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.

Од архитектонско урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита се предвидува со :

- брз и непречен пристап до градбата
- градбата да се предвиди од тврда градба , со примена на огнееотпорни материјали
- механичка отпорност и стабилност
- носечка способност на конструкцијата во одреден период
- ограничување на настанување и ширење на пожарот и чадот
- ограничување на ширењето на пожарот кон соседните објекти
- правилно научутање на корисниците на објектот
- безбеден пристап на спасувачките екипи
- при планирањето е водена сметка за обезбедување на доволни растојанија меѓу соседните градби
- во понатамошна обработка на , обавезно да се реши громобранската инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

Предвидената сообраќајна инфраструктура со соодветни квалитетни хоризонтални и вертикални елементи на коловозот овозможуваат непречена интрвенција на противпожарните возила. Падот на пристапниот пат е со мали вредности и е погоден за одвивање сообраќај на тешки возила.

Другите елементи за противпожарна заштита ќе се утврдат со посебниот елаборат за противпожарна заштита како составен дел на Основниот проект за секоја градбата,

3.2.4 Мерки за заштита од поплави

Планскиот опфат кој е предложен во планската документација во своја близина нема поголеми водни токови. Заштитата од штетното дејствие на водите во однос на заштита од порои ке се врши под услови и начин и во постапка определени со - Закон за водите (Сл. весник на РМ бр. 4/98; 87/08, 06/09, 161/09, 83/10 , 51/11, 44/12, 23/13 , 163/13,180/14, 146/15, 52/16);, односно со зафаќање на атмосферските води преку атмосферската канализациона мрежа.

Имајќи вопредвид дека планското решение предвидува изведба на атмосферска канализационата мрежа, димензионирана за прифаќање на уличните атмосферски води и нивно одведување од локалитетот и спроведување до главниот реципиент, и истото ги надминува минималните попречни и подолжни наклони за секоја од предметните сообраќајници, може да се смета дека во целост е постапено по препораките за предвидување на мерки за заштита и спасување од поплави.

Исто така заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од

поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

7.2.5. Засолнување

Засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката.

Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградени во урбанистичките планови.Јавните засолништа според отпорноста се градат како засолништа за основна заштита, во согласност со техничките нормативи за изградба на јавни засолништа што ги донесува директорот на Дирекцијата. Републиката има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолошкохидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување.

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и други заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со уредба ги уредува Владата.

Согласно 62, 63, 64, 65 и 66 од Законот за заштита и спасување Законот за заштита и спасување (Сл.в.на РМ бр. број 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15 ,71/16, 106/16, 83/18). и со Уредбата за начинот на изградба на јавните засолништа и одржување и користење на веќе изградените засолништа и други заштитни објекти и определувањето на потребниот број на засолнишни места (Сл Весник на РМ бр. 153/10) посебно членовите 7 и 8, како и член 25 во кој се определува потребниот број на засолнишни меставо РМ кои едновремено можат да се стават во функција.

Тековното и инвестиционото одржување на засолништата го вршат сопствениците или корисниците на истите.

При опасност засолништето мора да се доведе во функција за основната намена во рок од 48 часа, со непречен пристап за лицата за кои е наменето.

Одржувањето, сервисирањето на средствата и опремата во сите засолништа и атестирањето го вршат трговски друштва, јавни претпријатија, установи и служби регистрирани за таква дејност, кои што имаат вработени лица со лиценца за вршање на таква дејност согласно со закон.

Градежни зафати со кои се намалува заштитното својство на засолништето не се дозволени.

Засолништата и другите заштитни објекти можат да се издаваат под закуп, под услов да не се наруши нивната примарна заштитна функција.

Засолништата другите заштитни објекти се издаваат под закуп од страна на нивните сопственици, а за засолништата и другите заштитни објекти чиј сопственик е непознат, издавањето го врши Дирекцијата.

Издавањето на засолништата другите заштитни објекти под закуп се врши согласно со закон.

Дирекцијата води евиденција за изградените засолништа и другите заштитни објекти.

Начинот на водење на евиденцијата за изградените засолништа и другите заштитни објекти го пропишува директорот на Дирекцијата.

7.2.6 Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

При изработката на Основните проекти предвидени се пропишани мерки за заштита од пожари, согласно член 68 Законот за заштита и спасување Законот за заштита и спасување (Сл.в.на РМ бр. број 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15 ,71/16, 106/16, 83/18). и Законот за пожарникарство (Сл. в. на РМ бр 67/04, 81/07 и 55/13 и 158/14, 193/15, 39/16)(Пречистен текст бр.168/17), Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РМ бр 32/11 и 145/13), како и Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти (Сл. весник на РМ бр. 94/09), Правилник за техничките нормативи за хидрантската мрежа за гаснење на пожари (Сл.Весник 26/18), Правилник за суштинските барања за градежните објекти (Сл. В. на РМ бр. 74/06), Правилник за изборот на видовите и на количините на противпожарните апарати со кои треба да располагаат правнитие лица и граѓаните, како и за критериумите што треба да ги исполнуваат правните лица кои што вршат сервисен преглед и контролно испитување на противпожарните апарати (Сл. Весник на РМ бр. 26/18), Правилникот за начинот на определување на места на кои задолжително треба да се наоѓаат уредите и инсталациите за заштита од пожари, другата противпожарна опрема, средствата за гасење на пожари и противпожарните апарати, нивното одржување во исправна состојба, посебното обележувања и достапност за употреба (Сл. Весник на РМ бр. 74/06 и 76/07) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика. Уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.

Заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи опфаќа мерки и активности од нормативен, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропагандан карактер.

Заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се планира, организира и спроведува во сите објекти и места со превентивни и оперативни мерки.

Превентивни мерки за заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, се активности кои се планираат и спроведуваат со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите.

Оперативните мерки за заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се активности за откривање, спречување на ширење и гасење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување на пожари и експлозии, како и давање помош при отстранување на последиците предизвикани од пожари , експлозии и опасни материи.

Органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за

заштита од пожари, друга противпожарна опрема, средства за гасење на пожари и противпожарни апарати, според пропишани стандарди.

Инвеститорите за објектите се должни да изготват посебен елаборат за заштита од пожарии, експлозии и опасни материи.

Од урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита предвидува:

- брз и непречен пристап до градбите;
- градбите се предвидуваат од лесни материјали со помали тежини, со примена на огноотпорни материјали,
- при планирањето е водено сметка за обезбедување на доволни растојанија меѓу градбите,
- со сообраќајното решение и начинот на кој се предвидува изградбата на градбите овозможен е пристап на противпожарно возило од повеќе страни,
- Секунарната сообраќајна улица е со доволна ширина, и е со задоволувачки осовински притисок, што овозможува непречено и брзо движење на противпожарните возила,
- инсталациите, уредите и постројките треба да се изведат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии,
- во градот Скопје кој го опслужува овој проектен опфат со ПП заштита, има противпожарна единица, која е опремена со противпожарни возила и со обучени лица за дејствување во случај на пожар, во склоп на севисните дејности,
- самиот инвеститор согласно Закон треба да обезбеди потребна противпожарна опрема,
- обезбедена е доволна количина на вода за гасење на пожар,
- во понатамошната изработка на основни проекти, обврзно да се реши громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување согласно Правилникот за стандарди за заштита на објекти од атмосферски празнења (Сл. Весник на РМ бр. 101/2000)

Предвидената сообраќајна инфраструктура за пристап е со соодветни квалитетни хоризонтални и вертикални елементи на коловозот и овозможува непречена интрвенција на противпожарните возила. Падот на улицата е со мали вредности и е погоден за одвивање сообраќај.

При изработката наосновен проект потребно е да изготви посебен Проект за заштита од пожари за секоја градежна парцела посебно, и да се прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари, согласно Упатството за содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РМ бр. 139/10).

Согласноста ја издава Дирекцијата за заштита и спасување.

Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Согласно Законот за заштита и спасување Законот за заштита и спасување (Сл.в.на РМ бр. број 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15 ,71/16, 106/16, 83/18). член 80, заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на
неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.
Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно
определени и уредени места за таа намена. Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

Спасување од сообраќајни несреќи

Стационарниот сообраќај е решен согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање ((Службен весник на РСМ бр.225/20 и 219/21).Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како верикална и хоризонтална треба да е изведена согласно прописите од областа на сообраќајот.
Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош зависи од оддалеченоста на најблиската клиника, која за овој плански опфат во реонот на амбуланта и поликлиника би изнесувал од 30 до 40 мин.
Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица.

Евакуација

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја.
Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи. Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време.

Згрижување на загрозеното и настраданото население

Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното население. Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење.
Врз основа на член 29 од Законот за заштита и спасување Законот за заштита и спасување (Сл.в.на РМ бр. број 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15 ,71/16, 106/16, 83/18) мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:
- при планирањето и уредувањето на просторот и населбите;
- во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати,енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко- угостителска дејност и
- при изградба на објекти и инфраструктура.
Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите,како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.
Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:
- изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;
- регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи;
- изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините;
- обезбедување на противпожарни пречки;
- изградба на објекти за заштита и
- изградба на потребната инфраструктура.

Мерки за спречување на бариери за лица со инвалидност и друго

Мерките за лица со инвалидитет се однесуваат на уредување на градежното земјиште за општа употреба и условите за градење на градби од класите на намени Г2.5..
Површините за движење на пешаците кои се планираат во урбанистичките планови и тоа тротоари, пешачки улици, пешачки патеки и плоштади каде штокарактеристиките на теренот тоа го дозволуваат, треба д се со континуирана нивелета без скалести денивелаии со подолжен наклон од најмногу 8,33%.
Доколку јавните пешачки површини се на терен со големи висински разлики кои мораат да се совладаат со скали, со урбанистички план и урбанистичко планска документација треба да се предвиди алтернативна врска со рампа со максимален пад од 8,33% или во однос 1:12.
Рампата се димензионира за двосмерно движење на лица во количка при што нејзината најмала широчина треба да е 1,65 м, а оптималната широчина треба да е 1,80 м.
Во зависност од наклонот на рампата, ограничена е нејзината должина и тоа за,
-наклон од 8,33% или во однос 1:12, максималната должина на рампата е 9 м
-наклон од 6,66% или во однос 1:15, максималната должина на рампата е 12 м
-наклон од 5,0% или во однос 1:20, максималната должина на рампата е 15 м
Во случаите кога е неопходна поголема должина на рампите од горенаведената, тогаш треба да се планираат одморишта чија што најмала должина треба да е 1,50м а оптималната должина треба да е 1,80 м.

Згрижување на загрозеното и настраданото население

Згрижување на настрадано и загрозено население е предвидено согласно член 86 од Законот за заштита и спасување. Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основните услови за живот на настраданото и загрозеното население.

На просторот од парцелата постои можност од згрижување на загрозеното и настраданото население со оглед на нејзината намена.

..Радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Согласно член 87 од Законот за заштита и спасување, радилошка, хемиска и биолошка заштита опфаќа мерки и средства за навремено откривање, следење и контрола на опасностите и последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радилошко, хемиско и билошко оружје, превземање на мерки за заштита и отстранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, како и спостваниците и корисниците на објектите и уредите кои се намените за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на животни, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образобание на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги извршуваат пропишаните мерки за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Планирањето и подготвувањето на активностите за спроведување на мерката радилошка, хемиска и биолошка заштита се врши од страна на органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, установи, служби и трговски друштва.

.Прва медицинска помош

Прва медицинска помош согласно член 88 од Законот за заштита, опфаќа превземање на хигиено-епидемиолошки мерки, укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето-заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

Потребната организација за спроведување на прва медицинска помош се утврдува во плановите за заштита и спасување.

Временскиот рок за пристигнување до најблискиот Медицински центар е 20мин.

3.2.6. - Мерки за заштита на недвижно културно наследство

Според Законот за животна средина (Сл. весник на РМ, бр. 53/05, 81/05,24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14,44/15, 129/15,192/15 , 39/16, 99/18), и
Закон за заштита на природата (Сл. весник на РМ, бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 , 63/16, 113/18), потребно е да се почитуваат мерки за заштита на недвижно културно наследство при планирањето и уредувањето на просторот.
Доколку при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на ово простор, потребно е да се предвидат следните мерки за заштита на природното наследство:
- Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување природното добро или Просторниот план за подрачје со специјална намена;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да севоди надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;
- Почитување на начелата за заштита на природата согласно Закон за заштита на природата.
Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културноисториска вредност, потребно е да се постапи во согласност со - Закон за заштита на културно наследство (Сл.весник на РМ, бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 , 39/16 ,11/18, 20/19), видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменични целини и културни предели. постоечката законска регулатива, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

4. УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

4.1. Проектен опфат

Регулацијата на градежното земјиште односно негово создавање по пат на зафаќање и ограничување на подрачјето на други видиви на земјиште , како и неговото одделување и пренаменување од другите видови на земјиште во градежно земјиште (нулта поделба на градежно земјиште) се врши со линиска планска одредба - граница на проектен опфат
.Во согласност со одобрената Проектна програма за **Урбанистички проект вон плански опфат на урбанистички план за класа на намени Г4.5 Складишта , резервоари и цистерни за нафта , течен гас и нафтени деривати на кп 382,кп 383, кп 384, кп 385 ко Речица Општина Куманово** се уредува проектен опфат од катастарки парцели кп 382,кп 383, кп 384, кп 385 ко Речица Општина Куманово и зафаќа површина од 19300,5567м2 или 1,93ха.

За предметниот проектен опфат изработена е ажурирана геодетска подлога , која ги содржи сите релевантни податоци како и идеен проект во состав на Урбанистички проект.

4.2.Намена на земјиште

Со Урбанистички проект се дефинира и основната класа на намена на градежното земјиште и градбите.Основна класа на намена е дефинирана во согласност со Условите за планирање на просторот

, а согласно Просторниот план на Република Македонија, во чијшто плански опфат спаѓа предметниот проектен опфат за кој се изработува овој УП вон плански опфат **Урбанистички проект вон плански опфат на урбанистички план за класа на намени Г4.5 Складишта , резервоари и цистерни за нафта , течен гас и нафтени деривати на кп 382,кп 383, кп 384, кп 385 ко Речица Општина Куманово** со Y 18610 за кои е добиено и Решение за услови за планирање на просторот бр. бр.15-5152/4 од 16.06.2010 година .

На предметниот проектен опфат се планира изградба на објекти од:

Групата на намена: Г - Рударство , енергетика и индустрија,

Класа на намени :Г4 –Згради за индустрискии сервиси, резервоари , силоси и складишта

Поединечна намена : Г4.5 Складишта , резервоари и цистерни за нафта , течен гас и нафтени деривати

Комплементарни намени во класата на намена :

Поединечни комплементарни намени потребни за негово правилно функционирање (согласно Табелата за класификација на градби и намени)и тоа

Д2 Заштитно и сообраќајно зеленило

Е1 Сообраќајни , линијски идруги инфраструктури

Е1.10.Надземни и подземни складишта за нафта и нафтени производи

Комплементарни намени во класата на намена :

- Градби , инсталации и опрема без кои основната намена не може да се употребува согласно нејзината намена
- Делови од градежни парцели и делови од градби што служат за внатрешен сообраќај и паркирање
- Зеленило
- Делови од парцели или градби што се неопходни за комунални инфраструктури
- Делови од парцела или градби што се неопходни за енергетска инфраструктура
- Во складишта , резервоари и цистерни за нафта , течен гас и нафтени деривати уредени во големи градежни парцели како намена на комплексот се означува класата на намена или намената на основната дејност врзана со природата на складиштето (резервоари , претакалишта,), но во комплексот по правило егзистираат градби со други намени во својство на комплементарни намени и тоа од сите групи на класи на намени доколку има потреба.

Во процесот на спроведување на урбанистичкиот проект (проектирање , издавање на одобрение за градење и градење) во случаи кога се реализира целиот комплекс , референтна (за одредување на вид на сложеност на градба) е основната намена , а во случаи кога се реализираат поединечни градби или делови од комплексот референтни се нивните поединечни намени

На проектниот опфат постојат изградени објекти со намена која не е сменета согласно претходно издаденитеё Услови за планирање , истите се задржуваат и се планираат да се изградат нови објекти со што ќе се зголеми капацитетот на складирање.

Градба 1.1 –1 Портирница (постојна градба) со намена Г4.5 со вкупна површина од 136 м2 , развиена бруто површина од 136м2 со катност П и постојна височина заведена во Имотен лист..

Градба 1.2 - 2 Пумпна станица за ТГ (постојна градба) со намена Г4.5 со вкупна површина од 112 м2 , бруто развиена површина ос 112 м2 со катност СУ и постојна висина согласно Имотен лист .

Градба1.3 - 3 Надземен резервоар за течни горива (постојна градба) со намена Е 1.18 од 83м2 , максимална бруто развиена површина од 83м2 и волумен од 500 м3 зафатнина со максимална постојна височина како приземен објект П според Имотен лист .

Градба 1.4 - 4. Надземен резервоар за течни горива (постојна градба) со намена Е 1.18 од 83м2 , максимална бруто развиена површина од 83м2 и волумен од 500 м3 зафатнина со максимална постојна височина како приземен објект П според Имотен лист .

Градба 1.5 - 5. Настрешница со преточувалиште за ТНГ (постојна градба) со намена Г4.5 со површина од 361м2 и максимална бруто развиена површина од 361 м2 со постојна височина како П приземен објект според Имотен лист .

Градба 1.6 - 6. Пумпно компресорска станица (постојна градба) со намена Г4.5 со површина од 54,0м2 и максимална бруто развиена површина од 54,0 м2 со постојна височина како П приземен објект според Имотен лист .

Градба 1.7 - 7. Настрешница со преточувалиште за ТНГ (постојна градба) со намена Г4.5 со површина од 104м2 и максимална бруто развиена површина од 104 м2 со постојна височина како П приземен објект според Имотен лист .

Градба 1.8 - 8. Инсталации за греење и ветреење (постојна градба) со намена Г4.5 со површина од 16м2 и максимална бруто развиена површина од 16 м2 со постојна височина како П приземен објект според Имотен лист .

Изградба на нови објекти:

Градба 1.9 - 9. Надземен резервоар за течни горива со намена Е 1.10 од 97,12м2 , максимална бруто развиена површина од 97,12 м2 со максимална висина 10,10м како приземен објект П.

Градба 1.10 - 10 Надземен резервоар за течни горива со намена Е 1.10 од 97,12м2 , максимална бруто развиена површина од 97,12 м2 со максимална висина 10,10м како приземен објект П.

Постојни подземни градби:

1. Подземен резервоар за ТНГ - постојна состојба 204м3
2. Постојни надземни острови за претакалиште на ТНГ во состав на објект бр.1,5.-5

Планирани подземни градби:

2. Подземен резервоар за ТНГ намена Е1.10 со површина од 450м2 и В=100м3
2.1. Подземен резервоар за ТНГ намена Е1.10 со површина од 450м2 и В=100м3
2.2. Подземен резервоар за ТНГ намена Е1.10 со површина од 450м2 и В=100м3
2.3. Подземен резервоар за ТНГ намена Е1.10 со површина од 450м2 и В=100м3

Диспозоција и организација на просторот се задржува и се дополнува со новопланирани градби кои ќе бидат разработени во Идејниот проект дел на овој Урбанистички проект.

4.3.Регулаторни линии, граница на градежна парцела и градежна линија и дозволени пречекорувања

Регулаторни линии се регулациона линија , граница на градежна парцела и градежна линија .Регулациона линија е линија на разградничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано земјиште за поединечна употреба.Во графичките прилози означена е регулациона линија со полна зелена линија со дебелина 0,75 мм и истата се поклопува со границата на градежната парцела кон сообраќаен коридор.

Границата на градежна парцела е линија на разграничување на носителите на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели .Во графичките прилози границата на градежна парцела е означена со полна зелена линија со дебелина од 0,5мм.

Согласно условите кои се наведени во **Урбанистички проект вон плански опфат на урбанистички план за класа на намени Г4.5 Складишта , резервоари и цистерни за нафта , течен гас и нафтени деривати на кп 382,кп 383, кп 384, кп 385 ко Речица Општина Куманово** се уредува проектен опфат од катастарки парцели кп 382,кп 383, кп 384, кп 385 ко Речица Општина Куманово и зафаќа површина од 19300,5567м2 или 1,93ха.

Градежна линија е граница на површината за градење внатре во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбите може да се градат.Во графичките прилози градежната линија е означена со полна црна линија со дебелина од 0,5 мм и ознака ГЛ во иста боја.

Со градежната линија во урбанситички план се утврдуваат урбанситичките параметри и условите за градење на идните градби .

Површината за градење е планска одредба со која во урбанситички план се одредува површината од градежно земјиште односно делот од граежната парцела кој се прдвидува за градење на градба.Комплексните градби составени од повеже површини за градење или комплексите што содржат повеќе градби во една градежна парцела по правило се уредуваат во две фази:

- во првата фаза , односно во планскиот дел на урбанистичкиот проект се одредува поголема рамковна површина на градење и се одредува процент на изграденост на земјиштето како планска одредба што кванитативно ја ограничува површината за градее која ќе ја дефинира во урбанистичкиот проект и

- во втората фаза рамковната површина за градење се изработува во урбанситички проект во кој се одредува точната површина за градење , како и нејзина големина и форма.

